# ПРВО ЧОВЕК,

## ПОТОА ГРАДОНАЧАЛНИК!

**ОРЦЕ ЃОРЃИЕВСКИ**



# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ



**Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,**

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите ра- дости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: - твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

**Драги мои луѓе,**

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме! Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

**Со благодарност и надеж,**
**Христијан Мицкоски**


ПРВО ЧОВЕК,
ПОТОА ГРАДОНАЧАЛНИК!

**Почитувани сограѓани,**

Скопје е град на историја, град на спомени, но и град на иднината. Нашата престолнина е симбол на сите предизвици низ кои поминала Македонија. Град кој знаел да се издигне и по катастрофални настани, но и град кој секогаш ја црпел својата сила од луѓето што живеат во него. Денес, повеќе од кога било, Скопје има потреба од визија која ќе го обедини тој дух и ќе го претвори во енергија за нови победи, за нови промени и за нов квалитет на живот.

Со таа мисла ја градам мојата програма за Скопје, но не како листа на обврски, туку како приказна за еден град кој може да биде многу подобар, поправеден и поорганизиран. Ова не е документ кој зборува за невозможни ветувања, туку за проекти што произлегуваат од реалното секојдневие, од реалните потреби на семејствата, младите, пензионерите, спортистите и културните работници. Ова е мојата визија која потекнува од искуството и од докажаните резултати.

Искуството од Општина Кисела Вода е најдобрата потврда дека континуитетот во квалитетната работа носи промени кои се чувствуваат секој ден. Како градоначалник таму, ја имав можноста да докажам дека ништо не е невозможно доколку се работи чесно, одговорно и со јасна цел. Денес, Кисела Вода е препознаена како општина која за неколку години се претвори во пример, со уредена инфраструктура, нови училишта и градинки, спортски центри и современи содржини. Тоа се резултати што секојдневно ги живеат граѓаните.

Токму тој континуитет сакам да го понудам и на Скопје. Континуитет во смисла на надградување на она што е добро и создавање нови вредности за генерациите што доаѓаат. Скопје заслужува лидерство со енергија и решителност, но и со знаење и искуство. Градоначалник кој ќе умее да ја спои визијата со конкретното секојдневие.

Оваа програма е изградена како „Визија 2025–2045“, како една долгорочна проекција за Скопје што не се мери во мандати, туку во генерации. Тоа е план што ќе го води градот во наредните дваесет години, чекор по чекор, со јасни цели и одговорности. Зборуваме за пато-

каз кој ќе создаде стабилни темели за развој и ќе му даде ново лице на градот што ќе го оставиме на идните генерации.

Визијата е изградена врз седум столбови, седум клучни области кои се темел на развојот и иднината на градот. Тоа се визијата за современо и паметно урбано Скопје, здравата животна средина и биодиверзитетот, целосната комунална обнова, културниот идентитет, дигиталната трансформација, поддршката за младите и науката и, секако, јавната грижа и безбедноста. Овие области не се изолирани сегменти, тие се испреплетени и заедно го сочинуваат новото лице на Скопје. Од нив произлегуваат стотици конкретни иницијативи и проекти, речиси по еден за секој ден од годината.

Зад оваа визија стои тим од врвни професори, експерти и практичари од сите области, луѓе кои своето знаење и искуство го вложија во оваа програма. Но, исто толку важно е што во нејзината креација, но и реализација беа и ќе бидат вклучени и граѓаните, преку граѓански форуми, јавни дебати и други форми на учество. Само така ќе создадеме град кој не е наметнат од горе, туку град кој заедно го градиме и во кој секој има свое место.

Со оваа визија Скопје ќе дише преку своите зелени коридори и ќе расте како еколошки град. Ќе се движи со интегриран и ефикасен транспорт, ќе добие современа инфраструктура и јавни простори што повторно ќе им припаѓаат на луѓето. Ќе стане културна престолнина која ќе ја чува меморијата, но и ќе инспирира нови генерации. Ќе биде дигитален и паметен град, отворен за иновации и нови технологии, но и хуман град, што се грижи за сите свои граѓани, без исклучок.

Ова не е само список на проекти. Ова е визија за град што ќе нуди решение секој ден. Град кој ќе стане пример за паметен развој во регионот. Град кој ќе ги обедини своите луѓе и ќе им даде сигурност, надеж и гордост.

Во делот на новата визија за современо Скопје, ќе се формираат Меѓународен борд на консултанти и работни групи од експерти од реномирани светски универзитети , кои работејќи со македонските експерти, ќе ја подготват Стратегијата за одржлив урбан развој за периодот 2025–2045. Јавните конкурси и граѓанските форуми ќе овозможат локална експертиза и учество на граѓаните во анализата на постоечката состојба, основа за новиот ГУП и идниот одржлив развој на градот.

Во областа на здравата животна средина и биодиверзитет, проектот „Генералка на Скопје“ ќе ја мобилизира заедницата за масовно чистење. Програмата „Град без депонии“, со дронови, дигитален надзор и фабрика за рециклажа, ќе транс-

формира целосно управувањето со отпадот. „Пошумување на Скопје“ ќе создаде зелени коридори и ќе ја подобри микроклимата, додека визијата „Скопјани да дишат здрав воздух“ ги интегрира сите мерки – од електрификација на јавниот превоз до постепено забранување на цврсто гориво.

Комуналната инфраструктура ќе биде целосно обновена: изградба на системи за атмосферска и фекална канализација, модерни водоводни мрежи со резервоари и дигитален мониторинг, нови мостови, улици и кружни текови кои ќе го решат сообраќајниот метеж. Јавниот превоз ќе добие еколошки автобуси и градски воз, а велосипедизмот ќе се поддржува системски. Јавните претпријатија ќе се реформираат за ефикасност и транспарентност.

Во делот на култура, Скопје ќе го зајакне својот културен идентитет преку заштита на историското наследство, создавање културни хабови и центри за современа уметност, како и поддршка за локалните креативни заедници. Градот ќе спои урбаната меморија со современи технологии, нудејќи културен капитал, иновации и инклузивно творештво.

Дигиталната трансформација ќе го направи Скопје ефикасен и паметен град. Смарт Центарот ќе ја координира дигитализацијата, ќе овозможи дигитален близнак за реално време мониторинг и управување, е-услуги и паметна картичка за градски сервиси, електронско плаќање на даноци и дигитален пристап до урбанистички документи. Администрацијата ќе работи со целосна транспарентност и отчетност.

За младите и науката, ќе се инвестира во модернизација на училиштата, наставните програми, интеграција на AI и STEM/STEAM методологии, како и постојана обука на наставниците. Ќе се поддржуваат креативни лаборатории, роботика и мултимедија за развој на генерации подготвени за глобалниот пазар и иновативно решавање на проблеми.

Во делот на јавната грижа и безбедност, институциите ќе бидат целосно пристапни, ќе се воведат офицери за асистенција за лица со попреченост, дигитални услуги за лица со оштетен слух, финансиска и стручна помош за семејствата во ризик. Прифатните центри ќе обезбедат 24-часовна грижа, а едукативни центри за лица со ретки болести ќе понудат обуки и дигитални материјали.

Сите овие проекти се долгорочни, предвидуваат реализација низ генерации и се поддржани од тим на експерти, врвни професори и граѓаните кои се активно вклучени. Само така можеме да создадеме Скопје што е модерна, зелена, смарт и ху-

мана метропола, град кој нуди решенија секојдневно и кој расте заедно со своите луѓе.

Почитувани, ова не е моја лична мисија. Ова е наша заедничка приказна. Јас сум само човекот кој ќе ја организира, ќе ја води и ќе ја претвори во реалност. Затоа што Скопје заслужува одлучност, а не колебливост. Скопје заслужува визија, а не импровизација. Скопје заслужува квалитет и континуитет во секоја работа.

Мојата цел е едноставна: Скопје да стане град што секојдневно нуди решенија, а не креира нови проблеми. Град што расте со своите луѓе и за своите луѓе. Град што ќе биде модерна европска метропола, но со душа и со топлина што ја има само Скопје.

Затоа, оваа програма ја посветувам на сите вас, на граѓаните на Скопје. На вашите семејства, на вашите деца, на вашите соништа. Ве покануваам заедно да ја создадеме следната приказна на нашиот град. Да градиме Скопје кое ќе биде дом, гордост и иднина.

**Со почит,**

**Орце Ѓорѓиевски**

| **Тема** | Главни реализирани проекти 2021-2025 во Општина Кисела Вода |
|---|---|
| **Патна и подземна инфраструктура** | 70 км асфалтирани улици, нови паркинзи (1500 места), 11 км фекална канализација, 3.6 км водоводна мрежа, 2 пазари, кино и библиотека |
| **Урбанизам и планирање** | Стопирање ДУП Расадник, меѓународен конкурс за уредување на Расадник, Решени сите предмети за легализација, онлајн ГИС систем |
| **Образование и детска заштита** | 5 нови градинки, 5 проширени, дигитализација на училиштата, ново училиште „Св. Климент Охридски" Драчево, 19 детски игралишта |
| **Спорт и култура** | 16 спортско-рекреативни центри, 22 детски катчиња, 4 спортски сали, реконструкција сала Расадник, Дом на култура |
| **Животна средина и комунални услуги** | 80.000 $м^2$ нови паркови, чистење диви депонии, мерни станици за воздух, еко акции и пречистувачи на воздух |
| **Финансиско работење** | Вратени два стари кредити, буџет 138 милиони денари позитивен биланс, зголемени приходи за 62%, субвенции за млади брачни парови |
| **Локален економски развој** | Инвестиции: Еликсир Дистрибуција, фабрика за кондиторски производи и логистички центар (20 милиони € / 300 работни места), најголемиот Ритејл парк во Македонија на површина од 35.000 м2, членство во OGP |
| **Социјална грижа и инклузија** | „Итно копче" за стари лица, дневни центри, пристапни рампи, Брајово писмо, бесплатен превоз за немоќни, инклузивни паркови |
| **Родова еднаквост** | Обуки за родова перспектива, женско претприемништво, партнерства со UN Women и NDI |
| **Административно работење** | 58 седници, 663 одлуки, 158 програми, Акциски план за млади (2024-2025), борба против булинг |

# Кандидати за советници за Советот на Град Скопје

1. Даме Димитровски
2. Луке Галески
3. Жаклина Шопова
4. Мартин Стојановски
5. Дејан Шишковски
6. Весна Маркоска
7. Сашо Кукески
8. Василка Китановиќ
9. Анета Марковска – Илиевска
10. Мирдита Салиу
11. Александар Николовски
12. Славчо Мисајлески
13. Весна Стоименовска Атанасов
14. Ибраим Сулејман
15. Магдалена Забазновска
16. Мунира Куч
17. Филип Јаневски
18. Борис Шамбевски
19. Никола Стојковски
20. Доце Павлова
21. Валентин Манасиевски
22. Тони Бојковски
23. Даниела Костадинова
24. Љупчо Настоски
25. Љупчо Ристески
26. Даниела Ристовска
27. Никола Груев
28. Емил Алиев
29. Елизабета Стефковска
30. Христина Јовановска
31. Пане Антовски
32. Анита Трајковска
33. Митко Сланинкоски
34. Мартин Талески
35. Кристина Бундовска
36. Димитар Николовски
37. Луна Стефановска
38. Христијан Перчинковски
39. Мато Гласновиќ
40. Милка Чолакова
41. Слаѓана Бошковска
42. Филип Наумовски
43. Никита Шукутковски
44. Марко Костов
45. Мартина Анастасовска



# СТОЛБ 1.

## Нова визија за современо Скопје „Визија за Скопје 25/45“

Скопје до 2045 година ќе биде град кој дише преку своите зелени коридори, се движи преку еколошки и интегрирани транспортни решенија и живее преку јавни простори што ги поврзуваат луѓето, природата и културата. Оваа визија не е само урбанистичка рамка, таа е нов модел на живеење, нов договор меѓу градот и неговите граѓани.

За да се постави темелот на оваа трансформација, ќе се формира Меѓународен борд на консултанти (IBC - International Board of Consultants) по примерот од постземјотресно Скопје, кога во 1964 година, таков борд бил воспоставен од страна на ООН и кога Кензо Танге ја доби првата награда и го постави урбанистичкиот правец на модерниот град. Ќе се формираат и Меѓународни работни групи (International Working Groups) од меѓународни и светски признати истражувачи од универзитетите во Торино, Солун, Љубљана и други, кои ќе овозможат меѓународна експертиза и трансфер на знаења и добри практики низ соработката со локалните експерти. По пат на јавен конкурс, ќе се формираат и работни групи на експерти за урбан развој, кои ќе направат истражување на постоечката состојба во сите области кои се релевантни за изработката на новиот ГУП на Скопје и изработка на анализи и согледувања, проследени со заклучоци и препораки за идниот одржлив развој на градот. Овие анализи ќе бидат основата за изработката на Стратегијата за одржлив урбан развој на Град Скопје за период 2025-2045 која ќе биде сеопфатен план што ги интегрира просторното планирање, мобилноста, зелената инфраструктура, енергетската ефикасност, управувањето со ресурси, социјалната инклузија и заштитата на културното наследство, со цел создавање отпорен, конкурентен и здрав град усогласен со климатските цели и европските стандарди за квалитет на живеење. Градот Скопје повторно ќе стане платформа за светски идеи, но со локален карактер и граѓанска визија.

# СТОЛБ 2.

## Здрава животна средина и биодиверзитет

Современиот град не може да биде здрав, жив и отпорен без темелна грижа за животната средина и биодиверзитетот. Затоа започнуваме со конкретни, заемно поврзани проекти кои ја поставуваат основата за зелена транзиција на Скопје. „Генералка на Скопје“ е симболичен и практичен старт на масовна акција за чистење во првите 72 часа, која ја мобилизира

целата заедница и ја враќа свеста за јавниот простор. Потоа следува четиригодишната програма „Град без депонии“, која со употреба на дронови, селекција, дигитален надзор и фабрика за рециклажа, го менува начинот на управување со отпадот. Паралелно, „Пошумување на Скопје“ носи научно планирано озеленување, зелени коридори и климатска акција што ја подобрува микроклимата и го штити биодиверзитетот. А визијата „Скопјани да дишат здрав воздух“ ги поврзува сите овие мерки-од електрификација на јавниот превоз- до забрана на цврсто гориво, во една цел: Скопје да стане град каде што животната средина не е само тема, туку секојдневна обврска и заедничка грижа.

## СТОЛБ 3.

### Комунална обнова на Скопје

Комуналната инфраструктура во Скопје е во критична состојба, од канализацијата што покрива само третина од градот, до водоводната мрежа која губи 64% од водата. Градот е заглавен во сообраќаен хаос, јавните претпријатија генерираат милионски загуби, а јавниот превоз е на работ на колапс. Затоа започнуваме сеопфатна реформа: ќе испланираме целосен систем на атмосферска и фекална канализација, ќе ја модернизираме водоводната мрежа со нови извори, резервоари и дигитален мониторинг, ќе го решиме сообраќајниот метеж со нови улици, мостови и зони без автомобили. Ќе ја обновиме и унифицираме целата комунална опрема од контејнери, натстрешници до чешми по ЕУ стандарди, ќе ги реформираме јавните претпријатија за да работат ефикасно и транспарентно и ќе го ревитализираме јавниот превоз со еколошки автобуси, а во соработка со Владата ќе воведеме и градски воз како дел од јавниот превоз. Велосипедизмот ќе добие системска поддршка преку целосно прифаќање на барањата на граѓанската иницијатива „На Точак“. Ова не е само инфраструктура, ова е визија за европско, функционално и достоинствено Скопје.

## СТОЛБ 4.

### Скопје - град на слоеви, град на култура

Скопје е град со повеќеслојна меморија кој ја претвора историјата во ресурс за иднината. Од античкиот Скупи, преку римскиот, византискиот и османлискиот период, до југословенската модернизација и трагедијата од 1963 година, градот изгради уникатен урбан и културен идентитет. Земјотресот го претвори Скопје во „Град на солидарноста“, а визионерскиот план на

Кензо Танге остави длабока урбана и културна трага што и денес го дефинира неговото лице. Како главен град на Македонија, Скопје не е само административен и економски центар, туку културна оска и емоционално јадро на нацијата.

Скопје за кое сонуваме е град на културно учество, каде жителите не се само публика, туку и креатори. Тоа е град што ја почитува разновидноста на изразот, создава услови за инклузивно творештво и умее да ја спои урбаната меморија со современи технологии. Втемелен во локалните заедници, а истовремено отворен кон светот, Скопје може да стане место каде луѓето сакаат да дојдат и да останат - затоа што нуди културен идентитет, заедништво и визија за иднината.

Културата, како темел на оваа визија, е многу повеќе од уметност. Таа е начин на живеење, комуникација и создавање; систем на вредности, симболи, јазици, ритуали и традиции што го обликуваат колективниот идентитет. Културата опфаќа уметност - музика, театар, литература, филм и визуелни уметности; наследство - историја, архитектура, обичаи и јазик; секојдневие - нашите практики и односи; креативност и иновација - нови идеи, технологии и изрази; културен капитал - она по што заедницата се препознава и гордее; и отпорност и еманципација - моќта преку културата да се изрази слобода, критика и идентитет.

## СТОЛБ 5.
### Дигитална трансформација на Скопје

Скопје влегува во нова ера на дигитална трансформација. Во следниот мандат ќе се воспостави Смарт Центар - координативно тело за сите проекти поврзани со дигиталната трансформација на градот. Ќе се овозможат брзи е-услуги, паметно управување со транспорт, отпад и јавни ресурси, а секоја одлука ќе се темели на податоци и анализи. Граѓаните ќе добијат дигитални алатки за директна комуникација, учество и контрола.
Ќе се развие дигитален близнак на Скопје - платформа што интегрира просторни податоци, сензори и документи, овозможувајќи реално време мониторинг, планирање и управување. Градскиот портал ќе обедини сите јавни услуги на едно место, достапно за граѓани, бизниси и институции. Ќе се воведе паметна картичка за сите градски услуги, со посебни поволности за ранливи категории и субвенции за зелена транзиција. Проектот е-даноци ќе го скрати времето за решенија и уплата на да-

ноци на само 5 дена, со целосна онлајн достапност. Ќе се реформира Адресниот систем преку мапирање, QR-кодови и електронски потврди за живеалиште. Скопје ќе примени AI за класификација на проблеми, оптимизација на превоз и инклузивно планирање.

Урбанистичките документи ќе бидат достапни дигитално, со електронски потпис. Ќе се воведе ERP и ДМС систем за целосна дигитализација на административните процеси, со транспарентност и отчетност. Советот ќе работи електронски, а сите седници и документи ќе бидат достапни за јавноста. Ќе се дигитализира управувањето со проекти, со отворена евиденција за трошоци, динамика и резултати. Скопје ќе стане паметна, ефикасна и европска метропола - град што работи брзо, правично и во служба на граѓаните.

## СТОЛБ 6.
### Скопје - Град на младите и науката

Визијата за образованието во Скопје до 2045 година е да се создаде отворен инклузивен и современ образовен систем кој одговара на предизвиците на 21 век. Образованието треба да обезбеди еднаков пристап за сите ученици и студенти, независно од нивната социјална, етничка или економска позадина и да развива креативни, критички и аналитички вештини потребни за иднината.

Скопје ќе вложи во модернизација на наставните програми, дигитална трансформација на училиштата, подобрување на инфраструктурата и континуирана обука на наставниот кадар.

Посебен акцент ќе се стави на интеграција на вештачката интелигенција (AI) во наставата, како алатка за персонализирано учење, анализа на податоци и поттикнување на иновативно размислување.

Дополнително, образованието ќе развива модели на креативност и примена на креативни алатки, од дигиталната технологија и мултимедија до роботика и STEM/STEAM програми - кои ќе ја поттикнуваат креативната самодоверба на учениците.

До 2045 година, целта е да се изгради систем кој не само што подготвува за пазарот на труд, туку создава генерации способни за иновативно решавање проблеми, функционално изразување и одговорно граѓанство.

# СТОЛБ 7.

## Јавна грижа и безбедност

Градот Скопје се обврзува да обезбеди праведна и одржлива поддршка за граѓаните во социјален ризик. Преку децентрализирано планирање и засилена улога на локалните чинители, ќе се развиваат услуги што одговараат на реалните потреби. Целта е изградба на инклузивен град каде лицата со попреченост, старите лица и семејствата во ризик добиваат ефикасна и достапна грижа.

Институциите ќе бидат целосно пристапни, ќе се воведе офицер за асистенција, а дигиталната комуникација ќе биде прилагодена за лица со оштетен слух. Ќе се обезбеди финансиска и стручна помош, програми за вработување и психосоцијална поддршка, како и преквалификација за економска независност. Прифатните центри ќе понудат 24-часовна грижа, основни услови за живот и ресоцијализација.

Градот ќе соработува со граѓанските организации, меѓународните партнери и заедниците, ќе ја подигне јавната свест и ќе воведе иновативни дигитални решенија. За лицата со дијабет и ретки болести ќе се отвори едукативен центар, ќе се организираат обуки и ќе се креира дигитална платформа со информации и видео-едукации.











# СТОЛБ 1.
# Визија за Скопје 25/45

## Совет за урбан развој

Советот за урбан развој на Скопје претставува стручно и инклузивно тело составено од истакнати архитекти, експерти од градежништво, земјишната политика и јавната администрација, претставници од Комората на овластени архитекти и овластени инженери и релевантни невладини организации, со цел да обезбеди системски, одржлив и современ урбан развој на градот. Советот ќе делува како професионална поддршка на градоначалникот и градската администрација, гарантирајќи транспарентност, отчетност и усогласеност со европските стандарди во планирање и градење, додека истовремено промовира иновативни решенија, јавна дебати за долгорочна визија за Скопје како модерен, зелен и функционален европски град.

## Градски архитект

Го враќаме Градскиот архитект како клучна фигура во урбаната трансформација на Скопје експерт со јасни ингеренции, мерливи цели и силна јавна поддршка, кој ја преведува европската пракса во локален контекст и создава „архитектура за луѓето“. Оваа функција ќе обезбеди долгорочна урбана кохезија, културна виталност и конкурентност, водејќи го Скопје кон зелена, дигитална и европски атрактивна метропола за младите генерации.

## Урбан Центар Скопје

Урбанистичкото планирање мора да се врати во рацете на градот и граѓаните. Затоа, ќе формираме ново Јавно претпријатие за урбанистичко планирање, кое ќе ги изработува урбанистичко плански документации за градот Скопје како и со можност за скопските општини усогласени со „ Визија за Скопје 25/45“, со европски стандарди и со јасна грижа за јавниот интерес. Ова претпријатие ќе биде професионално, независно и транспарентно, со јасна обврска да работи во корист на градот, а не на приватни интереси.

Со оваа реформа, ќе ги намалиме трошоците за изработка на планови, ќе го скратиме времето за нивно донесување и ќе обезбедиме јавна контрола врз секој чекор од процесот. Граѓаните ќе знаат кој планира, што се планира и зошто. Скопје ќе добие урбанизам што не се води од хаос и импровизација, туку од визија, стручност и јавна одговорност.

## Стратегија за развој на јавниот простор во градот

Стратегијата за развој на јавниот простор во Скопје ќе ги дефинира визијата, целите, индикаторите, мерките и активностите за одржлив развој на јавниот простор во градот како исклучително важна категорија на јавна, просторна и општествена инфраструктура. Стратегијата ќе постави стан-

дарди за квалитет, функционалност и естетика, интегрирајќи одржливост, пристапност и инклузивност на јавниот простор. Ќе содржи насоки за употребени материјали, зеленило, урбана опрема, осветлување и уметнички елементи, со очекувани придобивки од покохерентни, безбедни и атрактивни јавни простори што поттикнуваат социјална интеракција, културен идентитет и урбана виталност.

### ✓ Меѓународен борд на консултанти (IBC - International Board of Consultants)

Целта на меѓународниот борд на консултанти е да обезбеди висок степен на политичко и меѓународно легитимирање и потврда на политиките за урбан развој и за истражувањата и активностите кои ќе бидат реализирани во процесот на подготовката на новиот ГУП. IBC - International Board of Consultants бил воспоставен и во 1964 година од страна на ООН со цел обезбедување политичка и стручна помош и меѓународна поддршка на највисоко ниво.

### ✓ Меѓународни работни групи (International Working Groups)

Целта на меѓународните работни групи е да обезбеди форум за учество на меѓународни и светски признати истражувачи од универзитетите во Торино, Солун, Љубљана и други. Меѓународните работни групи составени од професори истражувачи, млади истражувачи и студенти ќе работат на изработка на студии на теми и деловите од градот кои се особено важни за градот и ќе овозможат меѓународна експертиза и трансфер на знаења и добри практики низ соработката со локалните експерти.

### ✓ Работни групи на експерти за урбан развој

Целта на работните групи на локални експерти кои ќе бидат обезбедени преку јавен повик и во соработка со врвните научни и академски институции во државата, е да обезбедат експертиза за истражување на постоечката состојба во сите области кои се релевантни за изработката на ГУП-от на Скопје и изработка на анализи и согледувања, проследени со заклучоци и препораки за идниот одржлив развој на градот. Овие анализи ќе бидат основата за изработката на Стратегијата за одржлив урбан развој на Град Скопје за период 2025-2045.

### ✓ Урбан форум на граѓански и невладини организации

Целта на овој форум е да овозможи простор за претставување и застапување на интересите на граѓаните низ синергија со општествените органи-

зации и институции, со што ќе се овозможи и висок степен на транспарентност и инклузивност во процесот на изработката на новиот ГУП на Скопје.
Вклучување на младите во процесот на донесување на Генералниот урбанистички план.

Ќе обезбедиме активно вклучување на младите во процесот на донесување на Генералниот урбанистички план, преку консултации, јавни дебати и младински форуми. Урбаните решенија мора да ги одразуваат потребите и визиите на идните генерации. Со оваа мерка ќе поттикнеме поинклузивно, функционално и одржливо урбано планирање, кое го подобрува квалитетот на живот на младите и ја зајакнува нивната улога во обликувањето на градот.

## ✓ Нов ГУП на Град Скопје

Генерален урбанистички план (ГУП) на Град Скопје, ќе се донесе врз основа на „Визија за Скопје 25/45“ , со што ќе се постави темел за долгорочен, одржлив и европски ориентиран развој на градот. Во новиот ГУП како 10 годишен план за Скопје, ќе се имплементираат приоритетни мерки од визијата, кои предвидуваат рационално ширење, зелени коридори, функционални јавни простори, модерна сообраќајна и комунална инфраструктура и дигитална трансформација на урбаното управување. Новиот ГУП ќе овозможи транспарентно планирање, подобра распределба на ресурсите и ќе го зајакне јавниот интерес преку вклучување на граѓаните, стручната јавност и институциите во процесот на креирање на градот на иднината.

## ✓ Скопје Урбан Лаб

Целта на оваа лабораторија е да собира податоци и да спроведува континуиран мониторинг на степенот на реализацијата на урбанистичките планови на територијата на Град Скопје, да документира различни состојби во градот, да предлага решенија и спроведува сеопфатна комуникација со граѓаните на Скопје за сите урбани проекти.

## ✓ Урбан атлас на Скопје

Атласот за Скопје би содржел оригинални дигитални мапи и анализи што прикажуваат како градот се менува кон одржлив урбан развој - преку зелени јавни простори, подобрен јавен превоз, енергетска ефикасност, локални економии и инклузивни заедници - отстранувајќи пречки како загадување, сообраќајна преоптовареност и социјална нееднаквост. Потребен е за информирано планирање и ќе им овозможи на граѓаните активно да учествуваат и да добијат поквалитетно, поздраво и поинклузивно живеење за сите.

## ✓ Јавен архитектонско-урбанистички конкурс за секој нов јавен објект

Јавниот конкурс ќе биде задолжителен механизам за секој нов јавен објект кој ќе се гради во Скопје. Јавниот конкурс претставува суштински чекор кон транспарентно, квалитетно и инклузивно урбано планирање, во согласност со европските стандарди и најдобри практики. Преку јавниот конкурс ќе поттикнеме иновативност, архитектонска извонредност и фер конкуренција, овозможувајќи избор на најсоодветни решенија преку стручно жири и јавна дебата. Ваквиот пристап гарантира дека јавните инвестиции резултираат со функционални, естетски и одржливи објекти кои долгорочно ја подобруваат урбаната средина.










# СТОЛБ 2.
# Здрава животна средина и биодиверзитет

# СКОПСКО НЕБО (ЧИСТ ВОЗДУХ)

## План за чист воздух

За загадувањето на воздухот во Скопје има изработено многубројни студии кои прецизно го лоцираат проблемот на загадениот воздух во Скопје. Студијата за „Справување со загадувањето на воздухот во град Скопје“ финансирана од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА), како главен загадувач го детектира согорувањето на дрва и јаглен, како  најголем извор на ПМ честички, додека како други извори на загадување се и мазутот, нафтата, минералната прашина ресуспензијата од улици, палење отпад, градежништвото преку рушење, ископи и тешки возила без контрола, превозот, сообраќајот итн.

Нашиот план за чист воздух е преземање на мерки преку конкретни проекти наведени во оваа програма за: Замена на начини на затоплување преку преод од огревно дрво кон користење на топловодната мрежа преку нејзино ширење кон периферните населби на градот, понатаму, премин на обновливи извори на енергија, поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата преку субвенции од Еко-фондот и техничка поддршка, унапредување на мониторинг системот преку проширување и модернизација на систем за мерење на квалитетот на воздухот, засилување на инспекцискиот надзор, изработка на локални планови за намалување на загадувањето, воведување на еколошки јавен транспорт и сообраќајни режими, поттикнување на изградба на велосипедски и пешачки патеки, намалување на употребата на приватни возила и користење на јавен превоз, контрола на градежни активности преку строги правила за градежна прашина,  зголемување на зелените површини, изградба на мега-паркови и проширување на градското зеленило и заштита од еолска ерозија и подобрување на микро климатските услови. Градот најголем дел од овие активности ќе ги подржи преку Еко фондот.

## Совет за чисто Скопје

Ќе формираме **„Совет за чисто Скопје“** како инклузивна платформа во која членуваат експерти за екологија, граѓански организации, претставници од приватниот сектор и локалната самоуправа. Советот ќе ги следи активностите на сите чинители ќе дава насоки и препораки и ќе ја информира јавноста. Со силна медиумска поддршка, ангажман на јавни личности и креативни кампањи, иницијативата ќе придонесе за почист воздух, намалување на отпадот, подобро управување со јавните површини и зголемена еколошка свест кај граѓаните.

## Еко фонд

Проектот **„Еко фонд“** ќе обезбедува финансиска поддршка за проекти кои промовираат енергетска ефикасност, користење на обновливи извори на енергија, заштита на животната средина и справување со климатските промени, со цел да се поттикне одржлив развој, да се намалат емисиите на штетни гасови и да се подобри квалитетот на животот. Проектот „Еко фонд“ има за цел создавање на посебен финансиски механизам за субвенционирање на електрични такси возила, енергетски ефикасни фасади, употреба на еко горива и слично, со средства обезбедени од Градот, Европската Унија и други меѓународни фондови. Фондот ќе биде насочен кон граѓаните, бизнисите и јавните институции, со јасни критериуми и транспарентна распределба. Крајната цел е намалување на загадувањето и транзиција кон **„Скопје без јаглероден диоксид“**, град што инвестира во здрава животна средина, чист воздух и одржлива мобилност. „Еко фонд“ е чекор кон зелена економија, европски стандарди и конкретна климатска акција на локално ниво.

### ЕКО ФОНД ќе финансира:

- Воведување субвенции за инвертер клими и соларни панели за домаќинства што користат огревни дрва;
- Воведување субвенции и шеми за такси возила со нулта или ниска-емисија (incl LPG/TNG, Hybrid and Electric cars);
- Грантови за работодавци и локални власти кои ги поттикнуваат вработените и клиентите да возат велосипеди или да одат пешки;
- Изработка на документи за енергетска ефикасност;
- Стимулирање (субвенции) на користење на современи уреди за затоплување со повисок коефициент на искористување со електрична енергија на граѓаните;
- Стимулирање (субвенции) на користење на фотоволтаични системи кај граѓаните;
- Субвенции за набавка на нови велосипеди/електрични велосипеди/опрема за велосипеди/тротинети;
- Субвенционирање граѓаните за замена на азбестни покриви;
- Субвенционирање граѓаните за чистење на оџаци.

## Генералка на Скопје

**„Генералка на Скопје“** е иницијатива за темелно чистење на градот во првите 72 часа од преземањето на функцијата Градоначалник и тоа преку здружени напори на јавните претпријатија, општествено одговорни компании, граѓаните, невладините организации и образовните институции. Проектот ќе започне со масовна акција за чистење низ сите општини, проследена со редовни месечни микро акции, едукативни кампањи и дигитална платформа за пријавување на загадени локации. Целта е да се поттикне свеста за важноста на животната средина и да се создаде култура на одговорност и грижа за јавниот простор. На долгорочен план, „Генералка на Скопје“ ќе биде одржлив модел преку Советот за чисто Скопје.

## Еко бригади 24/7

Скопје ќе добие целосно нов стандард за јавна хигиена преку проектот **„Еко Бригади 24/7“,** кој предвидува секојдневно миење на плоштадот, кејот и улицата “Македонија” со вода под висок притисок. За таа цел ќе се набават тивки електрични возила кои не ја оштетуваат инфраструктурата, а овозможуваат еколошко и ефикасно чистење. Ќе се воведе забрана за влез на моторни возила во централните зони, со алтернативни паркинг решенија за засегнатите компании. Секое оштетување на урбаниот простор ќе се санира на трошок на сторителот, со цел да се заштити јавниот имот. Паралелно, ќе се формираат и Еко бригади од по 15 професионалци кои ќе чистат нелегални депонии пет дена неделно, цела година. Тимот ќе биде опремен со механизација и ќе ги идентификува, документира и исчисти сите жаришта со несоодветен отпад. По секоја интервенција ќе се поставуваат нови точки за собирање отпад, во координација со ЈП “Комунална хигиена”. На критичните локации ќе се инсталира видео надзор за да се спречи повторно загадување и да се заштити јавниот простор. Проектот ќе го подобри визуелниот и еколошкиот квалитет на градот, ќе ја зголеми безбедноста и ќе ја поттикне свеста кај граѓаните. Скопје ќе се позиционира како пример за одржливо и достоинствено урбано управување.

## Пошумување на Градот

Проектот **„Пошумување на Градот“** има за цел изготвување стратешки план за систематско озеленување на Скопје, преку утврдување на жешки точки избор на соодветни видови дрвја и создавање зелени коридори низ градот. Со научно базиран пристап, ќе се планираат интервенции што директно влијаат врз микроклимата. Илустративно, 1.200 нови дрвја

ја намалуваат температурата за 1 степен. Проектот е дел од еколошката транзиција на Скопје, со фокус на здрав воздух, урбана отпорност и подобар квалитет на живот. Пошумувањето не е само естетика тоа е климатска акција, јавна заштита и инвестиција во иднината на градот.

### ✓ Скопски зелени коридори

Целта на урбаните зелени коридори во Скопје е поврзување на постојните и нови зелени површини во единствена мрежа за справување со климатските промени и подобрување на состојбата со урбаните топлински острови, одржливата мобилност и подобрување на квалитетот на воздух. Елементите опфаќаат дрвореди, велосипедски и пешачки патеки, урбано зеленило и рекреативни зони. Очекувани резултати се зголемен биодиверзитет, климатска отпорност, социјална кохезија и подобро урбано здравје.

### ✓ Нов комунален ред - „Скопје - уредено, усогласено, убаво“

**„Скопје - уредено, усогласено, убаво“** е визионерски проект за воспоставување единствен комунален ред и визуелна кохезија во градот. Целта е да се создаде функционална, чиста и естетски усогласена урбана средина, достапна за сите граѓани, без разлика на населбата или социјалниот статус.

Проектот предвидува врз основа на Стратегијата за развој на јавниот простор во градот да се направи стандардизирање на целата комунална инфраструктура во Скопје. Сите клупи, канти за отпадоци, осветлување, тенди, чадори и натстрешници ќе добијат унифициран дизајн, материјали и боја, со што ќе се постигне визуелна хармонија и препознатливост на јавниот простор. Канти за отпадоци ќе бидат поставени на соодветни локации, со што ќе се подобри хигиената и ќе се намали загадувањето. Клупите ќе бидат дизајнирани со пристапност за постари лица и лица со попреченост, а осветлувањето ќе биде енергетски ефикасно и безбедно. Посебен акцент се става на реконструкција и изградба на јавни тоалети, со современ стандард, квалитетно одржување и пристапност за сите категории граѓани. Тоалетите ќе бидат стратешки распоредени низ градот, особено во зони со висока фреквенција на движење, туристички локации и јавни паркови.

Тендите, чадорите и натстрешниците кај кафулињата, ресторантите, уличните продавачи, автобуските постојки и јавните површини ќе бидат со единствена форма и боја, со што ќе се елиминира визуелниот хаос и ќе се создаде уреден урбан амбиент. Овој пристап ќе овозможи лесна иден-

тификација на јавните услуги и ќе го подобри визуелниот идентитет на Скопје.

### ✓ Приклучување на мисијата на ЕУ за „Климатски неутрални и паметни градови“

Проектот за приклучување на Скопје кон мисијата на Европската Унија за „Климатски неутрални и паметни градови“ претставува стратешка иницијатива за трансформација на урбаното живеење преку зелени инвестиции, дигитална иновација и инклузивна мобилност. Со активно учество во оваа европска мисија, Скопје се позиционира како град кој ги следи највисоките стандарди за одржливост, енергетска ефикасност и климатска отпорност, со цел да стане Јаглерод Диоксид-неутрална метропола до 2030 година. Проектот овозможува пристап до техничка поддршка, финансиски инструменти и знаење од европската заедница, поттикнувајќи локални политики усогласени со Зелената агенда на ЕУ. Преку интегрирани решенија за јавен транспорт, обновливи извори на енергија и дигитална инфраструктура, Скопје ќе придонесе кон заедничката европска цел за климатска неутралност. Ова партнерство ја зајакнува регионалната конкурентност, ја подобрува животната средина и ја афирмира улогата на градот како активен чинител во европските климатски трансформации.

### ✓ Воспоставување редовно и транспарентно следење на аерозагадувањето на ПМ10 и ПМ 2,5 од индустриски капацитети

Како дел од нашата заложба за здрава и чиста животна средина, ќе поставиме мерни станици за воздух и бучава кај сите големи загадувачи во Скопје, со редовно и транспарентно следење на ПМ10 и ПМ2.5 честичките од индустриски капацитети од Б категорија. Оваа мерка ќе овозможи подобра заштита на здравјето, јавно достапни податоци, зголемена еколошка свест, притисок за усогласување со еко-стандарди и усогласување со европските директиви Скопје како град што мери, реагира и штити.

### ✓ Пилот проект Зона со ниска емисија (Low Emision Zones)

Зоните на ниска емисија се урбани подрачја со ограничен пристап за возила со високи емисии на издувни гасови, со мисија да се намали загадувањето на воздухот и бучавата. Ќе се имплементираат преку регулативи, контрола и стимул за чист транспорт. Очекувани придобивки се подобро јавно здравје, почиста животна средина и зголемен квалитет на живеење.

### Пречистувачи за воздух на отворено

Проектот предвидува поставување на пречистувачи на воздух по парковите и други отворени јавни површини како плоштади, автобуски и железнички станици, училишни дворови, индустриски зони и зони со густ сообраќај. Со овој проект ќе се направат микро-простори со чист воздух, како преодно решение до имплементацијата на Планот за чист воздух.

### Електричен полнач на 100 локации

Проектот **„Електричен полнач на 100 локации"** има за цел забрзување на транзицијата кон еколошки возила преку поставување електрични полначи на 100 јавни и комунални паркинг простори во Скопје. Со ова, градот активно ќе го поттикне користењето на електрични возила и ќе го намали загадувањето од транспортот, како  најголеми загадувач во урбаното јадро. Проектот е дел од пошироката стратегија за Скопје без јаглероден диоксид, со поддршка од ЕУ и други зелени фондови. Електричниот полнач не е само инфраструктура, туку сигнал дека Скопје избира чист воздух, одржлива мобилност и европска иднина.

## СКОПСКИ ПАРКОВИ

### Мега парк Вардариште

Вардариште ќе го трансформираме од симбол на урбано запоставување во европски пример за зелена рекултивација, целосно усогласена со согласно ЕУ директивите за ремедијација, пошумување и биолошка рекултивација. Согласно Физибилити студија, ќе изградиме парк, мини голф, пеинтбол терени и расадник на рози, со зелени зони и спортско-рекреативни површини, достапни за сите граѓани. Проектот ќе се реализира во рок од 26 месеци, со транспарентна динамика, геомеханички анализи и биолошка рекултивација, претворајќи ја старата депонија во безбедна, функционална и зелена јавна површина. Ова е нашата визија за Скопје град што живее во склад со природата и европските вредности.

### Градска шума - Расадник Кисела Вода

Врз основа на резултатите од меѓународниот конкурс за Расадник, Град Скопје ќе пристапи кон изградба на **Градска шума - мега парк во Расадник**, Кисела Вода, како најголем зелен проект во урбано подрачје. Овој простор ќе се трансформира во еколошка зона со висока апсорпциона моќ,

што ќе придонесе за намалување на загадувањето и подобрување на микро климатските услови. Мега паркот ќе овозможи рекреација, социјална интеракција и подобрување на здравјето на граѓаните, особено во густо населените делови. Проектот е во согласност со европските вредности за одржливост, биодиверзитет и пристап до зелени површини за сите. Ќе се поттикне активна мобилност преку изградба на велосипедски и пешачки патеки, со што се намалува зависноста од моторен сообраќај. Паркот ќе биде пример за зелена транзиција и може да се квалификува за финансирање преку ЕУ фондови за животна средина и климатска адаптација. Со овој проект, Скопје се позиционира како европски град што инвестира во здравје, природа и иднина.

### ✓ Мега Парк Лепенец

Мега парк Лепенец ќе го претвори запуштеното подрачје спроти паркот во Ѓорче Петров во современ зелен простор, уреден по европски стандарди. Со овој проект, не само што се враќа животот на заборавеното градско ткиво, туку се создава нова урбана оаза за рекреација, спорт и семејни активности.

### ✓ Мега парк долж булеварот “Христијан Тодоровски Карпош”

Ќе изградиме нов мега парк долж булеварот “Христијан Тодоровски Карпош”, прв зелен коридор од ваков обем во Општина Бутел. Од запуштен простор до современа урбана оаза, овој парк ќе понуди зелени површини, детски игралишта, пешачки патеки, фитнес зони и катчиња за пензионери и миленици.

### ✓ 50 Мали маалски паркови (Скопски зелен архипелаг)

Планирање, проектирање и изведба на 50 микро паркови (200-500 м2) во градските квартови, реализирани низ партиципативен буџет со локалната заедница. Проект за проектирање и изградба на зелени острови во град Скопје, како одговор на проблемот на топлинските острови во градот и интервенција со дополнително озеленување на јавните простори на критичните места во градот. Создавање на систем од мали зелени острови кои го намалуваат индексот на загревање на градот.

### ✓ Целосна обнова на Градскиот парк во Скопје

Целосна обнова на Градскиот парк во Скопје, со акцент на враќање на неговата јавна функција и достапност за сите граѓани. Проектот предвидува ревитализација на зеленилото, подобрување на инфраструктурата,

воведување на паметни решенија за одржување и безбедност, како и инклузивен дизајн што гарантира пристап за лица со попреченост. Градскиот парк повторно ќе стане срцето на Скопје простор за одмор, култура, спорт и заедништво, во согласност со европските стандарди за урбана одржливост и јавен интерес.

### ✓ Целосна обнова на Паркот на природата - Гази Баба

Целосната обнова на Паркот на природата-Гази Баба ќе го трансформира овој значаен еколошки и рекреативен простор во зелено срце на источниот дел од Скопје. Проектот опфаќа уредување на пешачки и велосипедски патеки, обновување на автохтоната флора, поставување на едукативни и интерактивни содржини за деца и млади, како и воведување на системи за мониторинг и заштита на биодиверзитетот. Со ова, паркот ќе стане пример за одржливо управување со природни ресурси, ќе го поттикне еко-туризмот и ќе обезбеди здраво и достапно место за одмор, спорт и учење за сите генерации.

### ✓ Инцијатива за обнова на Ботаничката градина

Инцијативата за обнова на скопската Ботаничка градина, во партнерство со УКИМ, фондации и граѓански организации, има за цел да ја ревитализира оваа значајна едукативна и еколошка локација преку научна експертиза, волонтерска поддршка и европски стандарди за одржливост. Проектот предвидува засадување автохтони и ендемични растенија, изградба на едукативни простори и воведување на системи за наводнување и мониторинг, во согласност со ЕУ рамковната директива за биодиверзитет и зелени урбани површини. Придобивките вклучуваат подобрување на урбаната микроклима, зголемена јавна свест за екологијата, создавање простор за научна и граѓанска интеракција. Градината ќе служи како жив лабораториски и образовен ресурс за студенти, истражувачи и посетители.

### ✓ Зелена рамнотежа: Одржување, мониторинг и инклузија

Целта на овој проект е да обезбедиме уредено, чисто и функционално јавно зеленило, кое ќе биде достапно, одржливо и транспарентно управувано. За таа цел, се предвидува систематско и ефикасно одржување на сите типови зелени површини -од булеварски дрвореди и паркови, до периурбани шуми и институционални простори. Одржувањето ќе се врши со соодветна механизација и обучен кадар, според јасно дефинирани стандарди за косење, наводнување, чистење и поткастрување. Се-

кој парк, секој дрворед ќе биде евидентиран во геопросторна платформа со уникатен идентификатор, а сите интервенции ќе се документираат во електронски дневник со фото запис и забелешки за состојбата. Мониторингот ќе се заснова на јасни индикатори за перформанси, како процент на навремено покосени и наводнети површини, состојба на парковскиот инвентар и брзина на одговор на граѓански пријави. Месечните извештаи ќе бидат јавно достапни преку општинскиот веб-сајт, со интерактивна мапа и QR кодови на терен за директна комуникација. Проектот предвидува и квалитативна евалуација преку сезонски инспекции, анкети за задоволство и вклучување на ученици и студенти во граѓански мониторинг. Ова е модел за зелена инфраструктура кој ги спојува европските стандарди, дигиталната отчетност и локалната инклузивност.

### Камери за мониторинг и заштита на јавните паркови и урбаната опрема

Во јавните паркови честопати се случуваат оштетувања, кражби и вандализам врз урбаната опрема (клупи, канделабри, спортски реквизити и сл.), што директно го намалува квалитетот на јавниот простор и можноста за квалитетно поминување на слободното време - особено за младите. Воспоставување систем за видеонадзор ќе придонесе кон заштита на опремата и зголемена безбедност.

## СКОПСКИ РЕКИ (ЧИСТА ВОДА)

### Жив Вардар

Во Скопје што го чува своето срце, реката Вардар не е само воден тек , таа е идентитет, историја и потенцијал за живот. Ќе покренеме проект „Жив Вардар“, со целосна заштита, ревитализација и интеграција на реката во урбаниот живот. Проектот ќе опфати системско прочистување на водата, контрола на индустриските и комунални испусти, засилена инспекција и дигитално следење на квалитетот на водата. Ќе се воведат зелени појаси, биолошки филтри и природни бариери за спречување на загадување, а Вардар ќе стане пример за еколошка обнова во урбан контекст.

Проектот ќе се реализира во партнерство со научни институции, граѓански организации и европски фондови, со цел Скопје да го врати Вардар како чист, достапен и горд симбол на градот.

## Сино-зелен коридор

Проектот **„Сино-зелен коридор“** е проект за воведување на сино-зелен коридор на Вардар со соодветно пошумување на кејот, пејсажно уредување на кејот и нови спортски терени и континуирана велосипедска и пешачка патека од двете страни на реката и екстензија на патеките вон урбаната зона.

## Кеј на Река Вардар од Ѓорче до Лисиче

Проектот за уредување на кејот на Вардар од Сарај до Лисиче претставува визионерска интервенција која ја трансформира реката во главна урбана оска на Скопје. Со континуирана пешачка и велосипедска патека, зелени појаси и јавни простори за спорт, култура и одмор, Вардар ќе стане простор за поврзување, а не граница. Ќе се воведе паметна инфраструктура, осветлување, информативни табли и дигитално следење на квалитетот на водата, со цел да се обезбеди безбедност, транспарентност и еколошка одржливост.

Проектот ќе ги обедини општините Сарај, Карпош, Центар и Аеродром во заедничка платформа за управување, инспекција и одржување, со поддршка од европски фондови и локални партнери. Кејот ќе стане пример за интегрирана урбана ревитализација, каде природата, инфраструктурата и заедницата се во хармонија. Овој коридор ќе го врати Вардар како жив симбол на Скопје , достапен, чист и полн со живот.

## Продолжување на кеј на р. Вардар кон Горно Лисиче (од Железнички мост до Маркова река)

Со продолжување на кејот на реката Вардар од Железничкиот мост до Маркова Река, го отвораме источниот влез кон Горно Лисиче не само како инфраструктурен проект, туку како нова животна артерија за граѓаните. Овој потег ќе донесе уредени пешачки и велосипедски патеки, зелени појаси и јавни простори за рекреација.

## Рекултивација на реката Серава

Рекултивацијата на реката Серава претставува уникатен проект со долгорочни еколошки, социјални и економски бенефити. Со внимателно планирање и соработка со експерти, Општина Бутел ќе добие одржлива инфраструктура што ќе ја зголеми вредноста на просторот и ќе го подобри квалитетот на живот на граѓаните. Ова не е само проект за рекултивација на реката, туку е проект за подобар живот, за зелена иднина и за созда-

вање нов белег на Општина Бутел. Со разумна инвестиција, но со голема визија, ќе ја претвориме Серава во гордост на нашата заедница.

### ✓ Чистење и уредување на Маркова Река

Маркова Река, која во блиското минато беше извор на поплави и ризик за жителите, конечно добива системско решение. Во првата фаза се предвидува целосно чистење на коритото, а потоа и негово уредување со урбани содржини што ќе го трансформира во безбедна, зелена и функционална врска меѓу Општините Кисела Вода и Аеродром и реката Вардар. Овој проект не само што ќе ја подобри заштитата од поплави, туку ќе создаде нов простор за рекреација, мобилност и меѓу општинско поврзување пример за модерна, одржлива урбана трансформација.

### ✓ Дигитален мониторинг и управување со градските канали и сливови на Лепенец и Вардар

Проектот за дигитален мониторинг и управување со градските канали и сливови на Лепенец и Вардар има за цел да воспостави интегриран систем за следење, анализа и управување со водните текови во урбаниот контекст. Преку употреба на сензори, геопросторни технологии и автоматизирани платформи, се овозможува навремено откривање на ризици од поплави, загадување и структурни дефекти. Овој пристап ја засилува отпорноста на градот, ја подобрува еколошката состојба и овозможува транспарентност кон јавноста. Проектот е усогласен со европските директиви за води и поплави, промовирајќи управување по речни сливови и отворени податоци. Примената на добри практики од ЕУ, како што се SCADA системи и GIS модели, овозможува прецизно и одговорно управување. Придобивките вклучуваат подобра координација меѓу институциите, зголемена безбедност за граѓаните и рационално користење на ресурсите.

### ✓ Замена на неупотребувани асфалтни површини

Проект за ослободување на неупотребувани асфалтирани површини во градот и нивна замена со зелени пермеабилни површини со цел зголемувањето на апсорпционата моќ на почвата и намалување на ризици од поплави.

# ПЛАН ЗА ОТПАД

**Прва година: Итни мерки и поставување основа**

## Итно чистење и санација на мини депонии и депонии:

Во првите шест месеци ќе започнеме со итна акција за расчистување на мини и диви депонии, со цел значително да го намалиме хаосот и ризиците по здравјето и животната средина. Ќе ангажираме дополнителна механизација и работна сила од јавното претпријатие, а по потреба и од општествено одговорни компании, за брзо и ефикасно расчистување на критичните локации. Истовремено, ќе поставиме привремени контејнери на најзагрозените точки, како прв чекор кон системско управување со отпадот и воспоставување ред во урбаниот простор.

## Поставување основа за долгорочно управување со отпад

Ќе воспоставиме стабилна и функционална основа за долгорочно управување со отпад во Скопје, со прецизно планирана оператива што одговара на реалните количини од околу 600 тони дневно. Ќе обезбедиме доволно специјализирани возила за собирање на измешан комунален отпад, со возачи, работници и техничари за одржување, како и подземни контејнери од 1.1m$^3$ поставени низ градот. Ќе воведеме динамичен распоред на собирање со цел да обезбедиме чиста, ефикасна и предвидлива услуга за сите граѓани.

## Комунална инфраструктура за отпад

Ќе изградиме функционална и достапна комунална инфраструктура за управување со отпад, преку поправка и замена на оштетените контејнери, дефинирање зони за собирање на кабаст, инертен и пакуван отпад со јасен распоред, како секојдневна услуга за граѓаните. Во секоја општина ќе ангажираме 2–3 возила во две смени за бесплатно собирање кабаст отпад, со засилени викенд екипи и диспечерски тим за брза и фер услуга. Дополнително, ќе поставиме 3-4 возила во три смени за собирање отпад од пакување од домаќинства и правни субјекти, со цел да обезбедиме чиста, предвидлива и ефикасна услуга за сите.

## Едукација

Ќе спроведеме сеопфатна едукативна кампања за правилно одлагање на отпад, преку медиумите, социјални мрежи и организирање на јавни

презентации за планот за собирање кабаст и инертен отпад, како и воведување на селекција на отпад од домаќинства и мали претпријатија. Во процесот ќе ги вклучиме и училиштата, со цел да изградиме генерации со висока еколошка свест и одговорност, поставувајќи темел за долгорочна култура на одржливо управување со отпад.

### ✓ Надзор

Ќе воспоставиме системски надзор против нелегално фрлање отпад преку засилен инспекциски мониторинг, дигитална евиденција на прекршителите и поставување камери на критични локации. Во првите шест месеци ќе се врши само евидентирање и анализа, со инсталирање на софтвер за следење, а од втората половина на годината ќе воведеме строги казни за прекршителите – со цел да изградиме култура на одговорност, ред и заштита на јавниот простор.

### ✓ Отпад и дигитализација

Предвидуваме целосен редизајн на системот за управување со кабаст отпад и дигитализација на процесот за комунални пријави. Услугата за кабаст отпад ќе биде реорганизирана со јасен распоред, достапен преку мобилна апликација и веб-платформа, со можност за онлајн пријавување, следење и навремено собирање. Истовремено, ќе се воведат дигитални платформи за пријавување и следење на комунални проблеми од оштетена урбана опрема до неправилно складиран отпад  со автоматизирана распределба кон надлежните служби и транспарентен статус на решавање. Овие мерки ќе го зголемат учеството на граѓаните, ќе ја подобрат реактивноста на службите и ќе овозможат податоци за стратешко планирање.

**Втора половина од првата година и втора година:**

### ✓ Структурирање на системот

Во втората половина од првата година и во текот на втората, ќе го структурираме системот за управување со отпад преку формирање ефикасен модел за собирање и транспорт, со јасна логистика, распоред и кадровска поддршка. Паралелно, ќе поставиме основа за секундарна селекција директно на местото на создавање на отпадот – во домаќинствата, малите претпријатија и јавните установи – со цел да го намалиме обемот на не сортиран отпад, да поттикнеме рециклирање и да изградиме одржлив, европски усогласен систем.

### Логистика

Ќе воспоставиме централизирана дигитална платформа со GPS следење на движењето на возилата за собирање отпад по дневни зони, со цел да обезбедиме транспарентност, ефикасност и предвидливост во услугата. Паралелно, ќе го зголемиме бројот на специјализирани возила за собирање отпад, со што ќе го подобриме покривањето на сите општини и ќе го намалиме времето на празнење, поставувајќи темел за модерен, технолошки управуван систем за комунална логистика.

### Селекција на отпад

Ќе воспоставиме систем за селекција на отпад преку поставување контејнери за пластика, хартија, стакло и метал низ сите општини, отворање локални центри за сортирање и воведување финансиски стимуланси за граѓаните. Секој сопственик на сметка кој активно ќе рециклира ќе биде ослободен од една комунална сметка годишно, како награда за еколошка одговорност – мерка што директно поттикнува одржливо однесување, го намалува обемот на не сортиран отпад и го приближува Скопје кон европските стандарди за циркуларна економија.

### Образование и соработка

Ќе вложиме во образование и соработка како клучни двигатели на одржливо управување со отпад, преку организирање работилници за правилна селекција, активно вклучување на невладини организации, локални заедници и граѓански иницијативи, како и партнерство со приватниот сектор. Овој пристап ќе овозможи широка општествена мобилизација, подигнување на еколошката свест и заедничко градење на култура на одговорност и рециклирање.

**Трета година:**

### Развој на напредни решенија

Ќе поттикнеме развој на напредни решенија преку интегрирање современи технологии во управувањето со отпад, со цел значително зголемување на стапката на селекција. Со овој пристап, очекуваме до крајот на третата година да постигнеме намалување на комуналниот отпад за најмалку 10%, поставувајќи основа за ефикасен, одржлив и технолошки напреден систем.

### Технологија

Ќе воведеме паметни технолошки решенија за поефикасно управување со отпад, преку инсталирање сензори во контејнерите за следење на нивото на наполнетост и развој на мобилни апликации за навремено известување. Овие алатки ќе овозможат оптимизација на собирањето отпад, намалување на трошоците и подобрување на урбаната хигиена.

### Регулација

Ќе воспоставиме јасна и правично применлива регулатива за задолжителна селекција на отпад во домаќинствата и деловниот сектор, со цел изградба на одржлив и ефикасен систем. Преку поттикнување на циркуларната економија, ќе го намалиме обемот на депонии и ќе создадеме основа за зелена транзиција која ги обврзува сите чинители да придонесат кон почиста и поодговорна урбана средина.

**Четврта година:**

### Одржливост и почеток на самофинансирање

Ќе изградиме одржлив систем за управување со отпад кој постепено ќе премине кон самофинансирање, преку креирање еко-зони за компостирање и иницирање проекти за производство на енергија од отпад. Ќе воведеме фер модел на наплата за компании според количината на отпад, со што ќе се стимулира одговорно однесување и ќе се генерираат приходи од рециклирање и продажба на материјали. Дополнително, ќе ја засилиме меѓународната соработка преку аплицирање за ЕУ фондови и грантови, обезбедувајќи долгорочна финансиска стабилност и технолошки напредок.

# ПЛАН ЗА ДЕПОНИЈА ДРИСЛА

Поставуваме, од темел, систем за Европски центар за третман на отпад "Дрисла" и соодветно управување со отпадот, преку:

## Воспоставувањето систем за селекција на отпад

Воспоставувањето систем за селекција на отпад за негова реупотреба и рециклирање во согласност со ЕУ Директивата за отпад (2008/98/ЕС). Системот претставува клучен чекор кон одржливо управување со ресурси, заштита на животната средина и унапредување на локалната циркуларна економија. Со имплементација на овој систем се намалува количината на отпад што завршува на депонии, се поттикнува повторна употреба на материјали, се создаваат нови зелени работни места и се подобрува јавната здравствена и еколошка состојба.

## Систем за одвоено собирање на селектиран отпад

Воспоставувањето систем за одвоено собирање на селектиран отпад овозможува ефикасно управување со материјалните текови, намалување на загадувањето и зголемување на стапките на рециклирање и повторна употреба. Со ваков пристап се подобрува квалитетот на рециклираните материјали, се намалуваат оперативните трошоци за третман на мешан отпад, и се поттикнува еколошка свест кај граѓаните.

## Систем за секундарна селекција на суровини од останат мешан отпад

Воспоставувањето систем за секундарна селекција на суровини од останат мешан отпад овозможува дополнително извлекување на вредни материјали кои не биле одвоени во примарната фаза, со што се зголемува ефикасноста на ресурсната употреба и се намалува количината на отпад за финален третман. Овој процес, кој вклучува механичко и оптичко сортирање, поддржува циркуларна економија преку враќање на секундарни суровини во индустрискиот циклус.

## Постројка за дробење на градежен отпад и шут

Воспоставувањето постројка за дробење на градежен отпад и шут претставува суштински елемент во управувањето со градежно-демолициски отпад (CDW). Со ваква постројка се овозможува механичка обработка и трансформација на отпадните материјали во секундарни суровини погодни за повторна употреба во градежништвото и инфраструктурата. Придобивките вклучуваат намалување на депонираниот отпад, заштеда на природни ресурси, намалување на емисии од

транспорт и поттикнување на локална циркуларна економија.

### ✓ Систем за вадење депониски гас и постројка за добивање енергија

Воспоставувањето систем за вадење депониски гас и постројка за добивање енергија претставува еколошки и енергетски одржливо решение за управување со биораспадлив отпад. Со активна екстракција на метан и други гасови од депониите, се спречува нивна миграција и акумулација, се намалува ризикот од експлозии и се редуцира влијанието врз климатските промени. Преработениот гас може да се искористи за производство на електрична и топлинска енергија, со што се создава локален обновлив извор и се намалува зависноста од фосилни горива.

### ✓ Современи системи за третман на посебни видови отпад по највисоки стандарди

Современите системи за третман на посебни видови отпад како што се електронски отпад, медицински отпад, отпадни масла, батерии, PCB/PCT супстанции и отпад со присутни органски загадувачи (POPs) се критични за заштита на здравјето и животната средина и затоа ќе воведеме системи според највисоките технички и регулаторни стандарди со цел да се спречи ширење на токсични материи.

### ✓ Ограден и контролиран простор на Центарот за третман на отпад 24/7 и дигитализација на процесите

Во рамки на нашата заложба за чиста животна средина и европски стандарди, ќе воспоставиме целосно дигитализиран, ограден и контролиран Центар за третман на отпад, со 24/7 надзор, безбеден пристап и автоматизирано управување со сите процеси. Центарот ќе овозможи селекција, рециклирање и енергетско искористување на отпадот, вклучително и третман на посебни и опасни фракции, во согласност со директивите 2008/98/ЕС и 1999/31/ЕС, како и со најдобрите достапни техники (BAT) од WT BREF.

### ✓ Прочистителна станица за отпадни води

Во рамки на депонијата „Дрисла", ќе воспоставиме специјализирана прочистителна станица за отпадни води, која ќе обезбеди безбеден третман на сите технички, атмосферски и процесни води што настануваат при складирање и обработка на отпад. Станицата ќе биде целосно усогласена со новата ЕУ Директива 2024/3019 за урбани отпадни води и со стандардите од WT BREF документот за третман на течен отпад, вклу-

чувајќи биолошки, хемиски и напреден третман на микро загадувачи. Преку дигитализирано следење, автоматизирана контрола на емисии и енергетска оптимизација, ќе обезбедиме заштита на подземните и површинските води, намалување на еколошкиот ризик и исполнување на европските цели за циркуларна инфраструктура и климатска отпорност.

## Картомати

Во согласност со најдобрите европски практики за циркуларна економија и еколошка иновација, Град Скопје ќе имплементира картомати – паметни автомати за рециклажа, кои овозможуваат граѓаните да депонираат потрошени батерии, пластични шишиња и други отпадни материјали, за возврат да добијат гратис карта за културни настани како што се концерти, театарски претстави или кино. Овој модел е инспириран од успешни иницијативи во градови како Берлин, Амстердам и Милано, каде што се применуваат deposit-return schemes и reward-based recycling systems за поттикнување на одговорно однесување и намалување на отпадот.
сти и креативни кампањи, иницијативата ќе придонесе за почист воздух, намалување на отпадот, подобро управување со јавните површини и зголемена еколошка свест кај граѓаните.










# СТОЛБ 3.

## Комунална Обнова на Скопје

# Атмосферска и фекална канализација

## Градот - Подготвен за дожд

Со само 30% покриеност со атмосферска канализација, Скопје се соочува со сериозни предизвици при обилни врнежи, поплави и оштетување на инфраструктурата. Во согласност со „Визија за Скопје 25/45“, ќе започнеме со изработка и реализација на сеопфатен план за изградба на атмосферски мрежи низ сите урбани и приградски зони. Овој мега-проект ќе овозможи системско управување со дождовните води, заштита на јавните и приватните објекти, подобрување на урбаната хигиена и зголемување на отпорноста на градот кон климатските промени. Скопје заслужува инфраструктура која е безбедна, современа и одржлива.

## Изградба и реконструкција на Усјански канал, втора фаза Аеродром

Од канал со ризик  до зелена артерија на градот. Со втората фаза од затворањето на Усјанскиот Канал, на потегот од улица Ѓорѓи Капчев  8 до Вардар, конечно ќе се трансформира еден од најзапоставените простори во Скопје. Овој проект не е само инженерска интервенција, туку  урбана ревитализација со хортикултурно уредување, поставување на модерна урбана опрема и создавање на безбедна, атрактивна пешачка зона. Граѓаните добиваат нов простор за движење, одмор и поврзување, а градот добива пример за тоа како се решаваат децениски проблеми со европски пристап и локална посветеност.

## Изградба и реконструкција на Усјански канал во делот на Кисела Вода

Започнуваме со изградба и реконструкција на Усјанскиот канал, системско решение за регулација на атмосферските води, заштита од поплави и подобрување на урбаната хигиена. Првата фаза опфаќа расчистување, покривање и техничко уредување на каналот во најкритичниот дел од општината, со цел елиминирање на ризиците по здравјето и безбедноста на граѓаните. Проектот предвидува современа инфраструктура по европски стандарди, со можност за понатамошно хортикултурно уредување и интеграција на урбана опрема.

## Атмосферска канализација на улиците Бутелска и Радишанска

На улиците „Бутелска“ и „Радишанска“ ќе изградиме атмосферска канализација. Ова е проект што директно го решава долгогодишниот проблем со поплави при поројни дождови. Со оваа интервенција, граѓаните доби-

ваат сигурност, функционална инфраструктура и заштита на нивните домови, дворови и јавни површини.

### Прифаќање на атмосферски води од Сопиште и Припор

Во наредниот мандат, ќе спроведеме стратешки проект за прифаќање и регулирање на атмосферските води од Сопиште и Припор, со цел да се спречат локални поплави, ерозија и инфраструктурни оштетувања. Ќе го канализираме водниот тек од кружниот тек во Сопиште, по главната улица надолу кон градот, сè до затворениот Усјански канал и Ф1500 колектор. Оваа интервенција ќе овозможи безбедно и контролирано прифаќање на атмосферските води, со минимален ризик за урбаните зони во Кисела Вода и Центар. Ќе се користат современи инженерски решенија, со интеграција на зелени површини и еколошки дренажни системи.

### Проектирањето на нов фекален канализационен систем за Скопје

Проектирањето на нов фекален канализационен систем за Скопје претставува стратешки приоритет во рамки на **„Визијата Скопје 25/45“**. Постојниот систем веќе не ги задоволува урбаните, демографските и еколошките потреби на градот, а неговата нефункционалност директно влијае врз здравјето, животната средина и квалитетот на урбаното живеење. Новиот систем ќе биде проектиран врз основа на предвидените потреби за наредните 20 години, земајќи ги предвид очекуваните урбани проширувања, климатските предизвици, европските стандарди за отпадни води и потребата од социјална и територијална правичност.

Процесот ќе започне со сеопфатна анализа на постојната инфраструктура, идентификација на критичните точки и мапирање на населбите со недоволен или непостоечки приклучок. Потоа ќе следи фаза на техничко проектирање, која ќе вклучува современи, енергетски ефикасни и одржливи решенија, со можност за фаза по фаза имплементација. Ќе се обезбеди транспарентност и јавна консултација во сите фази, со цел да се гарантира дека системот ќе биде функционален, правичен и прилагоден на реалните потреби на граѓаните.

## СКОПСКИ ВОДОВОД

### Вода за Скопје – безбедна, чиста, одржлива

Вода во Скопје мора да има во секоја населба, и во високите и ниските зони, и затоа ќе спроведеме сеопфатна програма за заштита, модерни-

зација и проширување на водоснабдувањето во Скопје. Ќе воспоставиме постојана контрола на подземните води преку современа пиезометарска мрежа, со цел да ги заштитиме изворите Рашче и Нерези од загадување, прекумерна експлоатација и климатски ризици. Ќе изработиме проекти за нови, алтернативни извори на вода Врело, Кадина и Патишка река и нови бунари за да обезбедиме сигурно и рамномерно снабдување за растечкото население. За главниот цевковод од Рашче до Скопје, изграден во шеесеттите години, ќе биде изработен нов проект со зголемени капацитети кои ќе служи на идните генерации Скопјани. Оваа програма ќе го постави Скопје на патот кон европски стандарди за еколошка безбедност, јавна услуга и технолошка ефикасност.

### ✓ Скопје без загуби на вода

Според извештајот на Државниот завод за Ревизија, Скопје се соочува со загуби на вода кои надминуваат 64%, проблем што директно ја загрозува ефикасноста, финансиската стабилност и сигурноста на водоснабдувањето. Оваа програма предвидува системски реформи за надминување на споменатите предизвици. Најнапред, преку најсовремена опрема и дигитални алатки, детално ќе ги лоцираме точките на загуба во мрежата и веднаш ќе пристапиме кон нивна санација. Ќе инсталираме и паметни водомери за реално време следење на потрошувачката и откривање на протекувања. Ќе изработиме ГИС регистри и хидраулични модели за прецизно управување со мрежата. Ќе го кластеризираме управувањето на водните услуги на ниво на речни сливови, со цел поголема ефикасност и регионална рамнотежа. Ќе инвестираме во обука и институционална поддршка за јавните претпријатија. Ова е нашата визија за Скопје, како град со ефикасно, правично и европски усогласено водоснабдување.

### ✓ Мониторинг на квалитетот на водата во реално време на 50 мерни места во градот

Во рамки на програмата за модернизација и ефикасност на јавните услуги, ќе се имплементира систем за автоматски и континуиран мониторинг на квалитетот на водата во реално време на 50 стратешки мерни точки низ Скопје. Со оваа мерка, директно се адресира високата загуба на вода од 64%, преку навремено откривање на дефекти, неовластени приклучоци и слабости во мрежата. Истовремено, се гарантира испорака на безбедна и квалитетна вода до граѓаните, во согласност со европските стандарди за јавно здравје и одржливо управување со ресурси.

## ✓ Нов резервоар за Висока зона Карпош и Нерези

Со изградба на нов резервоар за висока зона Карпош и Нерези, конечно се решава долготрајниот проблем со водоснабдување во високите згради на овие населби. Проектот обезбедува стабилен притисок, сигурен капацитет и резерви за време на летни суши, во согласност со европските стандарди за урбана инфраструктура, јавна здравствена заштита и одржливо управување со водните ресурси.

## ✓ Нов водовод за Висока Зона Автокоманда и Железара

Паралелно со изградбата на новиот Булевар Хрватска, ќе се реализира и изградба на нов водоводен крак, клучен за подобрување на водоснабдувањето во високата зона на Автокоманда и  Железара, како и во селата во Општина Гази Баба кои се приклучени на градскиот водовод. Оваа инфраструктурна инвестиција ќе обезбеди стабилен притисок, сигурна испорака и значително ќе го подобри квалитетот на услугата за илјадници домаќинства, особено во летните месеци. Проектот е дел од стратешката програма за модернизација на водоводната мрежа и рамномерен урбан развој на Скопје.

## ✓ Нов резервоар за слабиот притисок на водоводот во Ѓорче Петров

Во Ѓорче Петров, каде граѓаните со години се соочуваат со слаб притисок и несигурно водоснабдување со конкретен, технички ревидиран проект ќе направиме изградба на нов резервоар и пумпна станица на Оризарски рид. Со оваа инвестиција ќе обезбедуваме стабилен притисок, сигурна вода и модерна инфраструктура што ќе служи за генерации кои доаѓаат.
Водовод и канализација во Индустриска зона Горно Лисиче
Во Индустриската Зона Горно Лисиче, каде што денес недостасува основна инфраструктура за водоснабдување и канализација, започнуваме со темелна модернизација по европски стандарди. Оваа инвестиција не само што ќе обезбеди чиста вода и безбедно управување со отпадните води, туку ќе ја трансформира зоната во атрактивна, функционална и еколошки одржлива средина за нови бизниси и работни места.

## ✓ Поврзување на канализациониот систем на Усје со Сопиште

Продолжувањето на канализациониот систем од Усје до долниот дел на Сопиште претставува клучен инфраструктурен зафат за решавање на долгогодишниот проблем со отпадните води во ова подрачје. Проектот обезбедува поврзување со постојната мрежа, подобрување на санитарните услови и заштита на животната средина, во согласност со приори-

тетите на локалната самоуправа и европските стандарди за комунална инфраструктура. Како дел од изборната програма, оваа мерка симболизира грижа за здравјето, достоинството и квалитетот на живот на жителите во Сопиште.

### Изградба на фотоволтаична централа за потребите на ЈП Водовод и канализација Скопје

Во следниот мандат, Град Скопје ќе започне со изградба на фотоволтаична централа за потребите на ЈП Водовод и канализација, со цел значително намалување на енергетските трошоци и зголемување на енергетската независност. Ова е дел од пошироката програма за поставување фотоволтаични системи на сите јавни објекти под надлежност на градот училишта, културни установи, спортски сали, административни згради и јавни претпријатија. Преку оваа зелена транзиција, Скопје ќе го намали јаглеродниот отпечаток, ќе ги оптимизира јавните ресурси и ќе го постави темелот на енергетски ефикасен и еколошки одговорен град, во согласност со европските стандарди за одржливост.

### Чешми, фонтани и свежина за секое маало

Во наредниот мандат, ќе ја вратиме водата во јавниот простор,  достапна, чиста и естетски интегрирана. Ќе спроведеме програма за обнова и поставување на јавни чешми и млазници во сите градски паркови, со цел да обезбедиме освежување, хигиена и социјален простор за граѓаните. Ќе ги реактивираме чешмите на Водно, Кале, Кејот и Чаир кои беа симболи на урбаната култура и природна поврзаност. Преку програмата „Чиста вода за секое маало", ќе обезбедиме минимум една чешма во секое маало, со приоритет на густо населени и инфраструктурно запоставени подрачја. Ќе ги обновиме фонтаните кај Бит-пазар, Чаир парк, Парк Жена-борец, Кејот на Вардар и други локации, со зелени технологии и енергетска ефикасност. Оваа програма ќе го трансформира јавниот простор во Скопје со вода што освежува, поврзува и го враќа достоинството на градот.

## Патна инфраструктура

Градот Скопје се соочува со комплексни и хронични предизвици во областа на урбаниот сообраќај, кои суштински влијаат врз неговата функционалност, безбедносната стабилност и квалитетот на урбаното живеење. Идентификуваните проблеми вклучуваат пренатрупаност и

сообраќаен хаос, произлезен од недовршени мостови и улици, како и од неисполнетите инфраструктурни обврски предвидени со Генералниот урбанистички план. Дополнително, градот страда од недоволен капацитет и нефункционалност на јавниот превоз, зголемен број сообраќајни несреќи, ниско ниво на сообраќајна култура и свест кај учесниците во сообраќајот, како и од отсуство на интегрирани и реализирани транспортни решенија. Недостигот на безбедна и континуирана пешачка и велосипедска инфраструктура дополнително го ограничува пристапот до одржливи форми на мобилност. Во рамки на оваа програмска рамка, се предлага сет на интервенции насочени кон драстично подобрување на состојбите преку инфраструктурна реконструкција, модернизација на јавниот превоз, унапредување на безбедносните стандарди и промоција на алтернативна мобилност.

## Доизградба на започнати булевари, мостови и клучки

### Булевар „АСНОМ“

Со целосната изградба на булеварот „АСНОМ”, конечно ќе се реализира долгорочното поврзување меѓу општините Аеродром и Гази Баба, преку веќе изградениот мост „Михаило Апостолски“. Во првата фаза, со брзо и фер решавање на експропријацијата согласно закон, ќе го поврземе мостот со булеварот „Александар Македонски“, отворајќи нов директен сообраќаен правец. Во втората фаза, ќе следи детална проверка и можност за ре проектирање на трасата кон „Ист Гејт“, со цел рационално и правично решавање на имотно-правните предизвици.

### Булевар „ЉУБЉАНСКА“

Со изградбата на делот од булевар „Љубљанска“ од завршениот мост до улица „Скупи”, се воспоставува клучна врска меѓу северниот и западниот дел од Скопје, со што се подобрува пристапот до населбите Злокуќани, Жданец со Злокуќани Бардовци и Индустриската зона, како и до културно-историските локалитети Скупи. Овој проект ќе го растовари сообраќајот на булевар „Партизански Одреди“ и „Илинденска“ и ќе овозможи побрз и поефикасен проток на возила кон обиколницата.

### Клучка „МОМИН ПОТОК“

Со забрзаната доизградба на клучката кај крстосници: бул. „8 Септември“ и бул. „Никола Карев“, конечно ќе се деблокира еден од најзаглавените инфраструктурни јазли во Скопје, кој веќе пет години чека ре-

ализација. Оваа крстосница е од суштинско значење за поврзување на северозападниот дел од градот со централните и индустриските зони и нивната комплетна изградба ќе донесе директни придобивки: намалување на метежот, побезбеден и поефикасен сообраќај, подобра достапност до јавни и приватни објекти, како и нови можности за урбан развој.

### Булевар „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

По пет години застој, забрзаната доизградба на булеварот „Борис Трајковски“ од Пинтија до кружниот тек кај Маркова Река, конечно ќе овозможи безбеден, брз и функционален пристап за десетици илјади жители од Драчево, Студеничани и Зелениково. Со проширување на коловозот, изградба на пешачки и велосипедски патеки, нова канализација и осветлување, проектот не само што го деблокира сообраќајниот метеж, туку отвора простор за економски развој, подобра поврзаност мобилност и иднината на градот.

## Нови булевари

### Булевар „МАКЕДОНИЈА“- прва фаза

Со почетокот на изградбата на булевар „Македонија“- прва фаза, со нов кружен тек кај „Нова Македонија“,  и два нови кружни тека кај булевар „Кочо Рацин“ и улица „Железничка“, како и пуштањето во употреба на подземната сообраќајница под „Лимак“, Скопје добива современ систем за растоварување на централното градско подрачје, со значително намалување на метежот, подобрување на безбедноста и поврзување со паметни сообраќајни решенија, во согласност со европските стандарди за урбана мобилност.

### Булевар “ХРВАТСКА” - прва фаза

Со изградбата на булевар „Хрватска” - прва фаза, започнуваме стратешко поврзување на општините Гази Баба и Бутел, како дел од внатрешната обиколница на Скопје, која ќе го растовари центарот и ќе го забрза протокот на луѓе и стоки низ градот. Преку репроектирање и изградба на две сообраќајни ленти, поставуваме темел за модерна, безбедна и функционална инфраструктура, која по решавањето на имотно-правните прашања ќе биде целосно комплетирана. Овој проект не само што го подобрува урбаниот развој, туку отвора нови можности за економски раст, локална поврзаност и европски стандарди во сообраќајното планирање.

### Булевар „ЦВЕТАН ДИМОВ“

По години одлагања, конечно ќе започнеме со изградба на булеварот “Цветан Димов”,  главната артерија што ќе го поврзе Чаир со центарот на градот, решавајќи го хроничниот сообраќаен хаос и создавајќи нова динамика на движење, развој и безбедност. Со шест коловозни ленти, велосипедски патеки, тротоари, зеленило и современо осветлување, овој булевар ќе стане симбол на модерна инфраструктура и достоинствен урбан живот.

### Булевар „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“ - трета лента

Ќе ја изградиме третата лента на булеварот “Александар Македонски” од мостот во Ченто до мостот пред Автокоманда за конечно да го решиме хроничниот сообраќаен метеж на ова тесно грло, каде се слеваат двата автопати од Велес и Куманово. Оваа интервенција не е само инфраструктурна, туку суштинска за безбедноста, мобилноста и економската ефикасност на источниот влез во Скопје. Со современи стандарди, брза реализација и транспарентна динамика, го отвораме градот кон иднината каде секој пристигнува без застој, без нервоза и со чувство дека Скопје конечно функционира како европска метропола.

### Булевар „БОРИС КИДРИЧ“

Ќе започнеме со проектирање на булевар „Борис Кидрич“, со цел овозможување на безбеден и функционален влез и излез од населбата Мичурин. Овој булевар ќе го поврзе Мичурин со булеварот „Трета македонска Бригада“ од страна на Транспортниот центар, ќе го намали сообраќајниот хаос и ќе овозможи побрз пристап до услуги, работа и образование.

### Булевар „ФЕВРУАРСКИ ПОХОД“ со нов мост преку Вардар

Ќе го продолжуваме Булеварот “Февруарски поход” со нов мост преку реката Вардар и негово директно поврзување со улицата “Перо Наков”. Со овој проект, ќе ги поврземе општините Аеродром и Гази Баба, создавајќи нова сообраќајна оска што ги интегрира индустриските капацитети, јавниот превоз и рекреативните зони. Мега Паркот “Вардариште” ќе добие функционален пристап од двете страни на реката, што ќе го трансформира во урбан јазол за спорт, култура и одмор. Новиот мост ќе го растовари сообраќајот од постоечките коридори, ќе ја подобри мобилноста и ќе овозможи рамномерен развој на источниот и западниот дел од градот.

# Нови улици

### Улица “ПРОЛЕТНА ОФАНЗИВА“ – прва фаза

Изградбата на улицата „Пролетна офанзива“ претставува еден од нај стратегиските инфраструктурни потези за источниот дел од Скопје. Со оваа нова сообраќајна артерија се воспоставува директна врска меѓу три општини Гази Баба, Аеродром и Кисела Вода преку нова клучка кај Хиподром и мост над реката Вардар, кој ги поврзува населбите Хиподром, Горно Лисиче и Драчево.

Во првата фаза ќе ја изградиме улицата во делот на Општина Гази баба и ќе започнеме со проектирање на преостаниот дел од оваа стратешка улица. Со новата траса, се создава алтернативен влез во градот, што директно влијае на намалување на застојот, скратување на времето на патување и подобрување на урбаната мобилност.

### Реконструкција на „ФРАЊО КЛУЗ“

Улицата “Фрањо Клуз“ со должина од 380 метри, конечно ќе добие реконструкција каква што заслужува по години запоставеност, оштетен коловоз и секојдневни маки за жителите. Со овој проект, не само што ќе се обнови патната инфраструктура, туку ќе се воспостави безбедно, достојно и современо движење за пешаци, возила.

### Реконструкција на улиците „Бутелска“ и „Радишанска“

Со целосна реконструкција на улиците „Бутелска“ и „Радишанска“ од Расадник-Бутел до населбата Радишани, ја враќаме функционалноста, безбедноста и достоинството на една од најважните сообраќајни артерии во општина Бутел. Овој проект значи нов асфалт, подобрена дренажа, пешачки патеки и осветлување, според современи стандарди. Граѓаните добиваат улица што не само што поврзува населени места, туку и обезбедува сигурен пристап до домови, училишта и здравствени установи.

### Реконструкција на улица „Стар Качанички пат“

Реконструкција на Стар Качанички пат е од исклучителна важност за Општина Бутел и Општина Чучер Сандево. Исклучителната важност првенствено произлегува од фактот дека реконструкцијата на овој пат директно придонесува за севкупниот развој на Економската зона Визбегово, која се простира на подрачјето на општините Бутел и Чучер Сандево. Имајќи ги во предвид последните податоци кои укажуваат на огромно

значење на Економската зона Визбегово како за сите погранични општини, има значење и за целокупната економија во државата.

### Реконструкција на „Перо Наков“

Ќе ја реконструираме улицата “Перо Наков“ во Гази Баба, една од најдолго запоставуваните сообраќајници во индустриското срце на Скопје и конечно ќе ѝ дадеме квалитетна, современа инфраструктура што ја заслужува. Со оваа интервенција директно ја поддржуваме бизнис заедницата, создавајќи подобри услови за транспорт, логистика и економски развој.

### Поврзување на Хиподром со Илинден

Ќе проектираме нова улица што директно ќе го поврзе Хиподром со Општината Илинден  инвестиција што носи безбедност, брзина и развој. Ова ново поврзување ќе ја зајакне локалната економија и ќе создаде нови можности за жителите, бизнисите и јавниот превоз.

### Улица „Шарпланинска“

Улицата „Шарпланинска“ во Ѓорче Петров ќе биде изградена  согласно Генералниот урбанистички план на Град Скопје, со што ќе се овозможи директно поврзување на жителите од населбата Даме Груев со главните сообраќајни и сервисни коридори, подобрување на пристапот до јавни услуги, зголемена безбедност и мобилност, како и унапредување на урбаниот амбиент преку модерна инфраструктура, одводнување, осветлување и озеленување, сето тоа во функција на рамномерен развој и подобар квалитет на живот.

### Поврзување на улица „Лука Геров“ со пат за „Економија“

Ќе проектираме поврзување на улицата „Лука Геров“ со патот за „Економија“ претставува клучна инфраструктурна интервенција што ќе го растовари сообраќајот во Ѓорче Петров, ќе овозможи безбеден премин преку пругата и ќе ги интегрира населбите Даме Груев и Стопански Двор во една функционална урбана целина. Со овој потег се отвораат нови можности за економски развој, подобар јавен превоз и пристап до работни места

### Улица „Веле Марков“

Во Ѓорче Петров, каде секојдневната мобилност е борба, започнуваме со проектирање на улицата „Веле Марков“  ,директно поврзана со булеварот „Македонска Војска“. Овој проект не е само асфалт, туку нова артерија што ќе ја подобри комуникацијата на жителите со главните сообраќајни-

ци, ќе го растовари локалниот метеж и ќе донесе нова динамика во урбаното живеење.

### Реконструкција на улица „101“ во Волково

Со реконструкцијата на улица “101“ во Волково, конечно се решава долгогодишниот проблем со пристапот до железничката станица, безбедноста на движењето и урбаното достоинство на овој дел од градот. Волково ќе добие улица по европски стандарди, со безбедни тротоари, подобрена инфраструктура и транспарентен процес на реализација.

### Реконструкција на улица „ЗАГРЕБСКА“

Реконструкцијата на улицата „Загребска“, која со години е запоставена, претставува приоритетен инфраструктурен зафат со директно влијание врз секојдневието на жителите и функционирањето на Детската болница “Козле“. Како главна пристапна артерија, улицата служи не само за локален сообраќај, туку и за итни медицински интервенции, што ја прави нејзината санација прашање од јавен интерес.

### „Есенинова“ - втора фаза

Во рамки на втората фаза од проектот за „Есенинова“, ќе го проектираме пробивањето на улицата од месноста “Чешма” до “Шампионче”, со што директно ќе се поврзат Булеварот „Борис Трајковски“ и улицата „Антон Панов“ во Кисела Вода. Оваа интервенција ќе овозможи значително растеретување на сообраќајот, подобра пристапност за жителите и намалување на секојдневните гужви. Со подобра поврзаност и поефикасен проток на возила, Скопје ќе добие функционална урбана врска која го олеснува движењето и го подобрува квалитетот на живот во овој дел од градот.

### „Димо Хаџи Димов”

Ќе го проектираме пробивањето на улицата „Димо Хаџи Димов“ и нејзиното поврзување со кружниот тек на булевар „Србија“ и улицата „Христо Татарчев” во Кисела Вода што претставува инфраструктурна интервенција за подобрување на градската мобилност. Со оваа врска се создава брз и директен коридор кон центарот на Скопје, што значително го растоварува сообраќајот на улицата „Христо Татарчев“, особено кај критичната точка кај „Мечкаров”. Новата траса ќе овозможи намалување на сообраќајниот притисок, скратување на времето на патување и поефикасен пристап до централните градски зони.

### „Народни Херои“ - „Трета Македонска Бригада“

Ќе го проектираме пробивањето на улицата “Народни Херои” и нејзиното директно поврзување со булевар “Трета Македонска Бригада”, што претставува суштински чекор кон подобра урбана интеграција меѓу општините Кисела Вода и Аеродром. Со оваа интервенција се создава нова, функционална врска која го олеснува секојдневното движење на граѓаните, го намалува застојот во сообраќајот и ја подобрува пристапноста до клучни градски артерии.

### Улица “Даме Груев”

Улицата „Даме Груев“ ќе добие нов урбан импулс преку нејзино преоѓање во булеварско решение, со претходно изнаоѓање на правно и техничко решение за зградата на „Макотекс“ која ја попречува трасата, како и дефинирање на технички модел за паркирање на жителите во овој дел од Општина Центар. По надминување на овие предизвици, ќе се пристапи кон реализација на проектот во согласност со европските стандарди за мобилност, пристапност и одржливо урбано планирање.

### Поврзување на улица „Бутелска“ со булевар „Христијан Тодоровски Карпош“

Ќе извршиме целосно проектирање на ново, безбедно и функционално поврзување меѓу улицата „Бутелска“ и булеварот „Христијан Тодоровски Карпош“, во близина на Скопската обиколница, со цел да се елиминираат постојните сообраќајни ризици, гужви и несреќи кои произлегуваат од нефункционалната инфраструктура. Овој проект ќе овозможи подобра проточност на сообраќајот, зголемена безбедност за возачите и пешаците, како и унапредување на урбаната мобилност во северниот дел на градот.

## Клучки и кружни текови

### Клучка „ХИПОДРОМ“

Изградбата на новата клучка кај Хиподром, на вкрстувањето меѓу булевар „Александар Македонски“ и „Пролетна офанзива“, овозможува директно и ефикасно поврзување на општините Гази Баба, Аеродром и Кисела Вода, значително намалувајќи сообраќајниот метеж и подобрувајќи ја безбедноста. Проектот ја модернизира градската инфраструктура, го олеснува пристапот до индустриски и станбени зони, придонесува кон побрз транспорт на стоки и услуги.

### ✓ Двоен кружен тек кај „Тобако 2“

Ќе направиме проектирање на вкрстувањето меѓу булеварите „Кузман Јосифовски Питу“ и “Јане Сандански“ со улиците “Руди Чаевац“ и „Симеон Кавракиров“, и конечно го решаваме еден од најголемите безбедносни предизвици во Аеродром, точката со висока фреквенција на сообраќајни незгоди и ризик за пешаците, особено за учениците од ОУ „Блаже Конески“. Новото сообраќајно решение ќе биде проектирано по европски стандарди, со јасна сигнализација, безбедносни острови, пешачки премини и оптимизирани влезно-излезни точки, што овозможува побезбедно и поефикасно движење за сите учесници во сообраќајот.

### ✓ Изнаоѓање на техничко решение за ВЛЕЗ НА БАРДОВЦИ

Со пробивањето и поврзувањето на улица Љубљанска со влезот во селото Бардовци, се отвора нова сообраќајна оска која значително ќе го зголеми бројот на возила во овој дел од градот. Во рамки на предизборната програма, се предвидува изнаоѓање на техничко решение за забрзан и безбеден проток на крстосницата, со цел да се спречи сообраќајниот хаос и да се заштити карактерот на локалитетот Скупи. Решението ќе вклучува современи урбани стандарди, сигнализација, кружен тек или адаптивна семафоризација, сè со цел да се обезбеди функционална интеграција на новата сообраќајна врска со постојната инфраструктура, во интерес на жителите, посетителите и културното наследство.

### ✓ Кружен тек меѓу улицата „Ѓорче Петров“ и булевар „Македонска војска“

Ќе изградиме кружен тек на крстосницата меѓу улицата „Ѓорче Петров“ и булевар „Македонска војска“ кој претставува клучна интервенција за растоварување на сообраќајниот метеж, зголемување на безбедноста и подобрување на урбаната мобилност во западниот дел на Скопје.

### ✓ Кружен тек на улица „Бутелска“ со „Александар Урдаревски“

Ќе проектираме нов кружен тек на крстосницата меѓу улиците “Бутелска” и “Александар Урдаревски”, со што конечно воведуваме ред, брзина и безбедност во еден од најфреквентните делови на општината. Овој проект значи крај на хаотичниот сообраќај, намалување на ризикот од сообраќајни несреќи и непречено движење за граѓаните од Расадник-Бутел, Радишани и пошироко.

### Визија „Нула несреќи“

До 2030 година, преку редизајн на 50 критични крстосници и улици, Скопје ќе се движи кон целта „нула фатални несреќи“, применувајќи докажани европски стандарди за безбедност во урбаниот простор. Со воведување на дизајн ориентиран кон човекот, подигнати премини, кружни текови и визуелни ограничувачи се намалува брзината, се подобрува видливоста и се зголемува безбедноста за пешаците, велосипедистите и возачите. Овие интервенции не само што спасуваат животи, туку ја зголемуваат довербата во јавниот простор и го приближуваат Скопје кон европските градови што го ставаат човекот на прво место.

## ПАРКИНЗИ

### Дигитално зонско паркирање

Во насока на европеизација на урбаното управување, предвидуваме воведување на зонско паркирање на територија на целиот град, со интегрирана мобилна апликација преку која граѓаните ќе имаат реален онлајн увид во слободните паркинг места и нивната локација. Ова решение ќе придонесе за намалување на сообраќајниот хаос, зголемување на ефикасноста во користењето на јавниот простор, намалување на загадувањето и заштеда на време за граѓаните. Дополнително, дигитализацијата на паркирањето ќе овозможи транспарентност во наплатата, подобра контрола и нови можности за финансирање на урбани проекти.

### Катна гаража „БУЊАКОВЕЦ“

Со изградбата на современа катна гаража во Буњаковец, на местото на постојниот монтажен паркинг и дотраените бараки, конечно се решава долгогодишниот проблем со паркирањето за жителите на овој дел од Центар. Проектот предвидува функционално, безбедно и естетски усогласено решение од европски тип, со интегрирани системи за контрола, пристапност и одржливо управување, во служба на урбана регенерација и достоинствено домување.

### Катна гаража „ПРОЛЕТ“

Со изградбата на катната гаража кај поранешното ракометно игралиште „Пролет“ во Кисела Вода, директно се решава хроничниот проблем со паркирањето во еден од најгусто населените делови на општината. Овој проект ќе обезбеди повеќекатен паркинг простор, ќе го растовари јавни-

од простор од непрописно паркирани возила, ќе ја зголеми безбедноста и пристапноста за пешаци и велосипедисти, ќе придонесе кон уреден, функционален и модерен урбан амбиент.

### Монтажни паркинзи, НОВО ЛИСИЧЕ, ЈАНЕ САНДАНСКИ, МИЧУРИН

Во Населбите Ново Лисиче, Јане Сандански и Мичурин, потребата од паркинг места одамна го надмина капацитетот на постојната инфраструктура, па во обид да се најде паркинг простор, секојдневно се губи време и се создаваат нервози. Затоа, предвидуваме изградба на монтажни катни гаражи кои ќе овозможат брзо, ефикасно и современо решение, без дополнително оптоварување на јавниот простор. Овие конструкции се во согласност со европските стандарди за урбана мобилност, безбедност и естетика и ќе го вратат редот во секојдневието на жителите. Паркингот не треба да биде луксуз,  туку основна урбана услуга.

### Монтажна катна гаража „ЧАИРЧАНКА“

Паралелно со изградбата на булеварот Цветан Димов, започнува и реализацијата на монтажна катна гаража кај ТЦ „Чаирчанка“ – директен одговор на долгогодишниот недостиг од паркинг места во овој густо населен дел од градот. Со современ монтажен систем, ова паркиралиште ќе овозможи брза изградба, зголемен капацитет и безбедно паркирање, без дополнително оптоварување на јавниот простор.

### Монтажни паркинзи во Капиштец и Под кале

Со поставување на монтажни паркинзи во Капиштец и Под Кале, се решава хроничниот проблем со паркирање во овие урбани зони, преку брза и функционална интервенција што одговара на европските стандарди за пристапност, безбедност и ефикасно користење на јавниот простор. Проектот предвидува современи конструкции со интегрирани системи за контрола и одржување, со цел да се обезбеди достоинствено домување и подобрена урбана мобилност за жителите.

### Монтажни паркинзи кај трите убавици и Лептокарија

Изградбата на монтажни катни паркиралишта кај „Трите убавици“ и Лептокарија во Карпош претставува ефикасно и брзо решение за долгогодишниот проблем со паркирањето во овој густо населен и комерцијално активен дел од општината. Проектот значително го зголемува капацитетот без дополнително оптоварување на јавниот простор, го намалува сообраќајниот метеж и овозможува современа, дигитално контролирана

инфраструктура со приоритетен пристап за жителите, деловните субјекти и лицата со посебни потреби, во духот на функционална урбаност и јавниот интерес.

### Монтажен паркинг кај Матка

Со изградба на монтажен паркинг на туристичкиот локалитет Матка, директно се подобрува пристапноста и паркирањето за домашни и странски посетители, со што се намалува хаосот и притисокот врз природната средина. Оваа мерка овозможува контролирано управување со туристичкиот прилив, ја зголемува безбедноста и комфорот, создава предуслови за одржлив развој на туризмот во еден од највредните природни споменици во Скопје.

## ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - Климатски отпорни, без ризици

### Изработка на документи за енергетска ефикасност

Градот Скопје ќе започне со изработка на стратешки и технички документи за енергетска ефикасност, согласно Законот за енергетска ефикасност и европските стандарди. Документите ќе ги опфатат сите објекти и системи под надлежност на Градот, со цел да се утврдат мерки за намалување на потрошувачката на енергија, оптимизација на ресурси и транзиција кон одржливи решенија. Ова е основа за зелена јавна администрација, пониски трошоци и конкретен придонес кон климатските цели на Скопје.

### Енергетска Ефикасност и Зелен Трансфер за јавните објекти во Скопје

Градот Скопје започнува сеопфатна енергетска трансформација на јавните објекти вклучувајќи ги зградите на јавните претпријатија, јавните установи и сите средни училишта  со цел да се подобри енергетската ефикасност, да се намали потрошувачката и да се овозможи одржливо управување, во согласност со европските стандарди за зелена транзиција. Проектот предвидува целосна санација на фасадите со термоизолирачки материјали, замена на прозорци со високо ефикасни модели, инсталација на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија, како и модерни системи за ладење и греење со ниска потрошувачка и висока ефикасност. Покрај техничката модернизација, ќе се имплементираат паметни системи за следење и управување со енергетската потрошувачка, со цел да се обезбеди транспарентност, контрола и долгорочна одржливост.

### ✓ Отворање на промо-туристички бироа на повеќе локации

Скопје ќе стане уште попривлечна туристичка дестинација преку отворање на нови промо-туристички инфо-бироа, кои ќе служат како активни точки за информирање и инспирирање на посетителите. Во првата година, ќе бидат воспоставени две локации  во близина на старата железничка станица и во Центарот на Скопје каде обучени туристички водичи и оператори ќе ја раскажуваат богатата историја, култура и традиција на градот. Овие бироа ќе го приближат градското јадро до туристите, претставувајќи го Скопје како жив пример на мултикултурализам и вековна урбана меморија. Иницијативата ќе придонесе за зголемена видливост, економски развој и локална гордост, позиционирајќи го Скопје како отворен, гостопримлив и културно автентичен град.

### ✓ Нов Луна Парк

По многугодишно одолговлекување, ќе се започне итна изградба на модерен и безбеден Луна Парк, наменет за сите генерации. Во Луна паркот ќе има најсовремени реквизити со високи стандарди за безбедност, сертифицирани според европски норми. Луна Паркот ќе понуди забавни содржини за деца, млади и возрасни од ролеркостери и водени атракции до интерактивни игри и VR зони. Просторот ќе вклучува зони за одмор, храна, културни настани и семејни активности. Ќе се имплементираат системи за безбедност, прва помош и видео надзор, како и пристапност за лица со попреченост. Луна Паркот ќе биде атракција за граѓаните и туристите, со потенцијал да го подобри имиџот на градот.

### ✓ Изградбата на фудбалски стадион во Шуто Оризари

Изградбата на фудбалски стадион за голем фудбал во Шуто Оризари е проект кој овозможувај развој на спортот, интеграција на младите и подобрување на јавниот простор. Проектот ќе вклучи современ терен со трибина, соблекувални, осветлување и пристапна инфраструктура, со можност за организирање локални и регионални натпревари. Покрај спортската функција, стадионот ќе служи како платформа за културни и општествени настани, зајакнувајќи го чувството на заедништво и афирмирајќи го Шуто Оризари како активен и видлив дел од урбаната мрежа на Скопје.

### ✓ Нов Културен дом „Есма Реџепова“  во Шуто Оризари

Изградба на нов Културен дом „Есма Реџепова“ на местото на матичното во Шуто Оризари претставува симболична и суштинска инвестиција

во културниот и општествениот развој на најшарениликата општина во државата. Домот ќе биде простор за негување на ромската традиција, уметност и младинска креативност со капацитет за театарски претстави, кино проекции, изложби и едукативни програми. Именувањето по Есма Реџепова не е само почит кон нејзиното наследство, туку и порака дека културата е основа за достоинство, идентитет и заеднички напредок.

### ✓ Обнова на Спортски Центар „Шуто Оризари“

Обновата на запуштениот спортскиот Центар во Шуто Оризари ќе внесе свежина, естетика и чувство на грижа во срцето на заедницата. Со рехабилитација на спортските терени,  засадување дрвја, зелени површини и цветни алеи, просторот ќе стане попривлечен и инспиративен за младите, спортистите и семејствата.

### ✓ Скопје без темни улици

Скопје без темни улици не е само инфраструктурен проект  тоа е заложба за достоинствено, безбедно и европско Скопје. Во 21 век, темната улица значи запоставеност, несигурност и отсуство на визија. Ние го менуваме тоа. Ќе започнеме со целосно мапирање на сите неосветлени улици, паркови и јавни простори. Ќе инсталираме енергетски ефикасни LED светилки со паметно управување, а во оддалечените делови ќе користиме соларни панели за автономно осветлување. Осветлувањето ќе биде поврзано со системи за видео надзор и алармни сензори, со поддршка од МВР за анализа на ризични зони и брза интервенција. Граѓаните ќе можат преку мобилна апликација да пријавуваат темни точки и да следат кога и како се решаваат.

### ✓ Пренамена на неискористени општински објекти за содржини наменети за младите

Во многу општини постојат објекти кои се во сопственост на локалната самоуправа, но не се користат. Овие простори претставуваат неискористен потенцијал кој може да се стави во функција на младите - како  младински центар или мултифункционален простор. Со оваа мерка се оптимизира јавниот имот  и се создава мотивација младите да останат и да се активираат во своите заедници.

### ✓ Скопје спорт дистрикт

Создавање и опремување на спортски игралишта, тренинг хабови и мали арени за различни спортови во зелените зони, зелените коридори и пар-

ковите во населбите во Скопје, како и по должината на кејот на реката Вардар.

## Поддршка на врвен спорт

Градот Скопје ќе воспостави транспарентен модел за поддршка на врвниот спорт, со јасни критериуми и јавни извештаи за финансирање. ФК "Вардар", како симбол на спортската традиција, заедно со други прволигашки и трофејни екипи од различни спортови, ќе добијат институционална поддршка преку програми за развој, инфраструктура и промоција. Оваа поддршка ќе биде дел од поширока стратегија за афирмација на спортот како јавна вредност, инспирација за младите и гордост за градот.

## Довршување на сите фасади

Довршувањето на сите фасади од проектот „Скопје 2014" ќе се реализира во стил кој ќе биде избран преку консултативен процес со граѓаните и стручната јавност, со цел да се надмине естетската и урбана дисхармонија што моментално го нарушува центарот на градот. Овој проект има за цел не само визуелна консолидација, туку и враќање на јавната доверба преку демократски избор на стил кој ќе го одразува идентитетот и визијата на Скопје.

## Осветлување на Горна Матка

Осветлувањето на Горна Матка е клучна мерка за подобрување на безбедноста, пристапноста и квалитетот на живот за жителите и посетителите на овој рурален и туристички локалитет.

## Реновирање на сите пензионерски клубови во градот

Се обврзуваме на целосно реновирање на сите пензионерски клубови во градот Скопје, со цел да создадеме безбедни, достапни и пријатни простори за дружење, едукација и активна старост. Со оваа инвестиција ќе се подобрат условите за социјализација, ментално здравје и културна вклученост на пензионерите, ќе се поттикне меѓу генерациска соработка и ќе се зајакне чувството на припадност и достоинство кај лицата во трета доба.

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## Состојба по завршна сметка 2024 година

| Назив на субјект | Приходи 2024 евра | Расходи 2024 евра | Долгови 2024 евра |
|---|---|---|---|
| ЈП **ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** -СКОПЈЕ | 27.359.008,13 | 31.346.390,24 | 53.340.886,15 |
| **ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ** СКОПЈЕ | 32.440.292,68 | 29.429.626,02 | 21.081.823,35 |
| **ЈСП ТУРС** Скопје (фирма на ЈСП Скопје) | 4.580,24 | 69.982,05 | 446.014,21 |
| ЈП ЗА БЛАГОСТОЈБА ЗА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ **ЛАЈКА** - СКОПЈЕ | 695.402,13 | 6.467.853,66 | 4.637.029,67 |
| ЈП **УЛИЦИ И ПАТИШТА** СКОПЈЕ | 3.856.650,41 | 3.931.656,16 | 2.073.319,48 |
| ДЕПОНИЈА **„ДРИСЛА“** - СКОПЈЕ ДОО | 4.072.569,28 | 9.220.894,31 | 3.944.357,72 |
| ЈП **ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** СКОПЈЕ | 8.292.975,61 | 400.373,98 | 1.584.520,33 |
| **ФЛОРАКОМ-ДООЕЛ** увоз-извоз Скопје (фирма на ЈП Паркови) | 326.243,90 | 317.547,97 | 1.159.788,46 |
| **ЛУНА- ДООЕЛ** - Скопје (фирма на ЈП Паркови) | 32.076,15 | 4.324.478,18 | 1.131.053,45 |
| ЈП ЗА **ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ** СКОПЈЕ | 4.869.148,80 | 739.435,51 | 181.978,96 |
| **Вкупно** | 104.171.158,72 | 109.684.514,50 | 99.945.620,07 |

## Реформа на сите јавни претпријатија

Градот Скопје ќе спроведе темелна реформа на сите јавни претпријатија, кои со години генерираат милионски загуби и не обезбедуваат достојна услуга за граѓаните. Ќе се ангажираат европски експерти за детална анализа на организациската, финансиската и оперативната состојба на секое претпријатие. Врз основа на нивните наоди, ќе следат внатрешни преструктуирања, оптимизација на ресурси, нови модели на управување и каде што е потребно, статусни промени. Целта е јасна: да се обезбеди ефикасна, современа и одржлива комунална услуга за сите скопјани.

Оваа реформа ќе значи крај на партиските вработувања, непродуктивните трошоци и затворените системи. Ќе изградиме јавни претпријатија кои работат рентабилно, транспарентно и во служба на граѓаните. Ќе се воведат јасни индикатори за перформанс, дигитална отчетност и нови механизми за контрола и инспекција. Скопје заслужува јавни служби кои не трошат, туку создаваат вредност и токму тоа ќе го испорачаме.

# ЈАВЕН ПРЕВОЗ

## Јавен превоз кој функционира

Во новиот мандат, Скопје ќе воспостави интегриран систем на јавен превоз кој конечно функционира  обединувајќи градски и приватни автобуси, БРТ коридори, градски воз, лиценциран такси превоз, велосипедски мрежи и модерни пешачки патеки во една дигитално координирана платформа. На Градскиот портал, со единствена мобилна апликација „Skopje City GO“, заеднички распоред и приоритетна инфраструктура, граѓаните ќе добијат брз, достапен и еколошки превоз, а превозниците јасни правила и фер услови.

## Континуирана набавка на нови автобуси

Проектот „Континуирана набавка на нови автобуси“ има за цел Градот Скопје секоја година да го обновува својот возен парк со современи, еколошки автобуси. Оваа стратегија не е само техничка модернизација, туку суштински чекор кон подобрување на јавниот превоз, намалување на загадувањето и зголемување на квалитетот на живот за граѓаните.

Со обезбедување на нови автобуси, граѓаните добиваат побезбеден, поудобен и поефикасен превоз. Новите возила овозможуваат подобра достапност за сите категории на патници, вклучително и лица со попреченост и постари лица, а истовремено го намалуваат времето на чекање и ја подобруваат фреквенцијата на линиите. Модерните автобуси се опремени со климатизација, дигитални информации и Wi-Fi, што го прави патувањето попријатно и пофункционално.

Од еколошки аспект, замената на старите дизел автобуси со електрични или хибридни модели значително ги намалува емисиите на штетни гасови и честички, придонесувајќи кон почист воздух и поздраво урбано опкружување. Ова е во согласност со климатските цели на градот и со европските стандарди за одржлива урбана мобилност.

## БРТ систем за јавен превоз

Во насока на одржлива урбана мобилност, ќе се пристапи кон ревизија и имплементација на предвидениот систем за брз автобуски превоз (БРТ), со цел зголемување на користењето на јавниот превоз за 15% и намалување на моторниот сообраќај за 20% до 2030 година. Проектот најнапред ќе биде целосно проверен и усогласен со новата „Визија за Скопје 25/45“, при што ќе се вградат сите релевантни забелешки од домашни и

меѓународни експерти. Со реализацијата на БРТ, Скопје добива побрз, поефикасен и достапен јавен транспорт, намалено загадување, подобра поврзаност меѓу општините и значајно подобрување на квалитетот на урбаниот живот.

## Градски воз

Градот Скопје, во соработка со Министерството за транспорт и врски, започнува со реализација на проектот „City Train“ – нов систем на градски железнички превоз кој ќе ги искористи постојните пруги што ги поврзуваат Драчево, Горно Лисиче, Аеродром, Центар, Гази Баба, Бутел, Волково и Ѓорче Петров. Целта е да се создаде брз, ефикасен и еколошки јавен превоз кој ќе го намали сообраќајниот метеж и загадувањето, а истовремено ќе ги поврзе урбаните и приградските населби.  Градскиот воз ќе биде интегриран во единствениот градски превоз.

## Изградба на Жичница на Водно (потег од црква Свети Јован до Средно Водно )

Градот Скопје ќе започне со изградба на втора жичница на планината Водно, на потегот  во близина на црквата „Свети Јован“ до Средно Водно. Овој проект има јасна цел да обезбеди еколошка, достапна и безбедна алтернатива за пристап до планината, без потреба од автомобилски сообраќај.

Со новата жичница, граѓаните ќе добијат директен и удобен пристап до Водно, особено семејствата, постарите лица и рекреативците. Ќе се намали притисокот врз патната инфраструктура, загадувањето од возила и ќе се заштити природниот амбиент на планината. Ова е инвестиција во здравјето, мобилноста и одржливиот туризам на Скопје.

Проектот е дел од пошироката визија за зелена и функционална урбана мобилност, каде природните ресурси се интегрирани во секојдневниот живот на граѓаните  достапни, заштитени и поврзани.

## Електрични Мини Автобуси

Воведувањето електрични мини-автобуси во Скопје, по примерот на Љубљана и други европски метрополи, претставува еколошки и урбано-инклузивен чекор кон модерен јавен превоз. Овие возила се идеални за тесни улици, туристички и пешачки зони каде традиционалниот превоз е ограничен, овозможувајќи тивка, достапна и нискоемисиска мобилност. Оваа мерка симболизира европеизација на урбаната инфраструктура, подобрување на поврзаноста на маргинализирани населби и

дигитална интеграција преку мобилни апликации и единствена картичка, со потенцијал за пилот-проекти поддржани од ЕУ фондови.

## Зелен бран

Го враќаме зелениот бран во Скопје преку целосна синхронизација на семафорите во градот, со цел намалување на времето на чекање, поттикнување на флуиден сообраќај и значително намалување на загадувањето. Овој систем ќе овозможи оптимизирано движење на возилата, особено во утринските и попладневните сообраќајни пикови, со што ќе се намали потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$. Ќе се применат интелигентни алгоритми и сензорски технологии, инспирирани од успешни примери како „Green Wave“ во Копенхаген и „Smart Mobility“ системите во Хелсинки. Придобивките се директни: побрз и поекономичен транспорт, подобрено урбано здравје и зголемена ефикасност на јавните служби. Скопје ќе стане град кој го вреднува времето на граѓаните и го штити воздухот што го дишеме.

## Посебни сообраќајни ленти за автобуси и такси возила

Во насока на унапредување на урбаната мобилност и ефикасноста на јавниот превоз, Градот Скопје ќе започне со дополнителна изградба на посебни сообраќајни ленти за автобуси и такси возила, придружени со соодветна патна сигнализација и интелигентни семафори, со цел да се обезбеди побрз, приоритетен и сигурен јавен превоз. Овој проект ќе го намали времето на патување, ќе ја зголеми точноста на линиите, ќе придонесе кон намалување на сообраќајниот метеж и загадувањето. Придобивките ќе ги почувствуваат сите граѓани од ученици и работници, до туристи и лица со намалена мобилност преку поефикасен транспортен систем кој го става јавниот интерес на прво место.

## Нов возен ред за Скопје – мобилност по мерка на граѓаните

Во рамки на Стратешкиот план за урбан развој на Скопје „Визија за Скопје 25/45“, Градот ќе го реализира проектот „Нов возен ред за Скопје – мобилност по мерка на граѓаните“. Врз основа на детални истражувања за навиките, потребите и предлозите на граѓаните, работниците, учениците и бизнис заедницата, а во консултација со експерти, ќе се изработи нов динамичен и правичен возен ред кој ќе ги покрива сите делови на градот, со зголемена фреквенција во критични часови, подобра поврзаност на населбите и оптимизирани рути. Придобивките ќе бидат директни: побрз јавен превоз, намалено чекање, подобра достапност за ранливи катего-

рии, пониски трошоци за транспорт.

### Кампања за побезбедно Скопје

Градот Скопје, во партнерство со РСБСП, ќе спроведе сеопфатен проект за зголемување на безбедноста во сообраќајот, преку видео кампања со инфлуенсери и инструктори за возење кои ќе даваат практични совети за правилно движење на критични точки како кружните текови и ризични крстосници, со јасни објаснувања и информации за казните за прекршување. Кампањата ќе опфати и едукативни видеа за велосипедисти, со насоки за нивно безбедно учество во сообраќајот. Дополнително, преку Skopje City GO ќе се овозможи бесплатен паркинг за секој возач кој паркирал на градски паркинг, консумирал алкохол и избрал да се врати дома со такси или друг превоз со јасна порака: **Не вози ако си пиел!**

### Проект Зона 30

Проект за воведување на ограничување на брзината од 30 km/h во централното градско подрачје како стандард кој ќе го намали загадувањето, но и ќе го намали бројот на жртвите во сообраќајот.

### Проект „Викенд без автомобили“

Градот Скопје ќе започне со пилот-проект за организирање на викенди без автомобили во централното градско подрачје (Мал Ринг), со цел да се поттикне здрав животен стил, да се намали загадувањето и да се врати јавниот простор на граѓаните. Паралелно, ќе се работи на постепено воспоставување на траен пешачко-вело коридор од Парк Гази Баба до Старата Чаршија, кој ќе ги поврзе зелените и културните точки на градот преку безбеден, континуиран и естетски уреден простор. Придобивките од проектот вклучуваат: почист воздух, намален сообраќаен метеж, зголемена физичка активност, туристичка атрактивност и ревитализација на јавниот простор.

### Студија за организиран одржлив товарен сообраќај во Скопје

Градот Скопје ќе изработи студија за организиран и одржлив товарен сообраќај во урбаните зони, насочена кон големите компании и дистрибутивни центри, со цел да се оптимизира доставата и да се намали сообраќајниот метеж. Проектот предвидува ефикасно договарање и обезбедување на дигитални мапи со прецизно дефинирани рути, временски прозорци за достава во критични периоди и упатства за безбедно и одговорно движење низ градот, особено во време на најгуст сообраќај. Ќе се воведат

мерки за заштита на коловозите, намалување на емисии и подобрување на логистичката координација, со што Скопје ќе стане пример за паметно управување со урбаниот товарен транспорт.

## ВЕЛОСИПЕДИЗАМ

### Скопски велосипедски коридори

Проектот „Скопски велосипедски коридори“ ќе воспостави долгорочна, зелена и безбедна врска меѓу градот и периферијата преку две главни оски кон Катланово и Радуша, поттикнувајќи секојдневна и рекреативна употреба на велосипеди. Врз основа на успешни примери како Тирана, која веќе има над 37 km заштитени ленти, активен bike-sharing систем од 2011 година и грант од Bloomberg BICI 2024 за 10 нови безбедни крстосници, Скопје ќе се стреми кон европски стандарди преку соработка со Холандската Амбасада и Dutch Cycling Embassy. Проектот ќе придонесе за намалување на загадувањето, зголемена безбедност и мобилност, ќе го позиционира Скопје како регионален пример за одржлива урбана и приградска поврзаност.

### Вардарска зелена активна магистрала

Во рамки на нашата визија за Скопје како зелен, поврзан и одржлив град, ќе ја изградиме Вардарската зелена активна магистрала која ќе преставува главна велосипедска и пешачка артерија која ќе се изгради долж реките Вардар, Лепенец, Серава и Маркова река. Проектот предвидува изградба на континуирани велосипедски и пешачки патеки долж самите реки, со возливи рампи кон сите постоечки и идни мостови, кои ќе бидат задолжително прилагодени за немоторизиран сообраќај. Целиот коридор ќе биде интегриран со Велосипедските патеки на Водно и пошироката велосипедска мрежа на градот, овозможувајќи безбедна, достапна и еколошка мобилност. Приматот ќе го има зеленилото и луѓето, преку трансформација на Вардарскиот појас во непрекината урбана оска за рекреација, поврзување и климатска отпорност.

### Воспоставување на зелени коридори по должината на реката Лепенец

Во рамки на нашата заложба за здрава животна средина и достоен урбан живот, предвидуваме воспоставување на зелени коридори по целата должина на реката Лепенец. Овој проект ќе овозможи пренамена на за-

поставениот речен простор во рекреативна, зелена и пристапна зона за сите граѓани. Ќе се интегрираат континуирани пешачки и велосипедски патеки, поврзувајќи населби, паркови и јавни институции, со што ќе се поттикне одржлива мобилност и активен живот. Лепенец ќе стане симбол на еколошка обнова, урбана поврзаност и граѓанска гордост.

## ✓ Воспоставување на зелени коридори по должината на реката Серава

Серава, како една од најважните водни линии низ Скопје, заслужува обновена улога во урбаното ткиво на градот. Со проектот „Зелени коридори по должината на Серава“, предвидуваме трансформација на целиот речен појас во континуиран, рекреативен и еколошки простор достапен за сите граѓани. Ќе се изградат пешачки и велосипедски патеки, ќе се засади автохтона зелена вегетација и ќе се постават урбани елементи за одмор, спорт и социјална интеракција. Коридорот ќе биде поврзан со пошироката мрежа на активна мобилност.

## ✓ Поврзана и функционална велосипедска мрежа

Град Скопје ќе воспостави поврзана и функционална велосипедска мрежа преку изработка на сеопфатен план во координација со општините, обезбедувајќи инфраструктура според европски стандарди. Со цел проширување од 144 на 300 километри, ќе се алоцираат доволно средства од буџетот на Градот за велосипедско - пешачка инфраструктура. Приоритет ќе имаат вело решенија на сите булевари, со сенки од дрвја, безбедни вело крстосници, конектори и урбанистички планови прилагодени за велосипедска мобилност.

## ✓ Слободни тротоари и достапен јавен простор

Скопје ќе започне системска трансформација на јавниот простор преку етапно ослободување на тротоарите од паркирани возила и несоодветна урбана опрема, проширување и уредување на пристапни, зелени и безбедни пешачки патеки, како и воведување строги политики за јавно паркирање. Ќе се промовираат јавни простори со содржини за сите генерации, додека алтернативниот транспорт-велосипеди, јавен превоз и пешачењето, ќе го намали бројот на автомобили и ќе го врати градот на граѓаните.

## ✓ Безбедно и достапно паркирање за велосипеди

За обезбедување безбедно и достапно паркирање за велосипеди, Град

Скопје ќе воведе обврска за поставување велосипедски паркинг кај сите нови објекти и јавни простори, додека кај постоечките ќе се применат иновативни решенија. Ќе се изработат и постават функционални држачи согласно реалните потреби на граѓаните, а секој јавен паркинг ќе резервира определен процент исклучиво за велосипеди, со цел поттикнување на одржлива мобилност и зголемување на употребата на велосипеди во урбаниот простор.

### Систем за изнајмување велосипеди – дел од паметно Скопје

Како дел од визијата за паметно Скопје, ќе се воспостави автоматизиран, Скопје-брендиран систем за изнајмување велосипеди, со станици стратешки поставени блиску до домови, работни места и јавен превоз. Системот ќе биде интегриран со автобуси, тротинети и други превозни средства преку единствена картичка, овозможувајќи лесен и ефикасен премин меѓу различни форми на мобилност. Главната цел е намалување на употребата на автомобили и поттикнување на одржлив, урбан транспорт.

### Инклузивен град

Проект за проектирање и адаптација на улиците, тротоарите и пешачките зони на потребите на лицата со посебни потреби и ранливите категории на граѓани со воведување на тактилни патеки и други урбани инклузивни решенија








# СТОЛБ 4.
# Скопје -
# град на слоеви,
# град на култура

## Стратешки пристап за културниот развој на Скопје

Културната стратегија за Скопје ја препознава слоевитоста на градот како негово најголемо богатство - историјата, меморијата и современата креативност се темели врз кои треба да се гради иднината. Визијата се темели на три клучни насоки: ревитализација на јавните простори, развој на културна инфраструктура и системска поддршка за креативното образование и младите, надополнети со зачувување на уметничкото и архитектонското наследство и поставување на смела, инклузивна визија за културен развој.

Заради комплексноста на градот и неговата улога како европска престолнина на културата, стратегијата е организирана во **шест меѓусебно поврзани сегменти:**

**1. Луѓе -** Во центарот се граѓаните: уметници, креатори, професори, млади и културни консументи. Пристапот обезбедува услови тие да создаваат, да се изразуваат и да бидат препознаени, преку нови програми и активна поддршка.

**2. Креативност -** Уметничкото творештво, културните настани и креативниот сектор се движечка сила. Поддршката за иновативни проекти, фестивали и нови медиуми ќе го позиционираат Скопје како балканска престолнина на културата и креативноста.

**3. Места и простори -** Јавните простори ја носат меморијата и иднината на градот: од Чаршијата до модернистичките згради и новите културни хабови. Приоритет е нивна ревитализација, отворање и адаптација за културни и креативни содржини достапни за различни вкусови и генерации.

**4. Имиџ:** Културниот имиџ на Скопје мора да ја одразува автентичноста, разновидноста и европската отвореност. Преку културна дипломатија, дигитална промоција и меѓународни програми, Скопје ќе ја зајакне својата позиција како препознатлив културен центар.

**5. Идентитет -** Скопје е град на слоеви: историја, културна меморија и современа креативност се преплетуваат. Стратегијата ја негува оваа слоевитост како основа за културно единство, но и како ресурс за иновација и идни генерации.

**6. Управување -** За реализација е потребно современо и транспарентно управување со културата: јасни критериуми за јавни повици, поддршка на институциите и независната сцена, како и активно учество на граѓаните во креирање културни политики.

Со овој пристап, Скопје ќе може да ја претвори својата историска и културна слоевитост во динамичен ресурс за одржлив развој и да се позици-

онира како европска престолнина на културата - град на визија, инклузија и креативна енергија.

### Културна инфраструктура

Скопје инфраструктурно ќе ја интегрира својата културна слоевитост - од античкиот Скупи, преку калдрмите на Чаршијата, до модернистичките структури на Кензо Танге, како и децидна поддршка на јавните установи во надлежност на градот. Историјата, уметноста и секојдневието се преплетуваат и токму тоа е најголемата предност на градот. Затоа културната стратегија се темели на следниве приоритети, со посебен фокус на категоризација на културната побарувачка за сите возрасти, а со акцент на младите, како најдинамична и најкреативна целна група.

### Локална културна инфраструктура - мрежа за креативност и младинска енергија

Активирањето и унапредувањето на постоечките капацитети, заедно со развој на нови културни зони, ќе создаде динамична мрежа на локална културна инфраструктура што ќе одговори на потребите на современото Скопје.

Посебен акцент ќе се стави на младинските иницијативи и независната сцена, преку отворање на простори за проби, мултимедијални сали, креативни хабови и нови културни центри во општините. Овој пристап ќе обезбеди услови за инклузивна креативност, ќе ја зајакне културната децентрализација и ќе овозможи рамномерен културен развој во сите делови на градот.

### Јавни простори - културни сцени на отворено

Ревитализацијата и културната активација на јавните простори ќе ја трансформираат урбаната средина на Скопје во мрежа на отворени културни сцени достапни за сите граѓани. Плоштадите, парковите, мостовите и пазарчињата ќе се уредат и користат како места за концерти, улични настапи, изложби и фестивали, додека Горно Водно ќе се развие како прв вистински јавен одморалишен простор со културни, спортски и рекреативни содржини. Со тоа, јавните простори ќе станат симбол на културна демократизација, ќе го поттикнат заедништвото и ќе ја направат културата видлива и достапна во секојдневието на граѓаните.

### Скопско Кале - живо срце на културата и меморијата

Скопското Кале ќе се интегрира како жив културен центар преку раз-

вивање на континуирани културни програми, адаптација на просторот и современо уредување што ќе ја нагласи неговата историска вредност. Со поставување на монтажни сцени и објекти за културни настани, Калето ќе се отвори за фестивали, концерти, театарски претстави, едукативни активности и изложби, претворајќи го во простор на заедништво и културна размена. На тој начин, оваа историска тврдина ќе ја спои меморијата од минатото со современата креативност, правејќи ја достапна и привлечна за сите генерации.

### Аквадуктот - од историски локалитет до современ културен парк

Аквадуктот, како едно од највредните културни и историски богатства на Скопје, ќе биде заживеан преку сеопфатна стратегија за културна и урбана активација. Просторот ќе се уреди со паркови и зелени површини, а со поставување на монтажни сцени ќе се создадат услови за различни културни жанрови - од изведбени уметности и концерти до фестивали и едукативни програми. Дополнително, ќе се реализира поставување на најдолгиот ѕид за мурали во Југоисточна Европа, како симбол на современиот уметнички израз и урбаната култура, со што Аквадуктот ќе стане спој на наследството и креативноста и атрактивна дестинација за граѓаните и туристите.

### Скупи - археологија како живо културно наследство

Археолошкиот локалитет Скупи ќе биде повторно вратен на јавноста преку негово целосно отворање, уредување и интегрирање во културниот живот на градот. Планот предвидува културна активација на просторот преку театарски претстави, изведбени уметности, артистички и археолошки резиденции и фестивали што го слават богатото историско наследство. Со тоа, Скупи ќе стане динамичен културен простор -истовремено туристичка атракција, едукативна платформа и жив симбол на слоевитата историја на Скопје.

### Скопската Чаршија - жив историски кварт

Како едно од најзначајните културно-историски јадра на градот, ќе се приспособи со почитување на сите обврски во однос на заштитата на културното наследство. Пристапот ќе вклучи реадаптација на унифицираниот изглед и унапредување на урбаното функционирање, со цел зачувување на автентичноста, но и отворање кон современи содржини. Историските објекти ќе се интегрираат во секојдневниот урбан живот - како јавна уметност, како пренаменети простори за културни центри, па-

зари или уметнички работилници, создавајќи жив историски кварт кој ќе привлекува и странски и домашни посетители.

## Споменик на Јосиф Јуруковски – првиот градоначалник на модерно Скопје

Јосиф Михајловиќ - Јуруковски, градоначалник на Скопје во периодот 1929–1939 година, остана запаметен како таткото на модерното Скопје. Под негово водство градот доби над 30 значајни објекти, беше изграден водоводот од Рашче, пуштена во употреба хидроцентралата Матка и воспоставен првиот урбанистички план што му го даде на Скопје европското лице. Неговата визија, енергија и личен ангажман оставија трајни белези врз инфраструктурниот, културниот и урбаниот развој на градот.

Изградбата на споменик посветен на Јосиф Јуруковски ќе претставува акт на културна меморија и враќање на достоинственото место на оваа фигура во историјата на Скопје. Споменикот треба да биде поставен на репрезентативна локација во градот, како симбол на модернизацијата, визијата и европската ориентација на Скопје. Со тоа не само што ќе се оддаде почит на неговото наследство, туку ќе се поттикне и јавна свест за значењето на одговорното и визионерско градско управување.

## Библиотеки - центри на знаење и заедничко учење

Се предвидува отворање на нови општински библиотеки во средини каде постои најголема потреба, како и подобрување на условите за работа на постојните. Библиотеките ќе се трансформираат во мултифункционални простори, опремени со современа и инклузивна технологија, простории за едукација, работилници и јавни настани. Така тие ќе станат отворени центри за учење, размена на идеи и културна интеракција за сите возрасти.

## Домови на култура - локални јадра на културниот живот

Домовите на култура мораат да бидат живи центри на локалната заедница, но потребна е системска поддршка и модернизација. Стратегијата вклучува подобрување на условите, воведување нови програми и обезбедување стабилно финансирање, со цел тие да понудат повисоко ниво на културни услуги. Со тоа, домовите на култура ќе станат места што ја поврзуваат традицијата со современите културни практики и ќе обезбедат рамноправен пристап до културата во сите општини.

### Креативни хабови

Отворање и адаптација на објекти во хибридни простори за култура, достапни за сите граѓани.

### Младински центри - простор за младинска енергија и културна акција

Стратегијата предвидува отворање и системско финансирање на младински центри во сите локални заедници, согласно Законот за младинско учество и младински политики. Овие центри ќе бидат основа за активно граѓанско вклучување и културна партиципација на младите, нудејќи програми за едукација, културни активности, уметнички работилници, креативни хабови и социјални иницијативи. Со тоа младите ќе станат активни чинители на културниот живот, а градот ќе добие нови двигатели на иновацијата и заедништвото.

### Универзална сала

Симбол на скопската културна меморија и солидарноста по земјотресот во 1963 година, мора да биде целосно обновена и ставена во функција како современ мултифункционален објект под надлежност на Град Скопје. Со завршување на реконструкцијата, подобрување на техничките и акустички услови и отворање за концерти, фестивали, театар и јавни форуми, салата повторно ќе стане граѓански дом на културата и центар за културна размена, достапен за сите жители и посетители на градот.

### Реконструкција и современа реадаптација на Градското кино „Милениум“

Киното „Милениум“, како еден од симболите на скопската културна сцена, ќе биде целосно реконструирано и повторно ставено во функција како мултифункционален културен објект. Проектот предвидува модернизација на техничките и акустичките услови, како и реадаптација на просторот во повеќе сали, со што ќе се овозможи паралелна организација на филмски проекции, фестивали, дебати, мултимедијални настани и едукативни програми.

На тој начин „Милениум“ ќе се врати на културната мапа на Скопје како градски центар за филмска уметност, аудиовизуелна култура и современи медиуми, а истовремено ќе обезбеди и нови можности за младинската и независната продукција, едукација и културна размена, секако да биде достапен за сите генерации и категории на граѓани.

### Културна децентрализација и граѓанска инклузија

Скопје мора систематски да ја зајакнува граѓанската гордост и да ги премостува поделбите - етнички, политички, социјални и генерациски. Затоа е потребна културна стратегија што ќе ја спои традицијата и иновацијата, ќе обезбеди рамноправно учество и ќе ја позиционира престолнината како регионален лидер во културата и креативноста.

### Инклузивност на сите заедници

Поддршка за културни програми на етничките заедници, лицата со попреченост и лицата со статус на бегалци, со цел поголема видливост и културна рамноправност.

### Активирање на уметничкиот потенцијал

Системска поддршка за уметници, културни работници, индивидуални автори, НВО и иницијативи што унапредуваат креативни вештини и алатки, работа со ранливи категории, истражуваат урбани слоеви, современи контекстуализации, културни и нови уметнички практики и мултидициплинароност, како и културно наследство и креативни вештини.

### Јавни установи како двигатели на културата

Подобрување на состојбата на јавните установи во надлежност на градот преку темелна анализа на потребите, нови програми и соодветно финансирање, како и подобрување на кадровската политика и потреби.

### Инклузивна и технолошки напредна културна сцена

Скопје заостанува во поддршка на современи културни модели, но располага со огромен потенцијал преку младински иницијативи, богато наследство и иновативни проекти. Потребна е системска рамка за нивна реализација.

### Младинска култура и локални центри

Поттикнување отворање и поддршка на младински центри во сите локални заедници, согласно Законот за младинско учество и младински политики, со цел младите да бидат активни чинители на културниот живот.

## Скопје 2028 - Европска престолнина на културата

Скопје е град со повеќеслојна меморија - антички центар, римска и византиска тврдина, ориентална чаршија, модернистички експеримент и град на солидарноста по земјотресот во 1963 година. Ова искуство на

траума, обновување и визионерска креативност го обликува Скопје, каде историјата, уметноста и секојдневието се испреплетуваат. Таа уникатност е нашата најголема сила и основа на стратегијата за Скопје 2028 - Европска престолнина на културата.

Визијата за Скопје 2028 го поврзува локалното со глобалното, традицијата со иновацијата и различноста со заедништвото. Стратегијата предвидува поддршка на уметници, иницијативи и заедници - особено младите и оние кои го обликуваат градот - паралелно со активно учество во европски културни мрежи и привлекување на меѓународни проекти.

Скопје 2028 ќе биде град на инклузивност и иновација, каде младинската и независната сцена, маргинализираните групи и новите медиуми ќе добијат простор за израз. Културната дипломатија и европските партнерства ќе изградат мостови со светот, а културната инфраструктура - од јавните простори и библиотеките, до Чаршијата, Скупи и Аквадуктот - ќе се развие како живи сцени за креативност и заедништво.

Овој баланс ќе ја претвори комплексната слоевитост на градот во извор на сила, иновација и културна трансформација, поставувајќи го Скопје како регионален и европски центар на креативност, културен дијалог и одржлив развој.

## Култура и традиција - жива меморија на градот

Фолклорот и традициите на Скопје претставуваат богатство на песни, танци, обичаи и занаети кои ја одразуваат разновидноста на културните слоеви во градот. Стратегијата предвидува нивно систематско оживување и современа презентација преку:

### Меѓународен фолклорен фестивал „Скопје“

Организација на годишен фестивал што ќе обедини локални културно-уметнички друштва и меѓународни ансамбли. Програмата би вклучувала настапи на отворено (Чаршија, Калето, плоштадите), занаетчиски базари и гастрономски промоции, претворајќи го фестивалот во туристички магнет и платформа за културна дипломатија.

### Традиција во современа уметност“ - иновација на наследството

Поттикнување на млади уметници, дизајнери и музичари да ги интегрираат фолклорните мотиви во современа мода, музика, дигитална уметност и нови медиуми. Ова може да се реализира преку конкурси, излож-

би и мултимедијални фестивали, каде традицијата се прикажува како жив извор на инспирација и модерна креативност.

### Фолклорна лабораторија

Простор за експериментирање каде музичари и танцови групи ќе комбинираат традиционални инструменти и ора со џез, електронска музика или визуелна уметност. Целта е создавање нови жанрови и современи интерпретации на наследството.

### Занаетчиски и гастрономски базари

Промоција на старите занаети, традиционалната кујна и локалните производи како дел од креативните индустрии и културниот туризам.

### Музејски и дигитални програми

Дигитализација на народното наследство и негово претставување преку апликации, виртуелни изложби и мултимедијални архиви.

## Културни настани и фестивали

Поддршката за локалните уметници и изведувачи претставува темел на културниот развој на Скопје. Тие се носители на креативната енергија што ја оживува градската сцена и ја пренесува автентичноста на неговиот идентитет. Затоа стратегијата става акцент на создавање услови за нивна продукција, промоција и поголема видливост - преку фестивали, културни простори, грантови и резиденциски програми.

Истовремено, Скопје мора да се отвори и кон меѓународната културна сцена, привлекувајќи странски уметници, продукции и културни мрежи. Ова ќе овозможи размена на искуства, трансфер на знаење и градење нови соработки, со што градот ќе се позиционира како регионален и европски центар на креативност, културен дијалог и современи фестивалски практики.

### Фестивал од семејството на “EXIT” во Скопје

EXIT – еден од најнаградуваните и највлијателни музички фестивали во светот, со повеќе од 1000 изведувачи на над 40 сцени, по две децении успех во Нови Сад и низ регионот, ќе го позиционира Скопје, како дестинација која ќе се најде на неговата фестивалска платформа. Новиот фестивал кој ќе се одвива во нашиот главен град значително ќе придо-

несе за развојот на туризмот и брендирањето на дестинацијата, бидејќи EXIT, Кој беше основан како студентско движење за слобода и прогрес, денес е симбол на културна трансформација, општествена одговорност и креативна енергија. Оваа светска платформа, ги има угостено најголемите имиња од светската музичка сцена  од The Cure, David Guetta и Arctic Monkeys, до Wu-Tang Clan, Nina Kraviz и Jamiroquai. Со ова, Скопје добива не само фестивал, туку движење кое ги обединува младите, уметноста и визијата за отворено, модерно и слободно општество.

## Поддршка на реномирани Скопски Фестивали

### Поддршка на Skopje Jazz Festival

Градот Скопје ќе обезбеди институционална и финансиска поддршка за Скопје Џез Фестивал, како еден од најреномираните културни настани со меѓународен углед, кој веќе четири децении го афирмира градот како регионален центар на современата музика и културна размена. Со оваа поддршка, ќе се овозможи континуитет на фестивалот, проширување на програмата со едукативни и младински содржини, како и вклучување на локални уметници и креативни индустрии. Скопје ќе се позиционира како град кој активно инвестира во културата, интернационалната соработка и инклузивниот урбан развој.

### Враќање на Скопскиот фестивал на забавна музика

Скопскиот фестивал на забавна музика ќе го вратиме како годишен културен настан со национално значење, кој ќе ја оживее традицијата на македонската поп музика и ќе поттикне нова генерација автори и изведувачи. Фестивалот ќе се одржува во обновената Универзална сала, со тридневна програма што вклучува ретро вечер, натпреварувачки дел и младинска сцена. Ќе обезбедиме институционална поддршка преку Град Скопје и Министерството за култура, со отворени повици за учество и транспарентен избор на жири. Победниците ќе добијат продукциски грантови, медиумска промоција и можност за регионални настапи. Ќе го поврземе фестивалот со европски културни мрежи и ќе го позиционираме како платформа за интеркултурна соработка.

### Поддршка за „Skopje Calling“ фестивал

Скопје ќе го поддржи фестивалот „Skopje Calling“ како стратешки културен настан со меѓународен потенцијал, кој го позиционира градот на светската

музичка мапа и ја поттикнува локалната креативна економија. Градот ќе обезбеди институционална и логистичка поддршка преку партнерство со организаторот, вклучувајќи субвенции за инфраструктура, безбедност, јавен превоз и промоција.

### ✓ Поддршка за „Пиволенд“ фестивал

Градот Скопје ќе го поддржи фестивалот „Пиволенд“ како стратешки културно-туристички настан кој ја зајакнува локалната економија, промовира урбана култура и создава позитивен имиџ на градот. Фестивалот ќе се одржува секое лето во Паркот на франкофонијата, со поддршка од Градот во форма на логистика, јавна безбедност, инфраструктура и промоција. Ќе се обезбедат услови за учество на домашни производители на пиво, гастрономски занаетчии и локални музичари, со посебен простор за млади и семејна програма. Градот ќе поттикне одржливост преку зелени практики, рециклирање и енергетска ефикасност во организацијата.

### ✓ Поддршка за „Виноскоп“ фестивал

Во рамки на нашата програма за културен развој и економска поддршка на домашното производство, ќе обезбедиме континуирана институционална поддршка за фестивалот Виноскоп како стратешка платформа за промоција на македонските вина, гастрономија и креативни индустрии. Виноскоп ќе го позиционираме како годишен репер на урбана култура, локален просперитет и туристичка атрактивност, со директна логистичка и финансиска поддршка од Град Скопје, вклучување на младински и културни организации и интеграција во пошироката стратегија за одржлив градски развој.

### ✓ Поддршка за „Баскерфест “ фестивал

Во рамки на нашата програма за културна демократизација и поддршка на јавната уметност, ќе обезбедиме трајна институционална поддршка за Баскерфест како симбол на отворен градски простор, интеркултурна размена и младинска креативност. Фестивалот ќе го интегрираме во годишниот календар на културни настани на Град Скопје, со логистичка, промотивна и финансиска поддршка, вклучување на локални заедници и артисти, и развој на нови локации за улична уметност во сите општини.

### ✓ Скопски филмски фестивал - екран на културната разновидност

Фестивал што ќе прикаже домашни, регионални и европски филмови, со посебен акцент на младински, документарни и независни продукции. Про-

грамата ќе вклучи проекции на отворено, работилници и дебати, со што фестивалот ќе се развие во инклузивна платформа за филмска уметност и културен дијалог.

| | |
|---|---|
| **Фестивал на светлина** - архитектурата како уметничко платно | Организација на фестивал што ќе ги мапира јавните простори на Скопје со дигитални проекции, светлосни инсталации и мултимедијални перформанси. Архитектонските објекти ќе добијат ново значење преку современи уметнички интервенции, што ќе го претворат градот во отворена светлосна галерија и туристичка атракција. |
| **Фестивал Градски парк** - природа, култура и заедништво | Фестивал на отворено што ќе го спои Градскиот парк со музика, театар, визуелни уметности и гастрономија, создавајќи простор за културна демократизација и семејни активности. Настанот ќе промовира одржливост и еколошка свест, позиционирајќи го паркот како зелено културно срце на градот |
| **„Скопје Рок Револуција“** | Фестивал што ќе ги оживее легендарните бендови, комбиниран со млади рок и алтернативни состави. Поттикнување за отворање на сцени во кафулиња, клубови и отворени простори во Чаршијата, за враќање на духот на урбаната култура. |
| **Музика за млади** | Бесплатни концерти и едукативни програми во училишта и библиотеки, за популаризација на музички жанрови кај новата публика. |
| **Скопје Музички Викенд** | Дополнување со нови формати: улични џез сцени, работилници за млади музичари и cross-over настапи со класика и world music |
| **Танц во јавен простор** Резиденции за танчери и кореографи | Поддршка за нови продукции преку соработка со Музичка и Балетска академија и МКЦ. Кратки изведби во паркови, плоштади и чаршиски улички за да се доближи современиот танц до широката публика. |

| | |
|---|---|
| **Фестивал на современ танц „Скопје танцува“** | Платформа за локални и европски танцови компании со перформанси на отворено, во театри и алтернативни простори. |
| **Анимација во јавен простор** | Проекции на анимирани филмови на плоштади, фасади и паркови како дел од културна демократизација и пристапност за сите. |
| **Скопје Gaming Expo** Креативни и културни индустрии и иновации | Регионален саем за гејминг индустријата што обединува компании, студенти и независни креатори, со турнири, демо зони и косплеј настани. |
| **Креативни и културни индустрии и иновации** | Скопје има потенцијал да стане регионален центар на креативни индустрии и иновации, каде културното наследство се спојува со технологијата и претприемништвото за да создаде нови форми на уметност, економски раст и глобална видливост. Поддршката за дигитална уметност, дизајн, мода, музика, филм и gaming индустрија ќе отвори простор за стартапи и млади претприемачи, додека развојот на креативни лаборатории, AR/VR програми, 3D дизајн и smart city решенија ќе поттикне технолошки напредок. Со вмрежување во европски дигитални платформи и креативни хабови, Скопје ќе ја претвори својата културна слоевитост во двигател на иновацијата и одржливиот развој. |
| **Програма „Грантови за 50 креативци во Чаршијата“** | Со цел да ја оживее Старата скопска Чаршија преку финансиска и просторна поддршка за уметници, дизајнери, занаетчии, музичари и културни претприемачи. Со обезбедување грантови, работни простори, менторска поддршка и промоција, ќе се поттикне развој на нови креативни проекти што ќе ја спојат традицијата со современата култура, ќе привлечат посетители и ќе создадат економска вредност за локалната заедница, позиционирајќи ја Чаршијата како живо културно и туристичко јадро на Скопје. |

| | |
|---|---|
| **Креативен техно-хаб** | Пренамена на индустриски објекти во иновативни центри за стартапи, дигитална уметност, gaming индустрија и мултимедија. Проекции на анимирани филмови на плоштади, фасади и паркови како дел од културна демократизација и пристапност за сите. |
| **Скопје *ART&TECH* фестивал** | Фестивал што ја спојува уметноста, науката и технологијата со AR/VR изложби, роботика, нови медиуми и интерактивни перформанси |
| **Креативни резиденции за дизајнери и креатори** | Програма за интернационални и локални дизајнери, визуелни уметници и мултимедијални автори за размена, соработка и продукција на нови дела. |
| **Скопска Мода & Уметност** | Интердисциплинарен проект за промоција на мода инспирирана од локалната културна меморија (Чаршија, модернизам, урбана култура), со дефилеа и изложби. |
| **Град на стрипови и видео арт** | Организирање на фестивал за анимација, стрип и нови визуелни наративи, со едукативни работилници за млади и меѓународна размена |
| **„Creative Business Booster“** | Инкубатор за креативни индустрии со поддршка за претприемачи во музика, филм, дизајн и дигитална продукција - менторства, обуки и финансиски фондови. |
| **Урбани креативни пазари** | Регуларни пазари за локални дизајнери, занаетчии и млади брендови, што комбинираат традиционални техники со современи продукти |
| Креативен **coworking & maker spaces** и стартап поддршка | Поддршка за мрежа на coworking простори со 3D печатари, студија за звук, визуелна продукција и прототипирање. |



# СТОЛБ 5.
# Дигитална трансформација на Скопје

# Паметно Скопје

Во следниот мандат, Скопје ќе ја започне најобемната дигитална трансформација досега. Ќе го воспоставиме Смарт Центарот како координативно срце на сите паметни проекти. Ќе создадеме Градски портал, како една точка за сите јавни услуги, достапна за граѓани, бизниси и институции. Ќе воведеме дигитален близнак на градот за прецизно планирање, управување и еколошки мониторинг. Сите граѓани ќе добијат паметна картичка за јавни услуги, субвенции и културен пристап. Ќе го модернизираме системот на е-даноци, со брза, онлајн и транспарентна услуга. Ќе го реформираме Адресниот систем со QR-кодови и електронски потврди. Ќе примениме AI решенија за транспорт, отпад, безбедност, образование и инклузија. Ова не е само технолошки напредок туку суштинска реформа за ефикасен, достапен и европски Скопје. Град што мисли паметно, делува одговорно и ги вклучува сите.

## Смарт Центар

Во следниот мандат, Град Скопје ќе воспостави посебна организациона единица Смарт Центар кој ќе биде срцето на нашата дигитална трансформација. Овој центар ќе ги координира сите проекти поврзани со развојот на паметен град, овозможувајќи поефикасни, поврзани и транспарентни услуги за граѓаните. Ќе создадеме услови за брзи е-услуги, паметно управување со транспорт, паркирање, отпад и јавни ресурси, а секоја одлука ќе се темели на прецизни податоци и анализи. Граѓаните ќе добијат дигитални алатки за директна комуникација, учество и контрола. Ова не е само технолошки чекор, туку суштинска реформа на начинот на кој функционира градот со фокус на ефикасност, достапност и европски стандарди. Скопје ќе стане град што размислува паметно и дејствува одговорно.

## Дигитален близнак на Скопје

Дигитален близнак (или дигитална реплика) на Градот Скопје е динамички дигитален модел на реалниот град кој интегрира просторни податоци (ГИС, БИМ, Lidar), сензори (IoT) и документи (CDE) во единствена платформа. Тоа ќе овозможи градските институции да ги набљудуваат, анализираат и предвидуваат урбаните процеси во реално време. Со дигиталниот двојник градот Скопје ќе добие алатка за поефикасно планирање, управување и комуникација со граѓаните, односно дигиталниот двојник ќе овозможи прецизно и ефикасно урбано планирање, ќе го подобри управувањето со јавните услуги и инфраструктурата, ќе го зголеми еколошкиот мониторинг

и климатската отпорност, ќе ја зајакне инспекциската контрола и брзиот одговор при природни непогоди и ќе го унапреди управувањето со процесите и транспарентноста на податоците и информациите.

### Градски ПОРТАЛ

Воведуваме Градски портал со интегрирана целосно инклузивна дигитална платформа, преку која граѓаните, бизнисите и институциите ќе имаат централен пристап на едно место до сите услуги на Град Скопје, јавните претпријатија и јавните установи брзо, транспарентно и достапно. Градскиот портал на Скопје по европските примери ги обединува сите јавни услуги на едно дигитално место: брзо, транспарентно и достапно за секого. Младите добиваат директен пристап до информации, програми и можности за учество, бизнисите ефикасна комуникација со градските служби и намалена бирократија, а сите граѓани јасен, предвидлив и модерен начин да ги остварат своите права и потреби. Ова е дигитална трансформација што го приближува градот до луѓето и ги поставува темелите на отворена, европска метропола.

### SKOPJE CITY GO

Со овој проект се предвидува една картичка за сите услуги што ги дава Градот, Јавните претпријатија и Јавните установи спрема граѓаните. Со оваа паметна картичка ќе се овозможи на граѓаните да извршат плаќање на јавен превоз, плаќање на паркинг, плаќање на билети за жичара, музеи, кина, театри, зоолошка градина и други услуги на Градот Скопје и институциите од негова надлежност. Оваа картичка ќе ја добијат и сите средношколци, семејства и пензионери со ниски примања, невработени лица и лица со попреченост и со неа ќе можат да ги користат услугите што ги даваат Јавните претпријатија и Јавните установи во градот како и услугите на општествено одговорни компании бесплатно или со драстично намалени цени.

### Е-даноци

Ќе го модернизираме процесот на локално оданочување преку проектот е-даноци. Наместо граѓаните да чекаат по 40 дена за решение за данок на промет на недвижности и да губат време на шалтери и пошти за негова уплата, ќе го скратиме времето на само 5 работни дена. Решенијата ќе се доставуваат електронски, а даноците ќе може да се платат онлајн, лесно и без чекање. Ќе воведеме електронски потврди за платени даноци и такси, а сите локални даноци и такси ќе бидат достапни на едно место преглед-

но, брзо и сигурно со можност за онлајн уплата.
Оваа реформа е заложба за ефикасна, достапна и дигитална администрација која ги става граѓаните и компаниите на прво место.

## ✓ Дигитални регистри

Ќе воспоставиме целосна електронска евиденција на сите регистри за кои Градот Скопје е надлежен согласно закон. Од имотните регистри, преку угостителската и туристичката дејност, па сè до урбанистичките планови, авто-такси превозот, имињата на улици, плоштади. Секој податок ќе биде дигитализиран, поврзан и достапен. Ова значи крај на хаосот, крај на рачното водење, крај на непрецизните податоци, со системски пристап. Истовремено, ќе воспоставиме систем за правично и систематско собирање на сите комунални такси, согласно Законот. Ќе овозможиме онлајн пристап, електронско плаќање и јавна отчетност. Граѓаните ќе знаат што плаќаат, зошто плаќаат и каде одат нивните средства. Бизнисите ќе добијат јасни процедури, брзи услуги и фер третман, без исклучок, еднаков третман за сите. Институциите ќе работат со точни податоци и интегрирани системи.

## ✓ Е- адреса

Градот Скопје е надлежен за Адресниот систем во Скопје. Во изминатите декади на независност многу малку е направено во делот на точноста на адресите. Во Централниот регистар регистрирани се околу 2450 улици кои припаѓаат на Градот Скопје но за најголемиот дел не се знае од каде почнуваат, каде завршуваат, кои објекти припаѓаат на која улица, постојат називи на улици кои не соодветствуваат со вистинските имиња на народните херои, истоветни називи на улици во рамките Градот Скопје, скоро никакво теренско обележување на улиците и куќните броеви. Градот Скопје во Соработка со Агенцијата за катастар на недвижности ќе изврши комплетно мапирање на сите улици во Градот. Секој објект ќе добие соодветен број поставен на видливо место, Секоја улица ќе добие матичен број, правилен назив и QR-код кој граѓаните ќе можат да го скенираат и да добијат повеќе информации за таа улица. Граѓаните ќе можат електронски на порталот на Град Скопје да аплицираат за потврда за точна адреса и живеалиште.

## ✓ „AI Скопје“ – Паметен град за сите

Скопје го отвора патот кон паметна, праведна и ефикасна урбана иднина преку интегрирана AI стратегија што ги поврзува граѓаните, бизнисите, учениците и институциите. Од автоматска класификација на градски проблеми, видео-аналитика за сообраќај и паркинг и оптимизација на јавен

превоз, до персонализирани препораки за граѓански активности, инклузивно планирање и предвидување на урбани ризици, вештачката интелигенција станува алатка за подобар живот. Учениците добиваат AI тутори и интерактивни училници, лицата со попреченост мапирани решенија за пристапност, а целото население дигитална поддршка за чист воздух, безбедност и транспарентност. Скопје ќе биде град што мисли однапред, делува паметно и ги вклучува сите.

## Е- Извод од ГУП

Во Скопје, секој деловен потфат започнува со план. Денес, до тој план се стигнува со нерви, време и административни бариери. Тоа ќе се промени. Сметаме дека времето на граѓаните и бизнисот вреди. Затоа, изводот од Генералниот урбанистички план ќе биде достапен целосно дигитално брзо, без шалтери, без хартија. Секој документ ќе биде заверен со електронски потпис и печат, законски валиден и веднаш употреблив.
Вака градот не само што ја упростува урбанистичката процедура, туку и им испраќа порака на сите претприемачи: дека Скопје е подготвен за нови инвестиции, дека ги слуша потребите на стопанството и дека администрацијата е тука да служи, а не да оптоварува.

## ДМС и ЕРП

Во Скопје секој предмет, секоја одлука и секоја процедура останува заглавена меѓу хартија, архиви и неповрзани системи. Тоа ќе го смениме. Градот го започнува најамбициозниот проект за дигитална трансформација досега воведување на Документ Менаџмент Систем (ДМС) и Единствен ERP систем (Систем за планирање на ресурсите на Градот). Со ова, ќе ги дигитализираме сите внатрешни процеси, од прием на предмети до конечно решавање, со јасна траса и одговорност.

Нема повеќе изгубени документи, непроверливи одлуки или административна неефикасност. Со новиот систем, секој документ ќе има дигитален траг, секој предмет ќе се решава побрзо, а процедурите ќе бидат целосно транспарентни. Ова не е само модернизација  ова е начин да изградиме доверба. Да го намалиме влијанието на човечкиот фактор каде има простор за злоупотреба. Да обезбедиме систем каде градската администрација работи брзо, правично и отчетно.

## Електронски седници на Советот

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник

ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана.

### ✓ Електронски Службен гласник на општината

Ќе воспоставиме електронски Службен гласник на општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации. На овој начин, секој граѓанин, медиум или заинтересирана страна ќе може навремено, лесно и бесплатно да дојде до сите правни документи на општината, без чекање и без трошоци. Оваа транспарентност е темел на довербата во локалната власт.

### ✓ Електронски седници на органите на управување на ЈП во општините

Посебен фокус ќе ставиме и на електронско водење на седниците на органите на управување на јавните претпријатија кои се основани од општината. Ќе се воведе централизирана платформа за дигитална координација и одлучување, со која седниците ќе се закажуваат, водат и документираат во електронска форма, согласно сите законски и институционални стандарди. На овој начин, ќе се воспостави целосна отчетност и следливост на работата на јавните претпријатија пред општината и пред граѓаните.

### ✓ Електронски систем за управување со проекти и програми

Дигитализацијата ќе значи и воведување на електронски систем за управување со проекти и програми, преку кој ќе може јавно да се следи статусот на секој општински проект  од иницијатива, преку реализација, до завршна фаза и извештај. Ќе биде воспоставена отворена електронска евиденција за трошоци, динамика, одговорни лица и резултати, достапна за Советот и за јавноста. Овие процеси ќе ја променат културата на работење во општинската администрација. Ќе ја намали бирократијата, ќе ги забрза постапките и ќе ги направи институциите поефикасни и поагилни. Ќе се овозможи полесен пристап до услугите, подобра внатрешна координација и значителна заштеда на време и ресурси. Администрацијата ќе работи на електронски документи, со електронски потписи, автоматско архивирање и електронска комуникација со граѓаните и институциите. Ќе изградиме општина која одговара на предизвиците на времето во кое живееме, паметна, дигитална, достапна и транспарентна локална самоуправа која ги става граѓаните во центарот на одлучувањето и услугите.

## Иновации

Град Скопје ќе биде активен партнер и организатор на хакатони и иновациски форуми во соработка со факултети и ИТ-секторот, со цел да се стимулира младинската креативност и технолошкиот развој. Во секоја општина ќе се воспостави урбана лабораторија отворена платформа каде граѓаните ќе можат да тестираат и предложат решенија за локални предизвици. Овие мерки ќе придонесат за поголема транспарентност, граѓанска вклученост, поддршка на стартапи и побрза адаптација на европски модели во урбаното управување.

## Дигитална платформа за културно наследство на Скопје

Создавање на интегрирана дигитална платформа што ќе го документира, мапира и промовира културното наследство на Скопје - од археолошките локалитети и историските објекти, до модернистичката архитектура и живите културни практики. Платформата ќе вклучува виртуелни тури, 3D реконструкции, дигитални архиви, интерактивни мапи и образовни содржини, со цел да биде достапна и корисна и за граѓаните и за туристите.






50%
30%
15%
90%


# СТОЛБ 6
# Скопје Град на Младите и науката



# МЛАДИ

## Скопје - Дом за Млади

Во континуитет со успешната мерка „Кисела Вода - адреса за заеднички дом“, ќе ја прошириме поддршката за млади брачни парови на ниво на Град Скопје. Млади брачни парови до 40 години, без друг имот, ќе добијат до 100% ослободување од комуналии при изградба на куќа за домување.

Ослободувањето **ќе изнесува до 100%** за општините во градот Скопје кои имаат донесено одлука за ослободување од комуналии на млади брачни парови до 40 години, за преостанатите општини истото ќе изнесува до 60% односно делот од комуналиите кои му припаѓаат на градот Скопје. Оваа мерка е директна инвестиција во демографска обнова, родова еднаквост и достапно домување за младите во Скопје.

## Проект „Заеднички дом“

Со новиот ГУП на Град Скопје ќе воведеме урбанистичко правило со кое кај сите нови станбени проекти над 3000 м², инвеститорите ќе бидат обврзани најмалку 20% од становите да ги понудат по регулирани, достапни цени за млади лица и брачни парови. Оваа мерка ќе обезбеди фер пристап до домување, ќе спречи ценовна сегрегација и ќе поттикне социјално одговорен урбан развој во Скопје.

## Дигитални станбени хабови

Ќе воведеме пилот проект за станбени хабови во централното градско јадро за млади, опремени со дигитална инфраструктура, зелени зони, места за ко-креација, дигитални иновации, поврзани со јавен транспорт и зелените коридори на Скопје. Промоција на нов модел на развој на станбените зони и проекти.

## Проект „Паметно семејство“

Ќе создаваме станбени хабови во градот и популарни зони за домување наменети за млади брачни парови и повратници од странство во кои би се изградила и засилена социјална (градинки, училишта, паркови и слично) и дигитална инфраструктура.

## Disco Zone - Урбан баланс и младинска енергија

Ќе воспоставиме специјализирани зони за летни дискотеки и ноќни клубови надвор од центарот на Скопје, со цел да го намалиме метежот, бучавата

и притисокот врз градското јадро.

Зоните ќе бидат достапни, но оддалечени од станбени населби, со европски стандарди за транспорт, безбедност и одржливост.
Овој проект ќе поттикне контролирана ноќна економија и ќе придонесе кон ревитализација на периферијата.

### ✓ Проект „Паметен пазар на недвижности“ со сите достапни продажби

Транспарентноста на пазарот на недвижности е клучен фактор кон утврдување на реалните цени на пазарот на недвижности. Градот Скопје податоците за цените на становите и закупнини по зони и намени јавно ќе ги објавува преку Градскиот портал. Исто така информации за достапноста на слободниот станбен и деловен простор ќе бидат објавени на Градскиот портал.

### ✓ Програма за задолжително младинско вработување во Скопје

Со цел намалување на младинската невработеност и поттикнување на економскиот раст, Градот ќе се залага за воведува обврска за сите средни и големи компании во Скопје да ангажираат најмалку еден млад вработен до 25 години за секои 20 постојни вработени. Оваа мерка се темели на успешни модели од земји како Германија и Холандија, каде младинските квоти и стимулации за работодавачите резултирале со значително зголемување на вработеноста кај младите.

### ✓ Поддршка и развој на младинскиот потенцијал

Паралелно со обврската за вработување, се воспоставува Младински Центар за Кариера кој ќе обезбедува менторство, обука и поврзување со работодавачи. Центарот ќе работи во партнерство со универзитетите, приватниот сектор и локалната самоуправа, следејќи ги примерите од Финска и Данска, каде ваквите центри играат клучна улога во транзицијата од образование кон вработување. Целта е не само да се вработат младите, туку и да се создаде одржлива платформа за нивен професионален развој и задржување во земјата.

### ✓ Поддршка за млади занаетчии (бербери, фризери и други)

Во Скопје што создава вредност, занаетчиството не е минато, туку иднина со раце што работат, градат и служат. Ќе покренеме проект за директна поддршка на средните занаетчиски училишта, преку субвенции за набавка на современа опрема: фризерски столови, берберски сетови, технички алати, угостителска опрема, дигитални уреди и друго. Со ова, ќе ги модер-

низираме работилниците и ќе ги приближиме до реалните услови на пазарот, за младите да учат во средини што инспирираат, а не обесхрабруваат. Паралелно, ќе спроведеме кампања „Учи занает, гради иднина“ со стипендии, јавни промоции, практикантства и директна вклученост на локалните мајстори и бизниси. Ќе ги мотивираме младите да се запишуваат во занаетчиските училишта, не како алтернатива, туку како прв избор за стабилна, креативна и барана професија. Скопје ќе стане град што ги вреднува занаетите, ги поддржува младите и го враќа достоинството на работата што се прави со ум и со раце.

## ОБРАЗОВАНИЕ

### Визијата за образованието во Скопје до 2045

Визијата за образованието во Скопје до 2045 година е да се создаде отворен, инклузивен и современ образовен систем кој одговара на предизвиците на 21 век. Образованието треба да обезбеди еднаков пристап за сите ученици и студенти, независно од нивната социјална, етничка или економска позадина, да развива креативни, критички и аналитички вештини потребни за иднината.

Скопје треба да вложи во модернизација на наставните програми, дигитална трансформација на училиштата, подобрување на инфраструктурата и континуирана обука на наставниот кадар.
Посебен акцент ќе се стави на интеграција на вештачката интелигенција (AI) во наставата, како алатка за персонализирано учење, анализа на податоци и поттикнување на иновативно размислување.

Дополнително, образованието треба да развива модели на креативност и примена на креативни алатки, од дигиталната технологија и мултимедија до роботика и STEM/STEAM програми - кои ќе ја поттикнуваат креативната самодоверба на учениците.

До 2045 година, целта е да се изгради систем кој не само што подготвува за пазарот на труд, туку создава генерации способни за иновативно решавање проблеми, функционално изразување и одговорно граѓанство.

### Скопје - Град на науката

Проектот предвидува планирање, проектирање и реализација на Центар за изучување на природните науки, техниката и дигиталните технологии опремен со современи лаборатории и наменет за сите ученици на основните и средните училишта. Проектот ќе се развие според моделот на Фонда-

ција Голинели во Болоња во соработка со УКИМ и фондации.
https://www.fondazionegolinelli.it/

### Реконструкција и подобрување на училишната инфраструктура

Веднаш ќе спроведеме оцена на состојбата на сите 23 средни училишта под ингеренција на Град Скопје, како и на основните училишта во соработка со општините. Ќе идентификуваме брзи инфраструктурни поправки кои може да се направат за помалку од една година.

### Безбедни и уредни училишта

Воспоставувањето на дисциплина и безбедност е услов за успешно образование. Ќе ја зајакнеме соработката меѓу училиштата и МВР – Сектор Скопје, преку програма „Училиштен полицаец“ и редовно присуство на патролни служби околу училиштата за време на почетокот и крајот на наставата. Дополнително, ќе инвестираме во видео надзор и осветлување во дворовите на училиштата за зголемена безбедност. Секое средно училиште ќе добие поддршка да формира ученичка заедница која ќе соработува со раководството за решавање на проблеми како булинг (малтретирање), говор на омраза, врсничко насилство. Градот, ќе организира работилници за ученици и родители на тема превенција на насилство и злоупотреба на droги/алкохол, со ангажирање стручни лица (психолози, педагози, полиција). Целта е училиштата да бидат безбедни зони, а учениците да се чувствуваат заштитено и пријатно.

### Дигитализација на училиштата

Ќе обезбедиме брз и стабилен Wi-Fi интернет во сите училишни објекти, достапен за наставниците и учениците, што е предуслов за современа настава. Планираме да ја опремиме секоја училница со проектор или смарт уред, за да може наставата да се изведува интерактивно со современи презентации и мултимедија. Ќе поттикнеме и изработка на локални дигитални содржини, на пример, дигитална библиотека со учебни помагала и интерактивни квизови за средношколци од Скопје, во која наставниците ќе можат да споделуваат материјали. Ова ќе го реализираме во партнерство со факултетите за ИТ и педагошките факултети, ангажирајќи студенти (преку пракса) да помогнат во креирање на платформата.

### Модерна и стилизирана униформа за секој ученик

Ќе воведеме модерна, стилизирана и функционална униформа за секој ученик во средното образование, со цел да поттикнеме еднаквост, достоинство и чувство на припадност. Униформите ќе бидат дизајнирани во консултација со уче-

ници и наставници, прилагодени на сезоната и изработени од квалитетни, еколошки материјали, со можност за домашно производство. Со оваа мерка, ќе го намалиме социјалниот притисок, ќе создадеме позитивна училишна култура и ќе го унапредиме образовниот систем кон европски стандарди.

## Бесплатен спортски летен камп

Ќе организираме бесплатен спортски летен камп за ученици од средното образование, со цел да поттикнеме здрави навики, тимски дух и активен одмор. Кампот ќе понуди разновидни спортски активности, едукации и дружење во безбедна и инспиративна средина, под водство на професионални тренери и наставници. Со оваа мерка, ќе обезбедиме еднаков пристап до спорт и рекреација за сите деца, без оглед на социјалниот статус, ќе го зајакнеме нивниот физички и психолошки развој. Летниот камп ќе стане симбол на грижа, инклузивност и вложување во иднината на младите генерации.

## Бесплатно патување низ Европа за првенци на генерација

Ќе овозможиме бесплатно патување низ Европа за првенците на генерација од средните училишта, како признание за нивниот труд, успех и посветеност. Оваа иницијатива ќе ги награди најдобрите ученици со незаборавно образовно и културно искуство, преку посета на европски градови, институции и културни знаменитости. Патувањето ќе биде организирано со цел да ги поттикне младите да размислуваат глобално, да се инспирираат од европските вредности и да се мотивираат за понатамошен личен и академски развој. Првенците ќе станат амбасадори на знаењето, трудот и иднината што ја градиме заедно.

## Младински оброк

Во Скопје ќе воведеме нов модел на грижа за младите – „Младински оброк“. Секој средношколец ќе добие дневен субвенциониран оброк преку Skopje City GO картичка, достапен во партнерски ресторани низ градот. Градот ќе покрива дел од трошокот, а учениците ќе плаќаат само симболична сума. Оваа мерка ќе обезбеди здрава исхрана, ќе ги намали трошоците за семејствата и ќе ја поттикне локалната угостителска економија.

## Поттикнување на формирање на младински клубови во средни училишта и буџетирање

Во нашата визија за модерно и инспиративно образование, ќе го поттикнеме развојот на креативни секции во сите средни училишта во Скопје. Ќе обезбедиме простор и поддршка за младите да се изразат преку уметност,

музика, театар, дигитална креативност и иновации. Ќе формираме мрежа на училишни клубови со ментори, работилници и јавни настани, каде талентот ќе се слави, а идеите ќе се претвораат во дела. Веруваме дека креативноста не е луксуз, туку основа за самодоверба, критичко размислување и идни професионални успеси.

## ✓ Обезбедување бесплатни хигиенски производи за менструална и лична хигиена во училишните тоалети

Во согласност со европските најдобри практики за инклузивно и достоинствено образование, обезбедувањето пристап до основни хигиенски средства во училиштата се третира како суштински дел од грижата за ученикот. Оваа мерка не само што ја гарантира личната хигиена и здравствената заштита, туку активно придонесува за намалување на социјалната стигматизација, особено кај девојчињата, за редовно присуство на настава. Таа испраќа јасна порака дека образовниот систем е еднаков, грижлив и ориентиран кон благосостојбата на секое дете, создавајќи училишна средина во која достоинството и пристапноста се неприкосновени вредности.

## ✓ Гарантирана психолошка поддршка за ученици од надворешни стручни лица

Во согласност со европските стандарди за инклузивно и грижливо образование, обезбедувањето пристапна, редовна и професионална психолошка поддршка во училиштата е суштинска мерка за заштита на менталното здравје на учениците. Таа одговара на растечките предизвици поврзани со психолошко и физичко насилство, емоционална изолација и недостапност до приватна психолошка грижа, особено кај ранливите семејства. Воспоставувањето доверливи и стручни механизми за поддршка директно придонесува за превенција на анксиозност, депресија и напуштање на образованието, создавајќи безбедна и поддржувачка училишна средина во која секое дете има со кого да разговара и од кого да добие помош.

## ✓ План за справување со меѓуврсничко насилство

Ќе воспоставиме систем за превенција, рана детекција и брза интервенција при меѓуврсничко насилство во сите установи за деца и млади преку едукативни работилници, обука на кадар, анонимни канали за пријава и тимови за интервенција, ќе обезбедиме итна заштита, рехабилитација и следење. Целта е намалување на насилството, градење доверба и безбедна средина за секое дете.

### ✔ Формирање кариерни центри во училиштата достапни за учениците во текот на целата учебна година

Постои недоволна информираност кај средношколците за можностите за понатамошно образование, кариерен развој и лична надградба. Голем број ученици се соочуваат со неизвесност и дилеми околу изборот на факултет, професија или вештини кои би ги развивале. Недостигот на професионална поддршка води до донесување одлуки без доволно информации, што влијае на идниот развој на младите. Воспоставувањето кариерни центри во училиштата ќе обезбеди структуриран, достапен и континуиран процес на кариерно советување и поддршка, што е клучно за донесување информирани одлуки за иднината.

### ✔ Нов објект за средното училиште СУГС Браќа Миладиновци во Драчево

Со поддршка од Владата, ќе изградиме нов, современ објект за СУГС „Браќа Миладиновци“ во Драчево, целосно усогласен со европските стандарди за средно образование. Новото училиште ќе обезбеди безбедна, достапна и инспиративна средина за учење, со модерни училници, лаборатории, спортски капацитети и дигитална инфраструктура. Оваа инвестиција не само што ќе го реши долгогодишниот проблем со несоодветниот објект, туку ќе придонесе за подобрување на квалитетот на наставата, мотивацијата на учениците и вклученоста на родителите и наставниот кадар во образовниот процес. Скопје ќе покаже дека вложувањето во младите е вложување во иднината.

### ✔ Нов објект за Средно училиште на Град Скопје “КОЧО РАЦИН” во Ѓорче Петров

Со поддршка од Владата, ќе изградиме современ објект за СУГС „Кочо Рацин“ во Ѓорче Петров, Град Скопје ќе обезбеди квалитетна и безбедна образовна средина, целосно усогласена со европските стандарди за средно образование. Новото училиште ќе понуди модерни простории за настава, лаборатории, спортски капацитети и дигитална инфраструктура, со што ќе се подобри наставниот процес, мотивацијата на учениците и вклученоста на наставниот кадар. Оваа инвестиција е директна потврда дека вложувањето во образованието е приоритет, а Ѓорче Петров добива училиште што ќе биде гордост на заедницата и темел за идни генерации.

## Климатизација и фотоволтаици

Ќе обезбедиме поставување фотоволтаици, енергетски ефикасна климатизација и еколошки системи за загревање во сите средни училишта во Скопје.

Оваа инвестиција ќе ги намали трошоците за енергија, ќе го подобри комфорот за учениците и наставниците, ќе придонесе кон климатска одржливост.  Скопје ќе стане пример за зелено образование и одговорна јавна инфраструктура.

## Кампус 2.0 иновациски дистрикт - Смарт Скопје Центар

Создавање на зелен академски иновациски дистрикт во кампусот на УКИМ со комбинација на ФабЛаб, ко-креативни простори, Дигитални иновациски хабови и научно-технолошки парк поддржан од градот и задвижуван од достапноста на отворените податоци од дигиталниот близнак на Скопје.

## Стипендии за урбани технологии (Urban Tech Fellowship)

Проект за привлекување на млади високообразовани истражувачи и иноватори со доделување на 10 стипендии годишно за ко-креирање на open-source дигитални алатки и одржување на дигитални хакатони за дигитална трансформација на јавните услуги на градот.

## „Нула отпад“ хабови

Ќе иницираме Хабови за образование и промоција на рециклирањето, места за поправки (repair caffe), училишни компости и собирање на градежен шут.

## AI личен тутор за ученици

Ќе изработиме дигитален образовен асистент достапен преку компјутер или телефон кој одговара на прашања и објаснува лекции. Учениците можат да вежбаат, добијат совети за учење и подобро разбирање на материјалот. Ова ќе ја намали потребата од скапи приватни часови.

## AI-поддржани интерактивни училници (Pilot School AI Lab)

Во неколку училишта ќе воведеме пилот лаборатории со паметни табли, AI симулации и 3D модели. Учениците ќе имаат можност за интерактивно учење преку дигитални алатки и практични демонстрации. Ова ќе ја направи наставата поинтересна и прилагодена на новите генерации.

### Пречистувачи на воздух на сите средни училишта

Инсталирањето пречистувачи на воздух во сите 23 средни училишта во Скопје е директна инвестиција во здравјето и благосостојбата на младите генерации. Со овој проект, училиштата ќе добијат современи уреди за филтрирање на штетните честички, алергени и загадувачи, особено во зимскиот период кога аерозагадувањето е најинтензивно. Мерката е дел од поширока стратегија за здрава училишна средина, превенција на респираторни заболувања и подигнување на јавната свест за квалитетот на воздухот. Преку транспарентна набавка и редовна контрола, ќе се обезбеди долгорочна функционалност и доверба во институциите.

## Култура во образованието

### Планетариум во МКЦ - повторно активирање и модернизација

Планетариумот во рамки на Младинскиот културен центар претставува уникатен простор со голем едукативен и културен потенцијал, кој мора повторно да се стави во целосна функција. Стратегијата предвидува негово комплетно рестартирање и модернизација, со современа техничка опрема, интерактивни програми и мултимедијални содржини. Планетариумот ќе биде достапен за сите категории на граѓани: ученици, студенти, семејства, туристи и ќе се развие како центар за наука, култура и едукација, кој ја спојува астрономијата со уметноста, технологијата и креативните индустрии.

### Вклучување на уметноста и културата во основните и средните училишта

Проектот предвидува вклучување на уметноста и културата во основните и средните училишта преку локални примери, како и поттикнување и поддршка во отворање и заживување на постоечките секции за поттикнување на креативни вештини.

### Култура во училница

Проектот предвидува вклучување на уметници и културни работници во наставниот процес преку директна работа со ученици, со цел развој на креативност, критичко мислење и културна свест.

### ✓ Отворени училишни дворови за култура

Проектот предвидува користење на училишни дворови и спортски сали како јавни културни сцени по наставата, достапни за концерти, театарски претстави, изложби и проекции.

### ✓ Поддршка за млади автори

Проектот предвидува воспоставување стипендии за млади уметници, менторска поддршка, како и можност за јавни презентации на нивните дела.

### ✓ Градот како училница

Ќе организирање културни тури низ Чаршијата, Калето, Скупи и Аквадуктот, збогатени со драматуршки перформанси, интерактивни игри и мултимедијални апликации.

### ✓ Културен ваучер за млади

Проектот предвидува со Skopje City GO паметната картичка за средношколците бесплатни билети за театри, музеи, концерти и фестивали, како механизам за поттикнување младинска културна партиципација.

### ✓ STEAM програми (уметност и технологија)

Проектот предвидува отворање лаборатории за дигитална уметност, VR/AR искуства и мултимедија во културни хабови, со интеграција на науката, уметноста и технологијата.

### ✓ Година на младите автори

Проектот предвидува тематска година посветена на младата книжевна сцена, со јавни читања, поддршка за издаваштво и промоција на нови литературни имиња во национален и европски контекст

### ✓ Образовна интеграција

Проектот предвидува програми во средни и високи училишта за развој на вештини во storytelling, дизајн и кодирање преку видеоигри.








# СТОЛБ 7
# Јавна грижа и безбедност



# Здравствена заштита

## Превентивни прегледи на млади и возрасни

Во Скопје што се грижи, здравјето не започнува во болницата  туку дома, во училиштата, на работното место. Нашата визија е град каде превентивната медицина станува достапна, системска и бесплатна за сите. Ќе воведеме програма за редовни здравствени прегледи за младите и возрасните, инспирирана од најдобрите европски практики. Превенцијата не е трошок, туку инвестиција во здраво, продуктивно и достоинствено општество. Скопје ќе биде град што не чека болест туку ја спречува.

## Систематски прегледи на средношколците по највисоки стандарди

Град Скопје ќе воведе квалитетни систематски здравствени прегледи за сите средношколци, усогласени со највисоките ЕУ стандарди за превентивна грижа. Прегледите ќе опфаќаат физичко и ментално здравје, стоматолошка и нутриционистичка проценка, како и скрининг за хронични состојби и развојни нарушувања. Ќе се формираат мобилни здравствени тимови кои двапати годишно ќе ги посетуваат училиштата, а секој ученик ќе добие дигитална здравствена евиденција достапна за родителите и лекарите.

Програмата ќе биде спроведена во партнерство со локалните здравствени установи, училиштата и стручни асоцијации, со посебна грижа за ученици од социјално ранливи категории. Целта е да се создаде култура на здравствена одговорност, рана интервенција и еднаков пристап до здравствена заштита, со што Скопје ќе се позиционира како европски пример за интегрирана грижа во образовниот систем.

# Социјална заштита

## Скопје – град кој се грижи за сите

Градот Скопје има обврска да обезбеди системска, одржлива и праведна поддршка за граѓаните во социјален ризик. Програмата за социјална заштита е стратешки инструмент за подобрување на животниот стандард и целосна интеграција на ранливите групи преку мерки, активности и сервиси што овозможуваат рамноправно учество во општествениот живот.

Преку детално мапирање на социјалните проблеми, анализа на капацитетите и дефинирање на цели, Скопје ќе работи на:

- децентрализирано планирање со пристап „од долу нагоре“;
- засилена улога на локалните чинители во развојот на услуги што одговараат на реалните потреби.

**Целта е јасна:** да изградиме град кој се грижи за сите, каде лицата со попреченост, нивните семејства и старите лица добиваат ефикасна, достапна и интегрирана поддршка.

## ✓ Поддршка на здруженија за попреченост и креирање на 10 годишна стратегија за инклузија

Во согласност со Стратегијата на Европската комисија за правата на лицата со попреченост 2021–2030, Град Скопје треба да иницира системска поддршка на здруженијата кои работат со и за лица со попреченост, преку финансиска, институционална и програмска соработка. Овие здруженија се клучни актери во процесот на деинституционализација, промоција на независно живеење и обезбедување пристап до образование, култура, здравствени услуги и пазар на труд. Поддршката треба да се темели на принципите на недискриминација, еднакви можности и пристапност, со посебен фокус на интерсекциските предизвици кои ги засегаат младите, жените и лицата со комплексни потреби.

Паралелно, неопходно е да се развие 10-годишна стратегија за инклузија, која ќе ги интегрира младинските политики како алатка за активно учество на младите со и без попреченост во процесот на креирање и имплементација на инклузивни решенија. Стратегијата треба да се заснова на принципите на ко-креација, партиципативна демократија и дигитална трансформација, инспирирана од европските иницијативи како Accessible EU и Европската младинска стратегија. Вклучувањето на младите во дизајнот на инклузивни јавни простори, образовни програми и културни активности ќе придонесе кон изградба на праведно и отпорно општество, во кое различноста се препознава како вредност, а не како пречка.

## ✓ Поддршка на лица со попреченост

Обезбедување на целосна пристапност на институциите на Градот Скопје (рампи, лифтови, тактилни патеки, визуелна и звучна сигнализација). Воведување офицер за асистенција во Град Скопје, кој ќе им помага на лицата со попреченост при извршување административни постапки. Обезбедуваме дигитална достапност на Градскиот портал- секоја објава да содржи видео

со толкувач на знаковен јазик за лицата со оштетен слух. Обезбедуваме финансиска и стручна помош за семејствата кои се грижат за лица со попреченост и развивање програми за вработување и општествена интеграција.

### Заштита на социјално загрозените семејства и поединци

Предвидуваме заштита на социјално загрозените семејства и поединци, преку, директна финансиска поддршка и обезбедување на хуманитарни пакети, развој на програми за психосоцијална поддршка и советувалишта и вклучување во образовни и преквалификациски програми со цел поголема економска независност.

### Помош и ресоцијализација на бездомници

Преку отворање и зајакнување на прифатни центри со 24-часовна грижа, обезбедување на основни животни услови: храна, облека, медицинска помош и развивање програми за ресоцијализација и интеграција во заедницата, ќе обезбедиме помош и ресоцијализација на бездомници.

### Интерсекторска соработка и превентивни мерки

Соработка со невладиниот сектор, меѓународни организации и локални заедници со цел подигање на јавната свест за правата и потребите на ранливите категории и воведување иновативни решенија за социјална заштита преку дигитални алатки и програми за волонтаризам.

### Едукативен центар за дијабет и ретки болести

Отворање на специјализиран едукативен центар за лица со дијабет и ретки болести, организирање на обуки, работилници и советувалишта за правилна исхрана, здрави животни навики и управување со хронични состојби и обезбедување на психосоцијална поддршка за семејствата кои се грижат за лица со ретки болести.

Вмрежување со здравствени институции, здруженија на пациенти и меѓународни организации за размена на знаења и ресурси и креирање дигитална платформа со информации, упатства и видео-едукации за сите заинтересирани граѓани.

### Подобрување на квалитетот на животот на лицата во трета доба и пензионерите

Во насока на подобрување на квалитетот на животот на лицата во трета доба и пензионерите, преземаме сеопфатен пристап кој обезбедува достојна старост преку унапредување на мобилноста и пристапноста, суб-

венционирано бањско лекување, континуирана здравствена грижа и рехабилитација, подобрени услови за домување, како и активно учество во културни, едукативни и општествени активности. Овој проект има за цел да ја зајакне социјалната вклученост, физичкото и менталното здравје, чувството на припадност кај пензионерите, со почит кон нивниот придонес и право на достоинствен живот.

### ✓ 2500 денари за пензионерите со ниски примања во Градот Скопје

Со проектот се предвидува финансиска поддршка за пензионерите со најниски примања во Град Скопје. Врз основа на успешниот пример од Општина Кисела Вода, каде што се доделува еднократна помош за пензионери со примања под 22.640 денари, овој проект го проширува концептот на градско ниво.

Целта е да се обезбеди симболична, но значајна поддршка за пензионерите кои живеат со ограничени средства, со што се испраќа јасна порака дека Градот се грижи за своите највозрасни граѓани.

### ✓ Смарт сениор хабови

Пилот проект за домување опремено со дигитална инфраструктура, со универзален дизајн и IoT мониторинг како нов модел на домување на лица во третото животно доба и Urban Living Lab за истражување и дигитални иновации во доменот на домување и здравствена грижа.

## Заштита на животните

### ✓ Хуман третман за секое животно

Ќе го унапредиме третманот на кучиња скитници во Скопје преку воведување на најдобрите европски практики, со цел хуманост, одржливост и јавна безбедност. Ќе се применува моделот „залови–стерилизирај–вакцинирај–врати“, со масовна стерилизација и регистрација преку микрочипирање. Ќе се забрани еутаназија освен во строго регулирани медицински случаи, а контролата на размножување ќе биде дозволена само во регистрирани одгледувачници. Ќе се спроведуваат кампањи за вдомување и едукација, а сите прифатилишта ќе работат по унифицирана програма со транспарентни процедури и јавен надзор. Скопје ќе стане европски пример за одговорен и хуман третман на животните.

### ✓ Скопје без улични кучиња – безбеден град со хуман третман

Во периодот 2025–2029, Град Скопје ќе спроведе системска реформа на ЈП Лајка, со проширување на капацитетите и изградба на нов објект на безбедна локација, со цел спречување на кросконтаминација и воспоставување на биосигурносни стандарди. Ќе се обезбеди стабилно финансирање за целосна реализација на програмите за згрижување, стерилизација, вакцинација и враќање на животните, со цел да се намали бројот на улични кучиња и да се спречат напади врз граѓани. Ќе се активира мрежа на ветеринарни друштва и дисперзирани станици за масовна кастрација и вакцинација, со субвенции за сопственици. Целта е да се постигне 75% стерилизираност на уличната популација на секои 6 до 8 месеци, со доследно спроведување на програмата „Залови–стерилизирај–вакцинирај–врати“.

### ✓ Dog Quarter – нов урбан простор за миленици и нивните сопственици

Град Скопје ќе изгради мега кучешки комплекс – Dog Quarter – кој ќе вклучува парк за миленици, изложбени инсталации, содржини за целодневен престој и гробишта за миленици. Овој простор ќе биде симбол на новата култура на грижа, љубов и одговорност кон животните. Проектот ќе биде поддржан со јавна едукација, соработка со здруженија, ветеринари и волонтери, како и засилена информативна кампања за промоција на новите мерки и казни. Општините ќе добијат надлежност за спроведување на наредби за вдомување и чување миленици, а градот ќе иницира соработка со државните органи за носење на легислатива која ќе овозможи хуман третман и строга контрола на неодговорното сопственишто.

### ✓ Градски регистер на домашни миленици

ЈП „Лајка" ќе воспостави Градски Регистер на домашни миленици, согласно ЕУ стандарди за идентификација, следење и грижа за миленичиња, со цел да се обезбеди системска евиденција, подобра контрола и унапредена благосостојба. Иако постојат иницијативи и платформи, државата сè уште нема централизирана и официјална база и токму затоа Скопје ќе биде пионер во дигитална регистрација, со директни придобивки за јавната безбедност, ветеринарната заштита, справувањето со напуштени животни, олеснување на комуникацијата меѓу граѓаните и институциите.

### ✓ Европски модел за инспекција

Скопје ќе воспостави мобилна инспекциска група со законски овластувања, составена од претставници на инспекторатот, АХВ, полицијата и граѓански организации, која ќе врши континуирани контроли на нечипи-

рани и невакцинирани миленици. Ќе иницираме да се зголемат казните за напуштање легла и миленици, а контролата ќе биде поддржана со засилени инспекции и полициска логистика. Овој проект ќе се развива во согласност со европските практики за контрола, финансирање и одговорност, со цел да се обезбеди одржлив, праведен и ефикасен модел за справување со проблемот.

## ЗОО Скопје

### Подобрување на греење во сите живеалишта со цел заштеда на електрична енергија (топлински пумпи)

Ветуваме поставување топлински пумпи во ЗОО Скопје како дел од системска модернизација на греењето, со што ќе се обезбеди стабилна и еколошка термо регулација за животните, особено во зимски услови. Оваа инвестиција ќе овозможи заштеда од над 50% на постоечките сметки за електрична енергија, со очекувана исплатливост уште во првата грејна сезона. Придобивките се повеќеслојни: подобрени услови за животните, намалени трошоци за градот, придонес кон енергетска ефикасност и одржливост. ЗОО Скопје ќе стане пример за хуман и одговорен пристап кон јавните установи, со грижа за животната средина и рационално користење на ресурсите.

### Реновирање на живеалиште за слонови

Ветуваме целосно реновирање на објектот за слонот во ЗОО Скопје, со цел да се обезбедат услови согласно европските стандарди за благосостојба на големи копнени цицачи, подобрување на микроклимата, стабилноста на конструкцијата и функционалноста на просторот. Оваа интервенција ќе овозможи долгорочна заштита на животното, намалување на трошоците за одржување, подигнување на капацитетот на ЗОО Скопје за меѓународна соработка и едукативни програми.

### Реновирање на живеалиште за лавови

Ветуваме целосно реновирање и модернизирање на живеалиштето за лавовите во ЗОО Скопје, со поставување на енергетски ефикасен кров, целосна замена на заштитната ограда, воведување на гледање преку безбедносно стакло за подобрено искуство на посетителите. Живеалиштето ќе биде дополнително хортикултурно уредено, со интегриран систем за полевање, со што ќе се обезбедат услови согласно европски стандарди за

благосостојба, намалени трошоци за одржување, подигнато ниво на безбедност, естетика и функционалност.

## Реновирање на живеалиште за шимпанзата

Ветуваме целосно реновирање и активирање на живеалиштето за шимпанзата во ЗОО Скопје, преку замена на талпи на надворешните платформи, поставување на нови заштитни мрежи и монтирање на заштитна струја на стаклата, со цел безбедно отворање на патеката и зимскиот дел за посетители. Оваа интервенција ќе овозможи целосно функционално и достапно живеалиште, подобрено искуство за посетителите во текот на целата година, усогласување со европските стандарди за безбедност и благосостојба на примати.

## Реновирање на живеалиште за волци

Ветуваме целосно реновирање и оплеменување на живеалиштето за волците во ЗОО Скопје, преку поставување на нова подлога, изградба на заштитно бетонско цокле околу целата ограда, воведување на видно поле преку безбедносно стакло за посетителите. Живеалиштето ќе биде дополнително збогатено со вештачки карпи и декоративни фонтани, со што ќе се подобрат условите за животните, ќе се зголеми визуелната атрактивност и ќе се намалат трошоците за одржување преку трајни и енергетски ефикасни решенија.

## Доградба и реновирање на живеалиште за жирафа

Ветуваме доградба и целосно реновирање на живеалиштето за жирафата во ЗОО Скопје, со модернизација и активирање на системот за греење и вентилација, со цел да се обезбедат хумани, безбедни и климатски стабилни услови за постоечката и новата жирафа, да се овозможи посетливост во зимскиот период, да се намалат трошоците преку енергетска ефикасност, да се подигне угледот на ЗОО Скопје како современа, едукативна и европски усогласена институција.

## Реновирање и проширување на живеалиште за мечки

Ветуваме целосно реновирање и оплеменување на живеалиштето за мечките во ЗОО Скопје, преку спојување на две постоечки живеалишта во едно функционално и просторно решение, согласно стандардите на ЕАЗА (Европска асоцијација на зоолошки градини и аквариуми). Со оваа интервенција ќе се обезбедат услови за долгорочна адаптација, здравствена стабилност и меѓународна размена на животни, ќе се подобри зимската посетливост, ќе се

подигне угледот на ЗОО Скопје како европски усогласена, хумана и едукативна институција.

### Мултифункционална платформа за набљудување на животни

Ветуваме изградба на мултифункционална платформа за набљудување на животни во ЗОО Скопје, со реновирање на постоечките тоалети и изградба на дополнителна платформа на вториот спрат, под која ќе бидат сместени нови санитарни јазли за мажи, жени и лица со попреченост. Оваа интервенција ќе овозможи подобрен пристап и искуство за посетителите, зголемена видливост и интеракција со животните, усогласување со стандардите за пристапност, хигиена и функционалност во јавни установи.

### Видео надзор

Ветуваме поставување на современ видео надзор со 100 IP камери во ЗОО Скопје, заедно со имплементирање на специјализиран софтвер и мониторинг центар, со цел 24/7 заштита на објектите, следење на здравјето и безбедноста на животните, превенција од инциденти и неовластен пристап. Оваа инвестиција ќе овозможи дигитална трансформација на ЗОО Скопје во сигурна, транспарентна и технолошки напредна институција, со директни придобивки за управувањето, благосостојбата и јавната доверба.

### Изградба на сенарник (објект за складиштење на сено), силоси за зрнеста храна

Ветуваме изградба на сенарник и силоси за зрнеста храна во ЗОО Скопје, со цел да се исполнат стандардите за хигиенско и безбедно складирање на храна за животните (согласно АХВ), истовремено да се постигне намалување на трошоците за набавка и складирање до 30%. Новиот објект, со димензии 20 × 8,8 метри, ќе овозможи рационално управување со ресурсите, стабилна достапност на храна во текот на целата година, значително намалување на зависноста од надворешни добавувачи.

### Поправка на кровови

Ветуваме целосна поправка и препокривање на крововите во живеалиштата на ЗОО Скопје, со поставување на каратаван и пластифициран лим согласно ЕУ стандарди за заштита и благосостојба на животни. Оваа интервенција ќе овозможи елиминирање на протекувањата, подобрување на микроклимата во живеалиштата, намалување на трошоците за одржување и санација, со директен придонес кон хумани услови и долгорочна функционалност на објектите.

### Бушотина за вода и машинска станица

Ветуваме изведба на бушотина за вода и машинска станица во ЗОО Скопје, со цел да се обезбеди бунарска вода за полевање и полнење на базенот кај морскиот лав, што ќе овозможи значителна заштеда на трошоците за вода, стабилна и еколошки одржлива водоснабденост, намалување на зависноста од градската мрежа. Оваа инвестиција е дел од нашата заложба за рационално управување со ресурси, подобрување на условите за животните и ефикасно одржување на зелените површини.

### Подобрување на систем за наплата на билети

Ветуваме модернизација на системот за наплата на билети во ЗОО Скопје преку Skopje City GO, понатаму поставуваме на триподен систем за автоматски влез од страната на Градски Парк (Дино Парк) и воведување на картомати за самостојно купување билети. Со оваа дигитална трансформација ќе се постигне значителна заштеда на човечки ресурси и оперативни трошоци, ќе се намалат редиците за чекање, ќе се овозможи брз, ефикасен и транспарентен пристап за посетителите, во согласност со европските стандарди за јавни установи.

### Центар за хипорехабилитација

Ветуваме воспоставување на Центар за хипорехабилитација во рамки на ЗОО Скопје, преку адаптација и активирање на просторот на Градскиот пајтон, со цел да се овозможи терапевтско јавање за деца со аутизам, церебрална парализа, како и рекреативно јавање за сите посетители. Овој центар ќе претставува хуман, инклузивен и едукативен придонес кон јавното здравје и благосостојба, со директна корист за семејствата, терапевтите и локалната заедница, а истовремено ќе го збогати карактерот на ЗОО Скопје како социјално одговорна и европски усогласена институција.

## Заштита и спасување

### Скопје - Подготвен, безбеден и отпорен град

За да го унапредиме управувањето со ризици и безбедноста во Скопје, предвидуваме ревизија на Планот за заштита и спасување, целосно усогласен со националната методологија за процена на ризици и интервенции. Ќе се ажурира проценката и мапирањето на загрозеноста на градот, со фокус на природни катастрофи, технолошки хаварии и градење капацитети за превенција. Дополнително, ќе се унапреди Надворешниот план за заштита од

хаварии со опасни супстанци, со цел подобра подготвеност за справување со хемиски и технолошки несреќи. Применувајќи добри европски практики, ќе изградиме систем кој е превентивен, брз во реакција и транспарентен, со јасни протоколи и координација меѓу институциите. Скопје ќе стане град со зголемена отпорност, сигурност и доверба во јавните служби.

### ✓ Нова противпожарна станица во Кисела Вода

Во Кисела Вода ќе изградиме нова, модерна противпожарна станица, објект усогласен со европските стандарди за безбедност, енергетска ефикасност и брза интервенција. Со современа опрема, дигитална координација и обучен кадар, оваа станица ќе обезбеди институционална подготвеност за справување со пожари и кризни ситуации, гарантирајќи заштита на животите, имотот и урбаната стабилност на целата општина.

### ✓ Нова противпожарна станица во Бутел

Ќе изградиме нов современ објект за противпожарна станица во Општина Бутел, инвестиција што директно значи заштита, брза реакција и спасување животи. Со оваа станица, Бутел конечно добива институционална подготвеност за справување со пожари, поплави и други кризни ситуации, со обучен кадар, модерна опрема и стратешка локација.

### ✓ Модернизација на Противпожарната единица на Скопје

Ветуваме целосна модернизација на Противпожарната единица на Скопје преку набавка на нова, современа опрема и возила за брза и ефикасна интервенција, како и инвестирање во специјализирана техника за гаснење шумски пожари и пожари на тешко достапен терен. Со ова ќе обезбедиме поголема безбедност за граѓаните, побрза реакција во кризни ситуации, заштита на животната средина и намалување на ризикот од катастрофални последици. Оваа мерка е дел од нашата поширока заложба за отпорен, безбеден и добро опремен град, во кој јавните служби се подготвени да одговорат на предизвиците на новото време.

### ✓ Зголемување на човечкиот капацитет

Ветуваме зголемување на човечкиот капацитет на Противпожарната служба на Скопје преку нови вработувања со фокус на подмладување на кадарот и континуирани обуки и симулации за интервенции при пожари, земјотреси и други катастрофи. Со ова ќе обезбедиме подготвена, мотивирана и технички обучена служба, способна за брза реакција и заштита на животите и имотот на граѓаните. Мерката ќе придонесе за стабилна инсти-

туционална отпорност, подобра координација во кризни ситуации и долгорочна професионализација на службата. Дополнително, ќе се отворат нови работни места и ќе се поттикне интерес кај младите за јавна служба и безбедност.

## ✓ Инфраструктура и превенција

Ветуваме системска инвестиција во инфраструктура и превенција од пожари преку инсталација на камери и сензори за рано откривање на ризични локации, мапирање на подрачја со висок ризик и изработка на акциски планови за брза интервенција. Дополнително, ќе се одржуваат и прошируваат пристапните патишта до шумски и приградски региони, со цел да се овозможи навремено и безбедно делување на службите. Со овие мерки ќе се намали ризикот од катастрофални пожари, ќе се заштити животната средина и ќе се зголеми безбедноста на граѓаните и имотот. Ова е чекор кон отпорен, проактивен и добро организиран град, каде превенцијата е подеднакво важна како и интервенцијата.

## ✓ Јавна едукација и вклученост на граѓаните

Ветуваме активна јавна едукација и вклученост на граѓаните во превенцијата од пожари преку информативни кампањи, обуки и локални програми за волонтирање, набљудување и навремено известување за ризични ситуации. Со ова ќе изградиме свесна, подготвена и солидарна заедница, каде секој граѓанин има улога во заштитата на животната средина и јавната безбедност. Мерката ќе придонесе за намалување на ризикот од пожари, побрза реакција на службите и зголемена доверба меѓу институциите и граѓаните. Скопје ќе стане град во кој превенцијата е заедничка одговорност, а безбедноста  заеднички успех.

## ✓ Меѓуопштинска и регионална соработка

Ветуваме воспоставување на силна меѓуопштинска и регионална соработка за заштита од пожари преку размена на ресурси, искуства и обучен кадар меѓу општините во Скопскиот регион. Ќе развиеме механизми за координирана интервенција при големи пожари, со заеднички акциски планови, комуникациски протоколи и мобилни тимови. Ова ќе овозможи побрза реакција, поголема ефикасност и рационално користење на опремата и човечките ресурси. Придобивките вклучуваат зголемена безбедност за граѓаните, подобра заштита на природата и инфраструктурата, како и градење на солидарност и доверба меѓу општините. Скопје ќе стане пример за регионална отпорност и заедничко делување во кризни ситуации.

### Заштита на Водно и другите зелени површини

Ветуваме системска и долгорочна заштита на Водно и другите зелени површини преку поставување водени резервоари на шумски и тешко достапни предели, како и воведување строга забрана и ригорозни казни за палење оган на отворено без дозвола. Дополнително, ќе предложиме до Владата посебен закон за заштита на Водно, со цел да се регулира неговото управување, одржување и заштита како природно и културно богатство од национален интерес. Овој закон ќе овозможи јасни надлежности, контрола на активности, приоритетно финансирање за превенција и санација. Придобивките вклучуваат зачувување на биодиверзитетот, намалување на ризикот од пожари, одржување на рекреативната функција на Водно и јакнење на еколошката свест кај граѓаните. Скопје ќе добие правна и институционална рамка за трајна заштита на своето зелено срце.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ

## АДМИНИСТРАЦИЈА

### Деполитизирана, ефикасна и отчетна администрација

Нашата визија е да создадеме градска администрација која работи исклучиво во интерес на граѓаните. Ќе ја прекинеме праксата на партиски вработувања, заменувајќи ја со транспарентен систем кој ги наградува стручноста, искуството и интегритетот. Професионални кадри ќе ја преземат одговорноста во јавните служби, избрани преку објективни конкурси и засновани врз принципите на Мерит-системот.

Со целосна дигитализација на административните услуги, ќе овозможиме непречен и брз пристап до документи, пријави и дозволи достапни онлајн во секое време, без чекање, без непотребни посредници. Транспарентноста ќе биде стандард: буџетската потрошувачка ќе биде јавно достапна, а службите ќе бидат редовно евалуирани според јасно дефинирани перформанси.

Ова е администрација без партиски притисоци, со фер и брзи услуги, одговорна за секој јавен денар, посветена да работи само во интерес на граѓаните.

### Градски канцеларии - Градот поблиску до Граѓаните

Во Скопје ќе отвориме подрачни канцеларии во сите 10 општини, со цел да ја приближиме градската администрација до граѓаните. Наместо да пату-

ваат до центарот за секоја услуга, граѓаните ќе можат локално да ги решаваат своите обврски поврзани со даноци, такси, урбанизам, градење, јавни претпријатија и установи. Овие канцеларии ќе бидат дигитално поврзани со централниот систем, со обучен кадар и јасни процедури, за да обезбедат брза, фер и транспарентна услуга.

Ова е модел на децентрализација кој не само што ја олеснува секојдневната комуникација меѓу граѓаните и градот, туку и ја зголемува отчетноста на институциите. Ќе изградиме функционална мрежа на локални пунктови каде што секој граѓанин ќе може да добие информација, услуга или поддршка без бирократија, без чекање, без партиски влијанија. Скопје ќе стане град на достапна администрација, со лице кон граѓаните.

### ✓ Фонд и програма за стручно екипирање

Недостигот на инженери, инспектори и други профили е реален проблем. Воведуваме Фонд за кадровско зајакнување: стажирања, платени обуки и сертификации, партнерства со факултети, менторства во проекти и современи алатки за работа. Цел: побрзи одлуки, поквалитетни тендери и подобар надзор.

### ✓ Јакнење на инспекциските служби (урбанизам, приходи, животна средина)

Е-систем за предмети, гео-означени контроли, јасни рокови и јавен „индикатор-борд" за резултати (пр. колку дивоградби спречени/санкционирани, колку загадувачи откриени, колку неплатени обврски наплатени). Инспекциите ќе бидат видливи и мерливи.

### ✓ Центар за ЕУ Интеграции

Проектот „Центар за ЕУ Интеграции" има за цел да воспостави институционален механизам за координација, поддршка и унапредување на сите проекти од надлежност на Градот Скопје кои се финансираат од Европската Унија, IPA програмите и други меѓународни и донаторски фондови. Центарот ќе функционира како оперативна точка за стратешко планирање и усогласување на градските иницијативи со европските приоритети, како и за координација на апликации, имплементација и извештаи. Ќе обезбедува поддршка за невладини организации, јавни институции и локални иницијативи при аплицирање за фондови, вклучувајќи обука, консултации и техничка помош. Центарот ќе промовира европски вредности, стандарди и практики во локалното управување, со цел да ја зајакне капацитетноста, транспарентноста и европската ориентација на Скопје. Ќе биде отворен,

достапен и функционален со професионален кадар и дигитална платформа за информации, повици и поддршка. Со ова, Скопје ќе ги зголеми средствата од ЕУ и ќе ја засили својата улога како модерен, европски град.

### ✓ Децентрализирано кофинансирање на граѓански организации кои аплицираат за ЕУ фондови

Град Скопје ќе воспостави механизам за децентрализирано кофинансирање на граѓански организации кои аплицираат за ЕУ фондови, со цел да се олесни пристапот до европски средства и да се засили локалната иницијатива. Преку јавни повици, пред финансирање и техничка поддршка, ќе им овозможиме на здруженијата да ги реализираат своите идеи без финансиски бариери. Ќе се формира посебен фонд и канцеларија за поддршка, инспирирани од успешни европски модели како регионалните ЕУ канцеларии во Белгија и платформите за партнерства во Финска.
Овој пристап ќе ја зајакне улогата на граѓанскиот сектор во урбаниот развој, европската интеграција и демократизацијата на локалните политики. Градот ќе стане активен партнер, а не само администратор, во процесот на аплицирање и имплементација на европски проекти. Со отворени врати за соработка, транспарентност и стратешка поддршка, Скопје ќе се позиционира како град кој ги охрабрува идеите, ги поддржува визионерите и ги поврзува локалните вредности со европските перспективи.

### ✓ Едукативни центри и хабови во сите општини во град Скопје

Согласно најдобрите европски практики, Град Скопје ќе иницира воспоставување на едукативни центри и иновациски хабови во сите општини, со цел да се обезбеди рамноправен пристап до современи образовни ресурси, дигитална писменост и креативен развој. Овие центри ќе функционираат како мултифункционални простори за неформално учење, менторство, технолошка едукација и граѓанска инклузија, инспирирани од моделот на European Digital Education Hub и неговите активности за трансформација на образованието преку дизајн-тинкинг, ко-креација и интерсекторска соработка.

Преку овие локални хабови, ќе се надмине фрагментацијата во пристапот до дигитално образование, ќе се поттикне иновацијата и ќе се создаде мрежа на знаење која ги поврзува ученици, наставници, НВО, стартапи и културни институции. Градот ќе обезбеди институционална и финансиска поддршка, со фокус на одржливост, инклузивност и европска интеграција. Овие центри ќе бидат катализатори за развој на човечки капитал, дигитална трансформација и локална конкурентност,

позиционирајќи го Скопје како регионален пример за паметно и отворено општество.

### Волонтерство подржано од Градот

Во согласност со европските стандарди за активно граѓанство и демократско учество, Град Скопје ќе воспостави структуриран систем за поддршка на волонтерството, заснован на принципите од Европската повелба за права и одговорности на волонтерите и препораките од Европската комисија за мобилност и учество на младите. Волонтерството треба да се третира како суштински дел од јавните политики, преку креирање на локални волонтерски сервиси, дигитални платформи за поврзување на волонтери и организации, како и програми за интергенерациска соработка, социјална инклузија и развој на граѓански компетенции. Инвестицијата во волонтерството е инвестиција во социјалната кохезија, економскиот развој и градењето на доверба меѓу граѓаните и институциите.

### Комунална полиција

По усвојување на Законот а во согласност со европските стандарди за урбана безбедност, јавен ред и еколошка одговорност, Скопје ќе формира Комунална полиција, општинско тело со јасна надлежност за заштита на јавната сопственост и санкционирање на прекршувања што го нарушуваат квалитетот на урбаниот живот. Таа ќе постапува против погрешно паркирање, нелегално отстранување отпад, влегување во забранети зони и уништување на јавни добра, користејќи системи за надзор и транспарентни механизми за казнување. Казните ќе се пресметуваат според реалната штета и нето приходот на прекршителот, по примерот на финскиот модел, со можност за парична или работна компензација. Овој пристап обезбедува правична, ефикасна и одржлива заштита на јавниот интерес, во духот на европските практики за локална отчетност и урбана дисциплина.

### Соработка со Збратимени градови

Во согласност со европските практики за меѓуградска соработка и прекугранична солидарност, Скопје ќе го унапреди збратимувањето со партнерски градови како активна платформа за размена на знаење, искуства и добри практики. Потпишувањето на меморандум не е крај, туку почеток на продлабочен билатерален дијалог во области како урбано планирање, јавниот превоз, култура, образование, дигитализација и животна средина. Збратимените градови ќе бидат партнери во аплицирање

за ЕУ фондови, заеднички проекти и учество во европски мрежи, со цел да се обезбеди техничка и институционална поддршка во моменти на потреба, но и да се гради долгорочна европска перспектива за Скопје.

## ЈАВНИ ФИНАНСИИ

### ✓ Градски економско -фискален совет

Градскиот економско-фискален совет претставува независно и стручно советодавно тело формирано во согласност со европските најдобри практики за фискална транспарентност и одговорно управување. Неговата основна улога е да го следи, оценува и советува процесот на креирање и спроведување на фискалната политика на Град Скопје, обезбедувајќи системска поддршка за буџетска дисциплина, одржливо управување со јавните средства и навремено идентификување на фискални ризици. Советот делува како мост меѓу институциите и јавноста, промовирајќи активно граѓанско учество во буџетскиот процес, преку јавни консултации, достапни анализи и препораки засновани на податоци. Со тоа, се зајакнува легитимноста на фискалните одлуки, се подобрува долгорочната финансиска стабилност на градот и се создава основа за транспарентно и отчетно управување, во духот на европските принципи на добро владеење.

### ✓ Силна 10-годишна програма за капитални инвестиции

Ќе воспоставиме „цевковод“ на капитални проекти за 10 години – со јасна селекција, бодирање и редослед. Приоритет добиваат проекти што: (а) решаваат горливи проблеми (сообраќај, вода, отпад), (б) се одржливи и (в) имаат најголем социјален и економски ефект. Нема проект без план за одржување и оперативни трошоци. Нема проект кој нема да биде вистински приоритет на граѓаните и кој не е утврден согласно сите стандарди – ова ќе овозможи долгорочен развој, инфраструктура на градот која ќе биде финансиски одржливи и отпорна на политичките циклуси.

### ✓ Нови локални извори на приходи – без нови даноци, со подобри услуги

Ќе создадеме приходи преку подобрување и проширување на јавните услуги, проширување на даночната база преку репроценка на недвижностите во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности и Централниот регистер и наплата на секој денар за услугите и добрата кои ги обезбедува Градот. Секој дополнителен денар ќе оди назад во подобру-

вање на услугите за нашите граѓани – транспарентно и мерливо. Секој проект во Скопје-улица, булевар, училиште, спортски објект, зелена површина е финансиран токму од вашите пари, од даноците и комуналните такси што ги плаќате вие- граѓаните и фирмите.

### Среднорочна буџетска рамка (5-годишна)

Го врзуваме буџетот со стратешките цели: секој поголем проект ќе има трошоци и извори на финансирање проектирани за најмалку 5 години, за да нема импровизации и ребаланси без причина. Рамката ќе се обновува секоја година, со јасни приоритети и ризици.

### Транспарентен буџет на Скопје – „буџет на дланка“

Покренуваме јавна веб-платформа со визуелни извештаи: од каде доаѓа секој приход и каде оди секој расход во Градот Скопје. Месечни ажурирања, отворени податоци за сите (вклучително и јавните претпријатија). Ќе објавуваме и „Граѓански буџет“ – едноставно објаснети бројки, разбирливи за секого. Граѓаните мора да знаат зошто плаќаат и каде одат нивните пари.

### Градско-општински оперативен совет: Систем за заедничко спроведување со општините

Формираме Градско-општински оперативен совет (претставници од сите скопски општини). Заедно планираме и спроведуваме проекти што допираат до повеќе општини – улици, мрежи, зелени коридори. Заеднички планираме со општините, заеднички ги решаваме нивните предизвици и секоја општини добива финансии и економска поддршка од Градот, најмалку колку што придонесува во градскиот буџет.

### Внатрешна ревизија и јавна отчетност

Внатрешната ревизија ќе работи по дефиниран годишен ризик-план, а резиме-извештаите ќе бидат јавно достапни. Ќе воведеме „матрица на следење на препораки“ – граѓаните ќе гледаат што точно е исправено и во кој рок. Сакаме нашите граѓани да имаат доверба во градските институции.

### Силен систем за интегритет и борба против корупција

Кодекс на интегритет за раководни лица, регистар на интереси/средби, јавни тендер-досиеја (кратки „картички“ со цена, критериуми и рокови),

безбедна линија за пријави и заштита на укажувачите. Ќе правиме проактивни контроли пред ризични постапки – не само пост-фестум. Нашата цел е главен град без корупција  - со јасни механизми и систем за отпорност.

### „Вредност за пари“ за секоја голема инвестиција

Секој денар од буџетот ќе биде вложен внимателно и одговорно – со систем за „вредност за пари“. Тоа значи дека пред секоја голема инвестиција ќе има јасна проценка: колку чини проектот, каква корист носи за граѓаните и дали постои подобра алтернатива. Ќе воведеме јавни „картички за вредност“ за секој капитален проект – на едно место ќе се гледаат трошоците, роковите, ефектите врз сообраќајот, воздухот, безбедноста и квалитетот на живот. Така граѓаните однапред ќе знаат што добива градот за парите што ги вложува, а ќе се спречат промашени и скапи проекти. Нашата цел е едноставна – повеќе резултати за истите пари, со поголема транспарентност и доверба.

# Проекти низ бројки

| | |
|---|---|
| **СТОЛБ 1. Визија за Скопје 25/45** | **13** |
| • Урбанизам | 13 |
| **СТОЛБ 2. Здрава животна средина и биодиверзитет** | **63** |
| • Воздух | 22 |
| • Отпад | 14 |
| • Паркови | 10 |
| • Дрисла | 9 |
| • Реки | 8 |
| **СТОЛБ 3. Комунална Обнова на Скопје** | **93** |
| • Патна инфраструктура | 40 |
| • Јавни објекти | 15 |
| • Јавен превоз | 13 |
| • Водовод | 10 |
| • Велосипедизам | 9 |
| • Атмосферска и фекална канализација | 6 |
| **СТОЛБ 4. Скопје - град на слоеви, град на култура** | **59** |
| • Култура | 59 |
| **СТОЛБ 5. Дигитална трансформација на Скопје** | **17** |
| • Дигитализација | 17 |
| **СТОЛБ 6. Скопје Град на Младите и науката** | **42** |
| • Образование | 33 |
| • Млади | 9 |
| **СТОЛБ 7. Јавна грижа и безбедност** | **40** |
| • ЗОО Скопје | 14 |
| • Социјална заштита | 10 |
| • Заштита и спасување | 9 |
| • Заштита на животните | 5 |
| • Здравствена заштита | 2 |
| • Финансирање на проектите | 19 |
| • Администрација | 10 |
| • Јавни финансии | 9 |
| **СЕ ВКУПНО** | **346** |

| Назив на Проект | Општина | Градска / Општинска | Вкупна должина | Просечна ширина | Вкупно м2 |
|---|---|---|---|---|---|
| Булевар "ФЕВРУАРСКИ ПОХОД" со нов мост преку Вардар | Гази Баба | Градска | 8.083 | 25 | 202.073 |
| Булевар "АСНОМ" - Доградба | Аеродром, Гази Баба | Градска | 7.166 | 45 | 325.775 |
| Булевар АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Трета лента | Аеродром, Гази Баба | Градска | 1.200 | 6 | 7.200 |
| Булевар Борис Кидрич<br>Булевар БОРИС КИДРИЧ - Прва фаза | Аеродром<br>Аеродром | Градска<br>Градска | 955<br>955 | 25<br>25 | 23.866<br>23.866 |
| Булевар БОРИС ТРАЈКОВСКИ - Доградба | Кисела Вода | Градска | 2.497 | 20 | 49.940 |
| Булевар ЉУБЉАНСКА - Доградба | Карпош | Градска | 2.704 | 20 | 54.078 |
| Булевар МАКЕДОНИЈА -Прва фаза | Центар | Градска | 22.351 | 45 | 1.006.969 |
| Булевар ХРВАТСКА - Прва фаза | Гази Баба | Градска | 3.157 | 30 | 94.710 |
| Булевар ЦВЕТАН ДИМОВ - Трета лента | Чаир | Градска | 1.100 | 36 | 39.594 |
| Клучка МОМИН ПОТОК со поврзување со Булевар Словенечка - Доградба | Карпош | Градска | 2.419 | 45 | 108.028 |
| **Вкупно** | | | 52.585,86 | | 1.936.099 |

| Назив на Проект | Општина | Градска / Општинска | Вкупна должина | Просечна ширина | Вкупно м2 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улица 101 Волково** | Ѓорче Петров | Градска | **2.850** | **20** | **56.999** |
| **Улица Бутелска** | Бутел | Градска | **4.585** | **21** | **93.984** |
| **Улица Веле Марков** | Ѓорче Петров | Градска | **1.258** | **20** | **25.155** |
| **Улица Даме Груев** | Центар | Градска | **729** | **38** | **27.338** |
| **Улица Technical Дими Хаџи Димов** | Кисела Вода | Градска | **829** | **15** | **12.435** |
| **Улица Есенинова** | Кисела Вода | Градска | **945** | **18** | **17.005** |
| **Улица Загребска** | Центар | Општинска | **900** | **18** | **16.200** |
| **Улица Лука Геров** | Ѓорче Петров | Градска | **2.394** | **20** | **47.888** |
| **Улица Народни Хергои** | Кисела Вода | Градска | **1.420** | **20** | **28.393** |
| **Улица Новопроектирана - Хиподром -Илинден** | Гази Баба | Градска | **1.500** | **18** | **27.000** |
| **Улица Новопроектирана поврзување на Бутелска со ХТК** | Бутел | Градска | **474** | **18** | **8.532** |
| **Улица Перо Наков** | Гази Баба | Општинска | **3.773** | **25** | **94.327** |
| **Улица Пролетна офанзива со Клучка ХИПОДРОМ - Прва фаза** | Кисела Вода, Аеродром, Гази баба | Градска | **7.648** | **25** | **191.211** |
| **Улица Стар Качанички пат** | Бутел | Општинска | **3.700** | **18** | **66.600** |
| **Улица Шарпланинска** | Ѓорче Петров | Градска | **1.974** | **25** | **49.350** |
| **Вкупно** | | | **34.978,59** | | **762.416** |

| Тип на Објект | Општина |
|---|---|
| Катна гаража БУЊАКОВЕЦ | Центар |
| Монтажна катна гаража ЧАИРЧАНКА | Чаир |
| Монтажни паркинзи, НОВО ЛИСИЧЕ, ЈАНЕ САНДАНСКИ, МИЧУРИН | Аеродром |
| Монтажни паркинзи во Капиштец и Под кале | Центар |
| Монтажни паркинзи кај трите убавици и Лептокарија | Карпош |
| Монтажен паркинг кај Матка | Сарај |
| Изнаоѓање на техничко Решение за ВЛЕЗ НА БАРДОВЦИ – Кружен тек | Карпош |
| Булевар “МАКЕДОНСКА ВОЈСКА“- Кружен Тек | Ѓорче Петров |
| Кружен тек на улица Бутелска со Александар Урдаревски | Бутел |
| Двоен Кружен тек кај Тобако 2 | Аеродром |
| Катна Гаража ПРОЛЕТ | Кисела Вода |

## Обврски на Град Скопје (2021 - 2024)

Извор: Министерство за финансии



За нашето
Скопје

ОРЦЕ
ЃОРЃИЕВСКИ



ВМРО-ДПМНЕ